11) **„Постојан престој“** е престој кој му се одобрува на странец кој најмалку пет години пред поднесувањето на барањето за одобрување постојан престој непрекинато престојувал на територијата на Република Македонија врз основа на одобрен привремен престој, доколку со овој закон поинаку не е определено;

12) **„Валидна патна исправа“** е патна исправа чиј рок на важност не е поминат и која не е лажна, преправена или фалсификувана;

13) **„Виза“** е дозвола за влез и краткорочен престој или транзит на странец што ја издава надлежен орган на Република Македонија;

14) **„Визен режим на Република Македонија“** е листа на држави чии државјани задолжително треба да поседуваат виза кога ја преминуваат границата на Република Македонија и на оние држави чии државјани се изземени од таа обврска;

15) **„Член на екипаж на воздухоплов**“ е лице кое поседува пилотска дозвола или сертификат, односно потврда за член на екипажот согласно со Анекс 9 од Конвенцијата за Цивилна воздушна пловидба од 7.12.1944 година;

---

* Регулатива (ЕЗ) број 399/2016 од Европскиот Парламент и на Советот од 9 март 2016 за воспоставување на Законик на Заедницата за правилата кои го уредуваат начинот на движењето на лица преку границите (Шенгенски граничен кодекс), OJ L 77, 23.3.2016, p. 1 CELEX број 32016R0399; Директива на Советот 2001/51/ЕЗ од 28 јуни 2001 година за дополнување на одредбите од член 26 од Конвенцијата за спроведување на Договорот од Шенген од 14 јуни 1985 година CELEX број: 32001L0051; Регулатива (ЕЗ) бр.810/2009 на Европскиот Парламент и на Советот од 13 јули 2009 година за воспоставување на Кодекс за визи на Заедницата (Кодекс за визи), OJ L 243, 15.9.2009 p.1 CELEX број 32009R0810; РЕГУЛАТИВА НА СОВЕТОТ (ЕЗ) бр. 333/2002 од 18 февруари 2002 година за унифициран формат на обрасци за ставање виза, издадени од страна на земји-членки, на лица носители на патни исправи кои не се признаени од страна на земјата-членка која го изработува образецот, Official Journal L 053, 23/02/2002 P. 0004 – 0006 CELEX број 32002R0333; Директива 2003/109/ЕЗ на Советот од 25 ноември 2003 за статусот на државјани на трети земји што се жители со долготраен престој изменета со Директивата 2011/51/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 11 мај 2011 година CELEX број 32003L0109 и 32011L0051; Директива 2003/86/ЕЗ на Советот од 22 септември 2003 година за правото на семејно обединување CELEX број 32003L0086; Директива 2009/50 / ЕС на Советот од 25 мај 2009 година за условите за влез и престој на државјани на трети земји заради високо квалификувано вработување CELEX број 32009L0050: Директива 2011/98 / ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 13 декември 2011 година за единствена постапка за аплицирање за единствена дозвола за престој и работа на територијата на земја-членка за државјани на трети земји а и врз заеднички збир на права за работници од трети земји кои легално престојуваат во земја-членка. CELEX број 32011L0098; Директива 2014/36 / ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 26 февруари 2014 година за условите за влез и престој на државјани на трети земји заради вработување како сезонски работници CELEX број 32014L0036; Директива 2014/66 / ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 15 мај 2014 година за условите за влез и престој на државјани на трети земји во рамките на трансфер помеѓу претпријатија; CELEX број 32014L0066; Директива 2016/801/ЕУ на Европскиот Парламент и Советот од 11 мај 2016 година за условите за влез и престој на државјани на трети земји за истражување, студирање, обука, волонтерски услуги, шеми за размена на ученици или образовни проекти и програми за Au Pair. CELEX број 32016L0801; Директивата 2008/115/ЕС од Европскиот Парламент и Советот од 16 декември 2008 година за заедничките стандарди и процедури во земјите-членки за враќање на државјани на трети земји кои нелегално престојуваат CELEX број 32008L0115

16) **„Морепловец“** поморско лице во транзит или морнар“ е лице кое е носител на поморска книшка или друга исправа која се признава како документ за идентификација на морепловците, согласно со одредбите од меѓународните договори;

17) **„Национален визен информациски систем“** (во натамошниот текст: Н-ВИС) е електронска информациска база за прием, размена, обработка и чување на податоци во постапките за издавање визи;

18) **„Работа на странци“**, е вработување, сезонско вработување и работење на странец кој е упатен работник;

19) **„Одлука за враќање“** е решение кое го донесува Министерството за внатрешни работи, со кое се утврдува незаконски престој на странецот и му се определува обврска за напуштање на Република Македонија;

20) **„Протерување“** е одлука за враќање во смисла на точка 19 на овој член, придружена со забрана за влез;

21) **„Забрана за влез“** е мерка која се изрекува на странецот од страна на Министерството за внатрешни работи, со која се определува временски период во кој истиот не може да влезе во Република Македонија;

22) **„Доброволно враќање“** е период определен со одлуката за враќање, во кој странецот е должен, самостојно или потпомогнато, да ја напушти територијата на Република Македонија;

23) **„Отстранување“** е спроведување на обврската за враќање на странецот односно напуштање на територијата на Република Македонија;

24) **„Ризик од бегство“** е постоење на причини во поединечни случаи што се засновани на објективни критериуми, кои укажуваат на тоа дека странецот кој е предмет на постапка за враќање може да побегне;

25) **„Ученик"** е странец кој е запишан на домашна образовна установа со цел да следи настава на одобрена наставна програма за основно или средно образование која одговара на ниво 1, 2 или 3 од Меѓународната стандардна класификација на образование, во контекст на програмата за размена на ученици или образовен проект управуван од образовна установа, согласно со закон;

26) **„Студент"** е странец кој е запишан на домашна високообразовна установа, запишана во Регистарот на високо образовни установи, заради редовно студирање, со цел стекнување високообразовна квалификација, вклучително дипломи, сертификати или докторски степени во високо образовната установа, што може да опфати подготвителен курс кој претходи на таквото образование согласно со закон и

27) **„Истражувач"** е странец кој се има стекнато со академски степен доктор на науки или соодветна високообразовна квалификација, која на тој државјанин на трета земја му овозможува пристап до докторски програми избрани од организација за истражување, кој е избран од страна на организација за истражување и на кој му е одобрено прифаќањето на територијата на земја-членка на Европската Унија заради спроведување на истражувачки активности за кои обично е потребна квалификација.

Подрачје на примена

Член 3

Одредбите од овој закон се однесуваат на сите странци, освен на странци кои:

- бараат меѓународна заштита од Република Македонија согласно со Законот за меѓународна и привремена заштита, освен ако со овој закон поинаку не е определено или
- според меѓународното право уживаат привилегии и имунитети, доколку примената на овој закон е во спротивност со преземените меѓународни обврски и начелото на реципроцитет.

Правен статус на странците

Член 4

(1) Странците за време на нивниот законски престој во Република Македонија ги имаат истите права и обврски како и државјаните на Република Македонија, освен ако поинаку не е определено со закон.

(2) За време на престојот во Република Македонија, странците се должни да се придржуваат кон Уставот на Република Македонија, законите, другите прописи и актите на органите на државната власт, како и во согласност со обврските утврдени со ратификуваните меѓународни договори.

Поврзаност на законот со меѓународните правила

Член 5

Овој закон ќе се применува во согласност со меѓународните договори кои Република Македонија ги ратификувала согласно со Уставот, а кои го доведуваат странецот во поповолна положба.

Примена на Законот за општата управна постапка

Член 6

Во постапките што се спроведуваат согласно со одредбите од овој закон соодветно се применуваат одредбите на Законот за општата управна постапка, ако со овој закон поинаку не е определено.

Контрола на движење и престој на странци

Член 7

Работите во врска со контролата на движењето и престојот на странците во Република Македонија ги врши Министерството за внатрешни работи, доколку со закон не е определена надлежност на друг орган.

Миграциона политика

Член 8

Собранието на Република Македонија, на предлог на Владата на Република Македонија, донесува резолуција за миграционата политика со која ќе се укаже на состојбите, проблемите и мерките што ќе се преземат во областа на миграцијата.

ГЛАВА II

ВЛЕЗ НА СТРАНЦИ И НАПУШТАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Влез на странци

1. Законски влез

Член 9

(1) Се смета дека странецот законито влегол во Република Македонија кога ја преминал државната граница и по извршените гранични проверки на граничниот премин му е дозволен влез, согласно со одредбите од овој закон и Законот за гранична контрола.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, странец може да влезе во Република Македонија под услови и во постапка согласно со закон.

2. Незаконски влез

Член 10

(1) Странецот незаконски влегува во Република Македонија, ако:

- ја премине државната граница надвор од местото, времето или начинот определени за преминување на државната граница,

- ја избегне граничната контрола,

- при влез употреби фалсификувани, туѓи или невалидни патни или други документи пропишани за преминување на државната граница, како и други исправи или

- влезе пред истекот на забраната за влез во Република Македонија.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член не се однесува на странец за кого постојат основи за сомневање дека е жртва на трговија со луѓе, доколку незаконски влегол како последица на кривичното дело „Трговија со луѓе".

(3) Одредбата од ставот (1) на овој член не се однесува на странец кој побарал признавање на право на меѓународна заштита согласно со Законот за меѓународна и привремена заштита.

3. Услови за влез

Член 11

(1) Странец кој има намера да престојува во Република Македонија во траење не подолго од 90 дена во кој било период од 180 дена, а кој период му претходи на секој ден на престојот, ќе влезе во Република Македонија, доколку:

(а) поседува валидна патна исправа или друг документ пропишан за преминување на државна граница. Патната исправа треба да ги задоволува следниве критериуми:

- да е важечка најмалку три месеци по планираниот датум на заминување на странецот од територијата на Република Македонија, при што во оправдани случаи, утврдени со закон, може да не се исполни оваа обврска и

- да е издадена во претходните 10 години.

(б) поседува валидна виза, доколку е потребна согласно со актот за определување на држави чии државјани мора да поседуваат виза кога ја преминуваат границата на Република Македонија и на оние држави чии државјани се изземени од таа обврска (Визен режим на Република Македонија), освен доколку поседува важечка дозвола за престој;

(в) ги оправда целта и условите на планираниот престој и има средства за издржување, како за време на траењето на планираниот престој, така и за враќање во неговата матична држава или транзит во друга држава која сигурно ќе го прифати или е во можност таквите средства законски да ги обезбеди;

(г) не е лице за кое во системот за контрола на патници и возила е издадено предупредување за забрана за влез и

(д) не претставува закана за јавниот поредок, националната безбедност, јавното здравје или за меѓународните односи на Република Македонија.

(2) За датум на влез во смисла на овој член се смета првиот ден на престој на територијата на Република Македонија, а за датум на излез се смета последниот ден на престојот на територијата на Република Македонија.

(3) Периодот на престој дозволен во согласност со дозволата за престој или со визата Д не се зема предвид при сметањето на времетраењето на краткорочниот престој на територијата на Република Македонија.

(4) По исклучок од ставот (1) на овој член, ќе му се одобри влез на странец:

(а) на кој му се издава виза на граничен премин согласно со членот 41 од овој закон, доколку ги исполнува условите од ставот (1) точки (а), (в), (г) и (д) на овој член;

(б) кој не исполнува еден или повеќе услови за влез од ставот (1) на овој член, од хуманитарни причини, поради национален интерес на Република Македонија или поради исполнување на обврски од меѓународни договори;

(в) доколку поседува важечка дипломатска, службена, конзуларна или специјална лична карта, издадена согласно со членот 179 од овој закон, во временскиот период за кој е издадена истата и ги исполнуваат условите за влез од ставот (1) точки (а), (г) и (д) на овој член;

(г) државјанин на трета земја, кој има одобрен постојан престој во земја членка на Европската Унија или потписничка на Шенгенскиот договор, поседува повеќекратна Шенген „Ц" виза важечка за сите земји членки на Европската Унија или потписнички на Шенгенскиот договор или поседува важечка виза на трета земја за која со одлука на Владата на Република Македонија е овозможен безвизен влез во Република Македонија, односно со одлука на Владата на Република Македонија е укинат визниот режим за краткорочен престој ако ги исполнува условите за влез од ставот (1) точки (а), (в), (г) и (д) на овој член и

(д) државјанин на земја членка на Европска Унија или потписник на Шенгенскиот договор, носител на валидна лична карта или е државјанин на земја со која Република Македонија има ратификуван меѓудржавен договор со кој е предвиден безвизен влез во Република Македонија, ако ги исполнува условите за влез од ставот (1) точки (в), (г) и (д) на овој член.

(5) Владата на Република Македонија на предлог на Министерството за надворешни работи може да одлучи во Република Македонија да влезе и краткорочно да престојува странец кој поседува привремен престој во земја членка на Европската Унија или потписничка на Шенгенскиот договор, доколку ги исполнува условите за влез од ставот (1) точки (а), (в), (г) и (д)) на овој член, согласно со одредбите од овој закон.

Потребни средства за издржување

Член 12

(1) Потребните средства за издржување во смисла на членот 11 став (1) точка (в) од овој закон, се проценуваат во согласност со времетраењето и целите на престојот, имајќи ја предвид одлуката на Владата на Република Македонија од ставот (2) на овој член.

(2) Владата на Република Македонија ја определува висината на средствата за издржување на странец за период на престој во Република Македонија, за враќање во државата од која доаѓа или за патување во трета држава.

(3) Проценката на потребните средства за издржување може да се изврши врз основа на готовински парични средства, патнички чекови и кредитни картички во сопственост на странецот или преку доказ за поседување недвижни ствари согласно со закон (поседување недвижен имот или изнајмување недвижен имот во Република Македонија, врз основа на што може да обезбеди средства за издржување за време на престојот во Република Македонија, средства по основ на директни странски вложувања, производно техничка соработка и корпорација и слично).

(4) Гарантно писмо и покана издадени од домашно или странско физичко и правно лице или орган на државната управа, кога странец престојува кај него, може да претставуваат доказ за поседување средства за издржување.

Гарантно писмо и покана од правното лице и орган на државната управа

Член 13

(1) Гарантно писмо издава државјанин на Република Македонија или странец кој има одобрен престој во Република Македонија.

(2) Покана од правно лице издава домашно или странско правно лице регистрирано во Република Македонија, кое го повикува странецот во деловна посета, како и орган на државна управа.

(3) Гарантното писмо, поканата од правното лице и од органот на државната управа се прифаќаат како потврда за поседување на средства за издржување, односно обезбедено сместување ако содржат изјава на давателот на гарантното писмо, односно правното лице дека ја презема обврската да обезбеди сместување и да ги покрие сите трошоци за престојот на странецот во Република Македонија и неговото напуштање на територијата на Република Македонија.

(4) Гарантното писмо и поканата од правното лице мора да бидат заверени од страна на нотар, освен поканата од органот на државната управа.

Документи кои ја оправдуваат целта и околностите на предвидениот престој

Член 14

Целта и околностите на предвидениот престој во Република Македонија во смисла на членот 11 став (1) точка в) од овој закон, странецот ги докажува со следниве документи:

а) за деловни патувања:

- покани од фирми или од други правни лица за учество на состанок или друг настан поврзан на трговска, деловна или друга соработка,

- друга документација врз основа на која може да се утврди постоење на трговска, деловна или друга соработка и

- влезници за присуство на саеми и конгреси.

б) за патувања заради посетување на курсеви, студирање или професионална обука:

- потврда за прием во образовна установа заради посетување на стручни или теоретски курсеви во рамките на основна или напредна обука и

- студентски карти/легитимации или сертификати за запишани курсеви.

в) за патувања со цел туристички или приватни посети:

1) докази за сместување:

- покана или гарантно писмо од лицето кај кое странецот доаѓа во посета и

- доказ од установата која дава услуги на сместување или друг соодветен документ во кој е наведено предвидено сместување.

2) докази во врска со планираното патување:

- потврда за резервација на организираното патување или друг соодветен документ во кој е наведен планот на патувањето.

3) доказ за враќањето:

- повратна или друга патна карта.

(г) за патувања со цел учество на политички, научни, културни, спортски или верски настани или за патувања од други причини (покани, влезници, потврди за запишување или програми во кои, каде што е можно, е наведен назив на организацијата домаќин и траење на престојот или друг соодветен документ во кој е наведена причина за посетата).

Влез со заеднички пасош

Член 15

Странец кој е запишан во патна исправа на друго лице, доколку ги исполнува условите утврдени со овој закон, влегува во Република Македонија и ја напушта државата само во придружба на лицето во чија патна исправа е запишан.

4. Обврски на превозниците

Член 16

(1) Физичко или правно лице кое професионално се занимава со превоз на патници може да донесе странец на територијата на Република Македонија по копнен, воздушен или езерски пат само ако странецот има валидна патна исправа или друг пропишан документ за преминување на државната граница, валидна виза или дозвола за престој, доколку се потребни.

(2) Превозникот кој спротивно на ставот (1) на овој член ќе доведе странец на кого му е одбиен влез во Република Македонија, е должен веднаш или во рок што ќе го определи Министерството за внатрешни работи, на свој трошок да го одвезе странецот од Република Македонија до земјата од каде е довезен, до земјата која му ја издала патната исправа или до земјата во која му е гарантиран влезот или да најде начин за негово натамошно превезување, како и да ги сноси трошоците на неговото привремено задржување и отстранување согласно со овој закон.

(3) Во случај кога превозникот не може да постапи согласно со ставот (2) на овој член, е должен на свој трошок да пронајде друг начин на превоз или ако друг начин на превоз не е веднаш можен, да ги преземе трошоците кои ќе настанат за време на престојот и одвезувањето на странецот.

(4) Во случај кога на странец во транзит му е одбиен влез во Република Македонија, полициското службеник на Министерството за внатрешни работи постапува согласно со ставовите (2) и (3) на овој член.

(5) Во случаите од ставовите (2) и (3) на овој член, полициското службеник е должен да ги преземе сите неопходни мерки за спречување на странецот на кој му е одбиен влез, незаконски да влезе во Република Македонија.

II. Одбивање на влез

Член 17

(1) На странец кој не ги исполнува условите за влез и кој не припаѓа на исклучоците утврдени во членот 11 од овој закон, ќе му се одбие влез во Република Македонија.

(2) Одбивањето на влезот нема да биде во спротивност со примената на посебни одредби за правото на меѓународна заштита.

(3) Решение за одбивање на влез на странец во Република Македонија донесува Министерството за внатрешни работи.

(4) Против решението за одбивање на влез, странецот има право на жалба согласно со членот 18 од овој закон.

(5) Податокот за одбивањето на влез се внесува во патната исправа на странецот, доколку ја поседува, како и во системот за контрола на патници и возила.

(6) Полициските службеници надлежни за гранична контрола обезбедуваат странецот на кого му е одбиен влезот, да не влезе на територијата на Република Македонија.

Жалба

Член 18

(1) Против решението за одбивање на влез од членот 17 став (3) од овој закон, странецот има право на жалба која се поднесува во писмена форма на македонски јазик и неговото кирилско писмо, во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен со плаќање административна такса утврдена со закон.

(2) Жалбата од ставот (1) на овој член, не го одлага извршувањето на решението.

(3) Решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

(4) Против решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен може да се поведе управен спор пред надлежен суд, согласно со Законот за управните спорови.

(5) Во случај кога жалбената постапка резултира со поништување на првично донесеното решение, во патната исправа на странецот или во визната налепница преку печатот со кој е одбиен влез, се втиснува печат со ознака поништено и се постапува согласно со конечното решение.

Посебна заштита од одбивање влез

Член 19

(1) Врз основа на членот 17 од овој закон не може да му биде одбиен влез на странец:

- кој искажува намера да поднесе барање за признавање на право на меѓународна заштита во Република Македонија,
- кој ќе поднесе барање за признавање право на меѓународна заштита на граничните премини во Република Македонија или
- на кого Република Македонија му го признала правото на меѓународна заштита.

III. Напуштање на државата

Слобода на движење

Член 20

(1) Странецот може слободно да ја напушти Република Македонија, согласност со овој закон.

(2) На странецот нема да му се дозволи да ја напушти Република Македонија ако:

- не поседува валидна патна исправа или друг пропишан документ за преминување на државната граница или валидна виза доколку е потребна поради што нема да му се дозволи влез во друга држава или при излез од Република Македонија употреби фалсификувана, преправена или лажна патна исправа или друг пропишан документ за преминување на државната граница или валидна виза доколку е потребна,
- против него е поведена кривична, прекршочна или судска постапка или
- доколку тоа го бара надлежен суд.

Обврска на странецот да ја напушти државата

Член 21

Странецот е должен да ја напушти Република Македонија:

- до истекот на рокот определен со визата,
- кога издадената виза е поништена,
- до истекот на рокот определен во дозволата за привремен престој,
- кога му е одземено или откажано правото на престој,
- кога е донесено решение за враќање на странецот,
- кога е протеран од Република Македонија или
- најдоцна до истекот на рокот од 90 дена во текот на 180 дена кои претходат на секој ден престој, доколку за влез во Република Македонија не е потребна виза.

Член 22

(1) Странецот кој има повеќе патни исправи, е должен да ја напушти државата со патната исправа со која влегол или со замена на истата што е прифатена од Република Македонија.

(2) Странец кој е запишан во патната исправа на друго лице, влегува и ја напушта Република Македонија само со лицето во чија патна исправа е запишан.

Глава III

ВИЗИ

Издавање на виза

Член 23

(1) Визата се издава на странецот со цел да:

- влезе во Република Македонија и краткорочно престојува во временски период одреден со визата,
- влезе во Република Македонија и престојува заради регулирање на привремен престој и
- помине преку територијата или меѓународната транзитна зона на аеродром во Република Македонија.

(2) Странецот е должен да ја обезбеди визата пред неговото влегување во Република Македонија, освен во случаите утврдени со овој закон.

(3) Странецот престојува во Република Македонија само заради целта поради која е издадена визата.

(4) Поседувањето виза му дава на странецот право на влез во Република Македонија, освен во случаите утврдени во членот 17 од овој закон.

1. Видови визи

Член 24

Видови на визи се:

- аеродромска транзитна виза (виза А),
- виза за краткорочен престој и транзит (виза Ц) и
- виза за регулирање привремен престој (виза Д).

Аеродромска транзитна виза (виза А)

Член 25

(1) Странците кои не ја напуштаат меѓународната транзитна зона на аеродромите во Република Македонија или авионот, не треба да поседуваат аеродромска транзитна виза.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, Владата на Република Македонија може да одлучи дека за државјаните на одредени држави е потребна аеродромска транзитна виза.

(3) Од барањето за поседување аеродромска транзитна виза, предвидена во ставот (2) на овој член се исклучени и следните категории лица:

- членови на семејствата на државјани на Република Македонија,
- носители на дипломатски пасоши или
- членови на екипаж на воздухоплови.

(4) Врз основа на визата од ставот (2) на овој член, странецот може да се задржи во меѓународната транзитна зона на аеродромот до продолжување на патувањето со првиот наредени меѓународен лет.

(5) Задржувањето на странецот во меѓународната транзитна зона на аеродром во Република Македонија, врз основа на визата од ставот (2) на овој член, не се смета за влегување во Република Македонија и странецот не смее да ја напушти таа зона.

Виза за краткорочен престој и транзит (виза Ц)

Член 26

(1) Визата за краткорочен престој и транзит (виза Ц) се издава на странец за еден, два или повеќе влеза, за сите цели на патувања во Република Македонија, освен за оние за кои се издава виза за аеродромски транзит (виза А) или виза за регулирање привремен престој (виза Д).

(2) Престојот по основ на издадена виза Ц не смее да надминува 90 дена во текот на 180 дена кои претходат на секој ден престој.

(3) Ако визата Ц се издава со цел транзит, странецот има право еднократно да престојува најмногу до пет дена на територијата на Република Македонија, имајќи го предвид ставот (2) на овој член.

Виза за регулирање привремен престој (виза Д)

Член 27

(1) Виза за регулирање привремен престој (виза Д) се издава за еднократен влез и право на престој до 30 дена, на странец кој има намера да престојува во Република Македонија заради причините утврдени во членот 71 од овој закон.

(2) Странецот не може да остварува права и обврски кои произлегуваат од целта поради која престојува во Република Македонија само врз основа на издадената виза за регулирање привремен престој (виза Д).

(3) Визата од ставот (1) на овој член се издава по донесување на Решение за привремен престој од страна на Министерството за внатрешни работи.

(4) Странецот на кого му е издадена визата од ставот (1) на овој член е должен во рок од пет дена од денот на влегувањето во Република Македонија да се јави во Министерството за внатрешни работи, кое во рок од 25 дена од денот на неговото јавување ќе му издаде дозвола за привремен престој во Република Македонија.

2. Издавање на виза

Барање за издавање на виза

Член 28

(1) Странецот поднесува барање за издавање виза до надлежно (резидентно или нерезидентно) дипломатско-конзуларно претставништво на Република Македонија, не подолго од шест месеци и не пократко од 15 дена пред почетокот на планираното патување.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, барањето за издавање виза може да се поднесе и преку странско дипломатско-конзуларно претставништво на држава со која Република Македонија има потпишано билатерална спогодба за конзуларно застапување во трети држави, преку надворешни даватели на услуги за виза или трговски посредници, на начин пропишан со членот 199 став (1) алинеја (1) од овој закон.

(3) Дипломатско- конзуларното претставништво на Република Македонија може да побара барателот да закаже термин за поднесување на барањето за виза.

(4) Барањето се поднесува лично, освен во случаи утврдени во ставот (5) и (6) од овој закон.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член барањето за издавање виза може да се поднесе и од страна на ополномоштено физичко или правно лице кога:

- странецот е лице со попреченост и
- странецот е добро познат и не постои сомневање во неговата чесна намера.

(6) За малолетно лице барањето од ставот (4) на овој член се поднесува лично од страна на родител или старател.

(7) За лицата вклучени во патна исправа се поднесува посебно барање за издавање на виза.

(8) Кон барањето за издавање виза за регулирање на привремен престој (виза Д) подносителот на барањето задолжително приложува и барање за регулирање на привремен престој и потребната придружна документација утврдена со членовите 72 и 73 став (7) од овој закон, како и други документи утврдени со овој закон.

Интервју со барателот на виза

Член 29

(1) Дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија пред издавањето на визата, ќе го повика барателот на разговор, со цел да ги образложи причините наведени во барањето за издавање виза, а особено ако постои сомневање во однос на целта на посетата или во намерата на странецот да се врати во земјата од каде што доаѓа.

(2) Во случаите утврдени во ставот (1) на овој член странецот е должен лично да се јави и доколку не постапи на наведениот начин неговото барање за издавање виза ќе биде одбиено.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, кога барателот на виза е познат, а не постои сомневање во однос на неговата чесна намера, како и во случај кога барањето е поднесено преку странско дипломатско-конзуларно претставништво на држава со која Република Македонија има потпишано билатерална спогодба за конзуларно застапување во трети држави или преку надворешни даватели на услуги или трговски посредници, дипломатско-конзуларно претставништво на Република Македонија може да одлучи да не го повика барателот на виза на разговор.

Услови за издавање виза

Член 30

(1) Виза се издава на странец ако:

- приложи пополнето и потпишано барање за издавање на виза,
- има валидна патна исправа која содржи најмалку две последователни празни страници и била издадена во текот на претходните 10 години, при што нејзината важност мора да биде најмалку три месеци подолга од важењето на визата, освен во оправдани случаи на итност,
- приложи фотографија изработена според пропишани стандарди,
- приложи доказ за платена конзуларна такса за виза, освен во случаите предвидени со посебен закон,
- приложи документи со кои се докажува целта и околностите на планираното патување во Република Македонија,
- приложи документи во врска со обезбедно сместување и поседување финансиски средства за издржување за време на престојот во Република Македонија и за враќање во државата од каде што доаѓа или за транзит во трета земја,
- поседува здравствено осигурување или дополнително здравствено осигурување или индивидуално или колективно патничко осигурување утврдено со посебен закон, меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Македонија или подзаконски акт,

- не претставува опасност по јавниот ред, јавниот поредок, националната безбедност, јавното здравје или за меѓународните односи на Република Македонија,
- не постојат причини за одбивање на влез утврдени во членот 17 од овој закон и
- е исполнет условот од членот 27 став (3) од овој закон.

(2) Обврска да приложат здравствено осигурување, дополнително здравствено осигурување или индивидуално или колективно патничко осигурување немаат следните категории на лица:
- носители на дипломатски, службени или други специјални патни исправи и
- морепловци и други професионални категории кои веќе поседуваат патничко и здравствено осигурување заради својата професионална дејност.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, на странец може да му се издаде виза и кога не е исполнет некој од условите за издавање на виза, ако тоа е од хуманитарни причини, од причини од национален интерес на Република Македонија или врз основа на обврските што произлегуваат од ратификуван меѓународен договор.

Придружни документи

Член 31

(1) При поднесување на барање за аеродромска транзитна (виза А) или виза за краткорочен престој и транзит (виза Ц), барателот ја докажува целта и оправданоста на престојот, со приложување на некои од следниве документи:

1) За деловни патувања:
- покана од фирма или државен орган да присуствува на состанок, конференција или настани поврзани со трговија, индустрија или работа,
- документи коишто покажуваат постоење на трговски или деловни односи,
- влезници за влез на саеми и конгреси, доколку е потребно,
- документи со кои се докажува стопанската дејност на правното лице и
- документи со кои се докажува статусот на барателот за работниот однос во правното лице.

2) За патувања заради студирање или останати видови обука:
- потврда за упис во образовна установа за присуствување на стручни или теоретски предавања во рамките на основна или дополнителна обука и
- студентски картички или потврди за предавањата на кои ќе се присуствува.

3) За патувања заради туристички или лични причини:

а) документи поврзани со сместувањето:
- покана или гарантно писмо од домаќинот, доколку се престојува кај некој и
- документ од установата која обезбедува сместување или кој било друг документ во кој се посочува предвиденото сместување,

б) документи поврзани со планираната маршрута:
- потврда за резервација на организирано патување или кој било друг соодветен документ во кој се посочува програмата за предвиденото патување и
- во случај на транзит: виза или друга дозвола за влез во друга земја на дестинација, билети за натамошното патување.

4) За патувања заради политички, научни, културни, спортски или религиозни настани или други причини:
- (покани, билети за влез, уписи или програми со кои се наведува (доколку е можно) името на организацијата-домаќин и должината на престојот или кој било друг документ во кој се посочува целта на патувањето).

5) За патувања на членови на официјални делегации кои според официјална покана упатена до владата на засегнатата друга држава учествуваат на состаноци, консултации, преговори или програми за размена, како и настани кои се одржуваат на територијата на Република Македонија од страна на меѓувладини организации:
- писмо издадено од овластен орган на засегнатата друга држава, со кое се потврдува дека барателот е член на официјална делегација која патува во Република Македонија за да учествува на гореспоменатите настани, придружено со копија од официјалната покана.

6) За патувања заради медицински причини:
- официјален документ од здравствената институција со кој се потврдува потребата за медицинска нега во таа институција и доказ за поседување финансиски средства да се плати медицинскиот третман и
- резервација или билет за враќање или повратен билет.

7) Документација со која се овозможува проценка на намерата на барателот за издавање виза, да ја напушти територијата на Република Македонија:
- доказ за финансиски средства во земјата на престој,
- доказ за вработување: изводи од сметки во банка,
- доказ за недвижен имот и
- доказ за интегрираност во земјата на престој: семејни врски; професионален статус.

8) Документи во врска со семејната состојба на барателот за издавање виза:
- согласност од родител или законски старател (кога малолетник не патува со нив) и
- доказ за семејни врски со домаќинот/лицето кое праќа покана.

Здравствено осигурување, дополнително здравствено осигурување или индивидуално или колективно патничко осигурување

Член 32

(1) Здравствено осигурување во смисла на членот 30 став (1) алинеја (7) од овој закон претставува здравствено осигурување утврдено со закон или ратификуван меѓународен договор.

(2) Дополнително здравствено осигурување или индивидуално или колективно патничко осигурување во смисла на членот 30 став (1) алинеја (7) од овој закон, претставува осигурување кое ги покрива евентуалните трошоци кои би можеле да се појават во врска со репатријацијата поради медицински причини, итна медицинска интервенција, итно медицинско лекување или смрт на странецот за време на неговиот престој во Република Македонија.

(3) Носителите на дипломатски пасоши се изземени од барањето да поседуваат патничко и здравствено осигурување.

Критериуми за издавање виза за повеќе влегувања

Член 33

Визата за краткорочен престој и визата за аеродромски транзит се издаваат за повеќе влегувања, согласно со членот 30 од овој закон, ако се исполнети следниве услови:
- барателот ја докаже потребата или ја оправда намерата да патува често и/или редовно, особено заради неговиот професионален или семеен статус и
- барателот го докаже својот интегритет и доверливост, особено законското користење на претходните визи, неговата економска состојба во земјата од која потекнува и неговата вистинска намера да ја напушти територијата на Република Македонија пред истекот на важноста на визата за која поднел барање.

Надлежни органи и разгледување и одлучување по барањето за издавање виза

Член 34

(1) По поднесено барање за издавање виза одлучува Министерството за надворешни работи, а визата ја издава дипломатско-конзуларно претставништво на Република Македонија.

(2) Во случаи кога постои соменевање дека странецот претставува опасност за јавниот ред и поредок и националната безбедност на Република Македонија, Министерството за надворешни работи е должно да обезбеди претходна согласност од Министерството за внатрешни работи.

(3) По поднесено барање за издавање на виза на граничен премиин одлучува Министерството за внатрешни работи.

(4) Дипломатско-конзуларното претставништво ја проверува прифатливоста на барањето за издавање виза во смисла на членот 28 став 1 и членот 30 од овој закон.

(5) Доколку барањето е прифатливо, надлежниот конзуларен службеник во дипломатско-конзуларното претставништво ги внесува податоците во Н-ВИС на начин пропишан во посебен подзаконски пропис.

(6) Доколку не се исполнети условите предвидени во членот 28 став 1 и членот 30 од овој закон, овластениот службеник го враќа образецот на барањето и сите документи поднесени од страна на барателот.

(7) Доколку барањето за виза не е повлечено се издава виза согласно со членот 30 од овој закон или барањето за виза се одбива согласно со членот 37 од овој закон.

(8) Претходно одбивање на барање за виза не води кон автоматско одбивање на ново барање. Новото барање се проценува врз основа на сите достапни информации.

Рокови за одлучување

Член 35

(1) Рокот за одлучување за издавање на аеродромска транзитна виза (виза А) и виза за кракорочен престој и транзит (виза Ц) изнесува 15 календарски дена, сметано од денот на поднесување на комплетно барање за виза.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, рокот може да биде продолжен најмногу до 30 календарски дена, особено кога е потребно дополнително разгледување на барањето.

(3) Рокот од ставот (1) на овој член, може да биде продолжен најмногу до 60 дена, кога во посебни случаи е потребно доставување на дополнителни документи или претходна согласност.

(4) Во случај на одлучување по поднесено барање за издавање виза за регулирање привремен престој (виза Д), Министерството за надворешни работи одлучува во рок од три работни дена, сметано од денот на доставување на решението за одобрен привремен престој од страна на Министерството за внатрешни работи.

Рок на важност на визата

Член 36

(1) Аеродромската транзитна виза (виза А) се издава со рок на важност до шест месеци, а визата за краткорочен престој и транзит (виза Ц), се издава со рок на важност до една година.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, визата за краткорочен престој или транзит (виза Ц) се издава со рок на важење подолг од една година, а најмногу до две години, ако тоа е од научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес на Република Македонија, за што одлучува Министерството за надворешни работи.

(3) Доколку не е во спротивност со членот 30 став (1) алинеја 2 од овој закон, важноста на визата за краткорочен престој за еден влез, како и на визата за аеродромски транзит вклучува дополнителен период од 15 дена.

(4) Визата за регулирање на привремен престој (виза Д) се издава со рок на важење до 90 дена.

Одбивање на барањето за издавање виза

Член 37

Барањето за издавање виза се одбива доколку барателот:

- го повлече барањето за издавање виза,
- нема валидна патна исправа која содржи најмалку две празни страници и била издадена во текот на претходните 10 години и нема важност најмалку три месеци подолго од важноста на визата,
- не приложи фотографија изработена според пропишани стандарди,
- не ја оправда целта и околностите на планираниот престој,
- не приложи документи за платена конзуларна такса за виза,
- не приложил доказ за обезбедно сместување и поседување финансиски средства за издржување за време на престојот во Република Македонија и за враќање во државата од каде што доаѓа или за транзит во трета земја,
- веќе престојувал 90 дена на територијата на Република Македонија за време на тековниот период од 180 дена,
- не поседува здравствено осигурување или дополнително здравствено осигурување или индивидуално или колективно патничко осигурување утврдено со закон, меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Македонија или подзаконски акт,
- претставува опасност по јавниот ред, јавниот поредок, националната безбедност јавното здравје или за меѓународните односи на Република Македонија,
- постојат причини за одбивање на влез утврдени во членот 17 од овој закон,
- не е донесено решение за одобрување на привремен престој согласно со членот 75 став (3) од овој закон и
- постои оправдано сомневање во веродостојноста на изјавата и на приложените документи за издавање виза.

Надлежност за донесување решение за одбивање на барањето за издавање виза

Член 38

(1) За одбивање на барањето за издавање виза и на барањето за поништување и отповикување на визата, Министерството за надворешни работи донесува решение на пропишан образец, кое дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија го врачува на странецот.

(2) За одбивањето на барањето за виза поднесено на граничен премин на Република Македонија решение на пропишан образец донесува и врачува Министерството за внатрешни работи.

(3) Податокот за донесеното решение од ставовите (1) и (2) на овој член и за неговото врачување се внесува во Н-ВИС на начин утврден со подзаконски пропис.

(4) Во случај кога се одбива барањето за виза од причини наведени во членот 37 алинеја 9 од овој закон, надлежниот орган не е должен да ги образложи причините од кои се раководел при донесувањето на таквото решение.

Жалба по решението за одбивање на барањето за издавање на виза

Член 39

(1) Против решението за одбивање на барањето за виза, странецот има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(2) Жалбата против решението од ставот (1) се поднесува во писмена форма на македонски јазик и неговото кирилско писмо, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на приемот на решението, со плаќање административна такса утврдена со закон.

(3) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Член 40

(1) Решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен се донесува во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

(2) Против решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, може да се поведе управен спор пред надлежен суд согласно со Законот за управните спорови.

(3) Во случај кога жалбената постапка резултира со поништување на првично донесеното решение, во патната исправа на странецот (или во образецот за внесување виза) преку печатот со кој е означено скратување, поништување и отповикување на виза, се втиснува печат со ознака „поништено“.

Виза издадена на граничен премин

Член 41

(1) Визата за краткорочен престој и транзит (виза Ц), за еден влез со право на престој до 15 дена, по исклучок од членот 34 од овој закон, може да се издаде и на граничен премин ако тоа е од национален интерес на Република Македонија, од хуманитарни причини или ако тоа е предвидено со ратификуван меѓународен договор.

(2) Во случаите кога визата не може да се внесе во патната исправа, истата се внесува на посебен образец за внесување виза.

(3) Визата од ставот (1) на овој член ќе се издаде, ако:

- странецот ги исполнува општите услови за влез во Република Македонија од членот 11 став (1) точки (а), (в), (г) и д) од овој закон,
- странецот приложи документи со кои ги докажува,
-непредвидливите и итните причини за влез во Република Македонија поради кои не бил во можност да поднесе барање за виза претходно и
- е обезбедено враќање на странецот во државата во која престојува или од која влегува во Република Македонија.

(4) Виза на граничен премин со цел транзитирање преку територијата на Република Македонија, може да се издаде на морепловци доколу ги исполнуваат условите од ставот (3) на овој член и доколку ја преминуваат границата со цел качување или симнување од пловен објект на кој што ќе работат или работеле како членови на екипаж.

(5) Доколку не се исполнети условите за издавање виза на граничен премин од ставовите (1) и (3) на овој член, како и доколку постои разумно сомневање за автентичноста на придружните документи поднесени од страна на барателот или вистинитоста на нивната содржина, доверливоста на изјавите дадени од страна на барателот или неговата намера да ја напушти територијата на Република Македонија пред истекот на визата за која поднел барање, се донесува решение согласно со членот 38 став (2) од овој закон.

(6) Против решението од ставот (5) на овој член странецот има право на жалба, согласно со членот 39 од овој закон.

Форма и содржина на визата

Член 42

(1) Визата се издава во вид на налепница, што се прилепува во патната исправа.

(2) Визата ги содржи следниве податоци:

- име и презиме на странецот,
- вид на визата,
- рок на важење на визата,
- траење на престојот во Република Македонија,
- број на влегувања,
- број на пасош на странецот,
- место и датум на издавањето на визата,
- забелешки од надлежниот орган што ја издава визата,
- печат на надлежниот орган кој ја издава и потпис на овластеното лице,
- машински читлива зона и
- место за фотографија.

(3) Визата содржи вградени заштитни обележја.

(4) Податоците во визата се внесуваат и печатат електронски, при што на еднаш отпечатена налепница, податоците не можат механички или рачно да се менуваат или бришат.

(5) Налепницата за виза може да биде рачно пополнета само во случај на виша сила, при што во тој случај еднаш внесените податоци не можат рачно да се менуваат или бришат.

(6) За рачно пополнување на налепницата за виза од ставот (5) на овој член, потребно е да се добие согласност од надлежниот орган за издавање виза.

(7) За лицата кои се вклучени во патната исправа на странецот и за кои се поднесени посебни барања за издавање на виза, на патната исправа се прилепуваат посебни налепници за виза за секое лице.

(8) По исклучок од ставот (1) на овој член, налепницата за виза се прилепува на образец на кој се прилепува виза во случај кога патната исправа не е признаена од страна на Република Македонија, пропишана со подзаконски пропис согласно со членот 199 став (1) алинеја 2 од овој закон.

(9) Образецот за внесување виза го издава/обезбедува дипломатско- конзуларно претставништво на Република Македонија, односно Министерството за внатрешни работи, доколку визата се издава на граничен премин.

(10) Податокот за прилепување на налепницата за виза на образец на кој се прилепува виза во случај кога патната исправа не е признаена од страна на Република Македонија, се внесува во Н-ВИС, на начин утврден со пропис донесен од министерот за надворешни работи.

Поништување и уништување на пополнета налепница за виза

Член 43

(1) Во случај кога ќе се открие печатена или техничка грешка во налепница за виза, истата се поништува, согласно со пропишан начин.

(2) Уништувањето на поништена визна налепница, како и на отпечатена налепница на поништената или отповиканата виза, кои не се залепени на патната исправа на странецот или на образецот за внесување виза од членот 42 став (8) од овој закон, се врши од страна на комисија формирана од страна на министерот за надворешни работи, составена од тројца членови од Министерството за надворешни работи.

Продолжување виза

Член 44

(1) Визата издадена за краткорочен престој и транзит (Виза Ц) може еднократно да се продолжи заради виша сила и хуманитарни причини кои го спречиле странецот да ја напушти Република Македонија, пред истекот на валидност или времетраењето на престојот одобрен со визата.

(2) Визата од ставот (1) на овој член може еднократно да се продолжи и доколку имателот на визата го оправда продолжувањето со обезбедување доказ за постоење сериозни лични причини, при што вкупното траење на престојот во државата не смее да биде подолго од 90 дена во текот на 180 дена кои претходат на секој ден престој во Република Македонија.

(3) За продолжувањето на визата од ставовите (1) и (2) на овој член, се наплатува такса за виза, согласно со Законот за административни такси.

(4) Визата се продолжува во вид на визна налепница, од страна на Министерството за внатрешни работи.

(5) Податокот за продолжувањето на визата се внесува во Н-ВИС, на начин утврден со пропис донесен од министерот за надворешни работи.

(6) Доколку барателот го повлече барањето за продолжување виза, Министерството за внатрешни работи донесува решение за прекинување на постапката, во рок од 15 дена од ден на повлекувањето на барањето.

Скратување на важноста на издадената виза

Член 45

(1) Министерството за внатрешни работи на граничните премини ќе ја скрати важноста на издадената виза, ако утврди дека странецот нема доволно средства за издржување за определеното време на престојот во Република Македонија или доколку странецот би го пречекорил дозволениот период на престој од 90 дена во период од 180 дена, сметајќи од денот на првото влегување.

(2) Важноста на визата се скратува со издавање на нова визна налепница од страна на Министерството за внатрешни работи.

(3) Податокот за скратување на важноста на издадената визата се внесува во Н-ВИС, на начин утврден со пропис донесен од министерот за надворешни работи.

Поништување и отповикување на виза

Член 46

(1) Визата ќе се поништи, ако:

- дополнително се утврди дека странецот при издавањето на визата не исполнувал некој од условите за издавање на виза утврдени со овој закон,

- странецот во барањето за издавање виза дал невистинити податоци за својот идентитет, за целта и околностите на патувањето, транзитот и престојот или други невистинити податоци, се послужил со фалсификувани, туѓи или неважечки патни или други исправи или правото на престој му е одземено или е вратен или протеран од Република Македонија или

- странецот во барањето за издавање виза дал невистинити податоци за својот идентитет, за целта и околностите на патувањето, транзитот и престојот или други невистинити податоци, се послужил со фалсификувани, туѓи или неважечки патни или други исправи или правото на престој му е одземено или е вратен или протеран од Република Македонија.

(2) Визата ќе се отповика:

- ако се утврди дека странецот повеќе не ги исполнува условите за издавање на виза и

- на барање на имателот на визата.

(3) Визата ја поништува и отповикува Министерството за внатрешни работи, а ако странецот не остварил влез во Република Македонија, визата ја поништува и отповикува дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија што ја издало визата, по претходна одлука на Министерството за надворешни работи.

(4) Поништувањето и отповикувањето на визата јасно се означуваат во патната исправа на странецот, односно во образецот за внесување на виза.

(5) Странец кој се наоѓа во Република Македонија и на кого визата му е поништена или отповикана, е должен веднаш да ја напушти територијата на Република Македонија.

(6) За поништувањето и отповикувањето на визата, надлежниот орган од ставот (3) на овој член, во рок од три дена донесува решение на пропишан образец, кое се врачува на странецот.

(7) Неможноста на носителот на визата да претстави на границата еден или повеќе од придружните документи наведени во членот 31 став (3) од овој закон, не значи автоматски носење одлука за поништување или отповикување на визата.

Жалба по решение за поништување и отповикување на виза

Член 47

(1) Против решението за поништување и отповикување на визата, странецот има право на жалба, освен доколку барањето за отповикување е поднесено од страна на имателот на визата.

(2) Жалбата против решението од ставот (1) се поднесува во писмена форма на македонски јазик, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на приемот на решението, со плаќање административна такса утврдена со закон.

(3) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(4) Решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен се донесува во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

(5) Против решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, може да се поведе управен спор пред надлежен суд, согласно со Законот за управните спорови.

(6) Податокот за поништувањето или отповикувањето на визата се внесува во Н-ВИС на начин утврден со пропис донесен од министерот за надворешни работи.

3. Национален визен информациски систем (Н-ВИС)

Воспоставување

Член 48

Во Министерството за надворешни работи се воспоставува Национален визен информациски систем (Н-ВИС).

Член 49

(1) Во Н-ВИС може да се обработуваат следните податоци на подносителите на барања за виза: име и презиме (претходни презимиња); име на мајка и татко; датум и место на раѓање; пол; држава на раѓање; државјанство/ства; претходно државјанство; број на лична карта (факултативно); брачна состојба; вид на пасош; број на пасош; институција која го издала пасошот; датум на издавање; важност на пасошот; дали е дозволено враќање во државаа на престој, ако не е матична земја на подносителот на барањето; занимање; работодавач, адреса на работодавачот и телефонски број; име и адреса на образовна установа и телефонски број (за студенти); главна дестинација; вид на виза; број на влегувања кои се бараат; траење на престојот; претходно издадени визи (во последните три години) и нивната важност, дали е одобрен влез во државата на конечна дестинација (во случај на транзит); претходни престои во Република Македонија; цел на патувањето; датум на пристигнување, датум на заминување; граничен премин при првото влегување или на транзитниот правец; вид на превозно средство; име и адреса на домашното физичко или правно лице канител, како и лице за контакт; име на хотел или привремена адреса на престој во Република Македонија, кој ги покрива трошоците за пат и за престојот; средства за издржување за време на престојот, доказ за платена такса за виза; доказ за повратна авионска карта; презиме на брачниот другар, презиме на брачниот другар од раѓање, име на брачниот другар, дата на раѓање и место на раѓање на брачниот другар; деца; домашна адреса на барателот број на телефон и адреса на електронската пошта; место и датум на аплицирање; потпис на барателот; за кои цели се бара визата; за кои цели се бара дозволата за привремен престој и за кое време; лице врз основа на чиј статус во Република Македонија се бара дозвола за привремен престој; здравствено осигурување, дополнително здравствено осигурување или индивидуално или колективно патничко осигурување; вид на образование; доказ за неосудуваност; доказ дека не се води кривична постапка; фотографија со димензии 3,5 см x 4,5 см во боја со бела позадина; доказ за резидентност на земја членка на Европската Унија или на Организацијата за економска соработка и развој (во натамошниот текст: ОЕЦД); имотен лист; купопродажен договор/доказ за вредност на имот.

(2) Во Н-ВИС се внесуваат и обработуваат и податоци за: решение за привремен престој со доставница; решение за одбивање на барање за привремен престој со доставница, мислење на Министерство за внатрешни работи во однос на можноста за издавање на виза за одредени држави; мислење од Агенција за вработување на Република Македонија во однос на работа, на упатени и сезонски работници, издадени, продолжени, скратени, одбиени, поништени и отповикани визи; повлекување на барање за визи, сериски број на визни налепници.

(3) Податоците од ставот (1) на овој член се обработуваат во постапката за добивање на виза утврдена со овој закон.

Надлежни органи за обработка на податоци во Н-ВИС

Член 50

Обработка на податоци во Н-ВИС вршат следниве надлежни органи:

1) Министерството за надворешни работи;

2) Министерството за внатрешни работи и

3) Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Обработка на лични податоци

Член 51

(1) Личните податоци што се внесуваат во Н-ВИС се обработуваат согласно со целите утврдени со закон и согласно со прописите за заштита на личните податоци.

(2) Личните податоци што се вклучени во процесите на обработка се бришат веднаш во случаите кога ќе се утврди дека не се точни или престанале причините, односно условите поради кои личниот податок е вклучен во тие процеси.

(3) Личните податоци содржани во Н-ВИС од нивното внесување, сé до нивното бришење можат да се даваат на користење под услови и во постапка утврдени со закон и со прописите за заштита на личните податоци.

Одржување на Н-ВИС

Член 52

Министерството за надворешни работи се грижи за одржување на Н-ВИС на начин утврден со посебен пропис, со кој е уредена работата на Н-ВИС, како и согласно со прописите за заштита на личните податоци.

Обработка на податоците во Н-ВИС

Член 53

(1) Барањето за издавање виза и податоците прибрани од барателите на виза, се внесуваат и обработуваат во Н-ВИС.

(2) На лица вработени во надлежните органи утврдени во членот 50 од овој закон, може да им биде доделен пристап до Н-ВИС, ако работат на работни места за кои е утврдена потреба од обработка на податоците во Н-ВИС.

(3) На лицата од ставот (2) на овој член, им се одзема пристапот, ако:

- повеќе не работат на работни места за кои е утврдена потреба за обработка на податоците од Н-ВИС,

- неовластено ги обработуваат податоците од Н-ВИС или

- не ги применуваат техничките и организациските мерки за безбедност на Н-ВИС.

(4) Начинот на прибирање, внесување и обработка на податоците прибрани од барателите на виза, доделување на пристап на надлежните органи, нивоата на пристапот, поблиските критериуми според кои се утврдува нивото на пристапот, времетраењето на пристапот, начинот на утврдување на престанување и за одземање на пристапот до податоците во Н-ВИС се уредува со подзаконски пропис кој го донесува министерот за надворешни работи.

Одговорност за квалитетот на податоците

Член 54

(1) Надлежните органи од членот 50 од овој закон, се одговорни за квалитетот на податоците внесени во Н-ВИС од доменот на нивната надлежност и за нивната вистинитост и точност.

(2) Лицата вработени во надлежните органи се должни од доменот на својата надлежност да ги внесат податоците во Н-ВИС утврдени во членот 49 од овој закон.

Начин на обработка и рокови на чување на податоците во Н-ВИС

Член 55

(1) Податоците во Н-ВИС се обработуваат електронски исклучиво за целите утврдени со закон.

(2) Податоците во Н-ВИС се чуваат во електронски облик за период неопходен за остварување на целите за кои податоците се собрани, но најмногу до пет години од денот на нивното внесување, по што се уништуваат на начин предвиден со подзаконски пропис, кој го донесува министерот за надворешни работи.

Обврска за чување на тајна

Член 56

Лицата вработени во надлежните органи на кои им е доделен пристап до Н-ВИС, се должни да ги чуваат како тајна податоците до кои дошле во својата работа, како за време на нивниот работен однос во надлежните државни органи, така и по неговото престанување, а кои претставуваат лични податоци согласно со закон.

Безбедност на податоците во Н-ВИС

Член 57

Надлежните органи се должни согласно со закон, да ги преземат сите неопходни технички и организациски мерки за да обезбедат заштита, односно безбедност на податоците кои ги обработуваат во Н-ВИС.

4. Поднесување барање и издавање визи преку надворешни даватели на услуги за визи или трговски посредници

Надворешни даватели на услуги

Член 58

(1) Надворешен давател на услуги е странско правно лице регистрирано за вршење на услуги за посредување за добивање на визи за странска држава, кое посредува во прибирањето на барањата за визи, во смисла на прием на барањето за виза и останатата потребна документација во зависност од видот на визата, нејзино проследување до надлежното дипломатско-конзуларно претставништво на Република Македонија, како и издавање на визиран пасош на странски државјанин кој барањето за виза го поднел преку надворешен давател на услуги.

(2) Разгледувањето на барањето за виза, интервјуто, печатењето и прилепувањето на налепницата за виза се врши од страна на дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија.

(3) Надворешениот давател на услуги нема пристап до Н-ВИС на Министерството за надворешни работи.

Член 59

(1) Соработката со надворешните даватели на услуги се остварува врз основа на договор за соработка склучен помеѓу надворешниот давател на услугата со Министерството за надворешни работи или со дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија, по претходна согласност од Министерството за надворешни работи.

(2) Договорот за соработка од ставот (1) на овој член, особено ги уредува прашањата за:

- општите информации за визниот режим на Република Македонија и обрасците на барањата за визи и барањата за издавање дозволи за привремен престој кои надворешниот давател на услуги ги прави достапни на подносителите на барањата,
- техничките, организациските и безбедносните мерки кои треба да бидат исполнети од давателот на услугите со цел за заштита на личните податоци од случајно или незаконско уништување или случајно губење, промена, неовластено користење или пристап до личните податоци,
- стручноста и начинот на однесување на вработените на давателот на услугите,
- висината на надоместокот за извршената услуга од страна на давателот,
- проверката на успешноста на спроведувањето на активностите на давателот на услуга,
- начинот на постапување со општите барања упатени од страна на дипломатско-конзуларното претставништво, како и
- начинот на вршење надзор од страна на дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија.

Член 60

(1) Изборот на надворешен давател на услуги го врши Министерството за надворешни работи врз основа на јавен повик или врз основа на изразен интерес за соработка од страна на надворешен давател на услуги.

(2) Јавниот повик од ставот (1) на овој член, се објавува на интернет страницата на Министерството за надворешни работи, односно дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија, со рок од најмалку 15 работни дена за доставување на документацијата, сметано од денот на објавувањето на јавниот повик.

(3) За извршената услуга надворешениот давател на услуга има право на надомест кој се наплатува од барателот на услугата.

(4) Висината на надоместокот од ставот (3) на овој член, не може да биде повисока од половината на надоместокот за таксата за виза утврден со закон.

(5) Начинот за избор на надворешен давател на услуги ќе биде утврден во посебен пропис што ќе го донесе министерот за надворешни работи.

Член 61

Дипломатско-конзуларното претставништво обезбедува стручна обука на надворешните даватели на услуги и врши надзор над спроведувањето на договорот од членот 59 од овој закон, по случаен избор, во просториите на надворешниот давател на услугата.

Трговски посредници

Член 62

Соработката со трговските посредници се остварува врз основа на доделена акредитација од страна на Министерството за надворешни работи за прибирање на барања за виза за туристички цели (во натамошниот текст: акредитација).

Доделување акредитација

Член 63

(1) Акредитацијата од членот 62 од овој закон ја доделува Министерството за надворешни работи, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барање за акредитација, а врз основа на извршена проверка на:

- тековниот статус на трговскиот посредник (лиценца, трговски регистар, договори со банки),
- постојни договори со трговски партнери основани во Република Македонија кои нудат услуги на сместување и организираат туристички аранжмани и
- постојни договори со транспортни компании кои вклучуваат организиран превоз до Република Македонија и враќање на странците во земјата од која се довезени.

(2) За добивање на акредитација, барањето од ставот (1) на овој член трговскиот посредник го поднесува до дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во период од 15 јануари до 15 март во тековната година за која се бара акредитацијата.

(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член, трговскиот посредник приложува и:

- дозвола за работа во областа на туризмот или копија заверена на нотар, на македонски јазик и неговото кирилско писмо и англиски јазик, согласно со закон,
- договор со трговскиот партнер од ставот (1) алинеја 2 на овој член и решение за упис во Централен регистар,
- договор со транспортната компанија од ставот (1) алинеја 3 на овој член,
- договор со осигурителна компанија за групно или поединечно осигурување на туристи,
- проценка на број на туристи кои ќе ги користат туристичките аранжмани за патување во Република Македонија и
- полномошно за претставникот на трговскиот посредник овластен за доставување на поднесените барања за визи и потребната документација до дипломатско-конзуларното претставништво, како и за подигање на издадените визи, односно решенијата за одбивање на барањата за издавање визи.

(4) Акредитацијата од ставот (1) на овој член, се издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо и англиски јазик и содржи податоци за: трговскиот посредник на кого му се доделува акредитацијата, дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во кое трговскиот посредник ќе ги доставува поднесените барања за визи, претставникот на трговскиот посредник овластен за поднесување на барања за визи, времетраењето на акредитацијата, потпис и печат на Министерството за надворешни работи.

Права и обврски

Член 64

(1) Дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија ги објавува податоците за трговскиот посредник на веб страната на Министерството за надворешни работи преку кој странските државјани можат да поднесат барање за виза.

(2) Контролата врз работењето на трговскиот посредник ја врши надлежното дипломатско-конзуларно претставништво на Република Македонија.

(3) Трговскиот посредник на кого му е доделена акредицација е должен да го извести дипломатското претставништво со кое соработува за:

- раскинување на договорот со трговскиот партнер од членот 63 став (1) алинеја 2 од овој закон,
- склучување на договор за соработка со нов трговски партнер и
- промена на претставникот на трговскиот посредник од членот 63 став (3) алинеја 6 од овој закон.

Отповикување на акредитација

Член 65

Министерството за надворешни работи ја отповикува акредитацијата од членот 62 од овој закон, ако:

- трговскиот посредник не го извести дипломатско-конзуларното претставништво за настанати промени во тековниот статус и договорите од членот 63 став (1) алинеи 1, 2 и 3 од овој закон. Во тој случај договорите од членот 63 став (1) алинеи 2 и 3 од овој закон се ништовни,
- трговскиот посредник не врши редовно доставување на поднесените барања за визи и потребната документација до дипломатско-конзуларното преставништво,
- трговскиот посредник доставува фалсификувана, лажна или преправана документација и
- постапува спротивно на целта на доделената акредитација.

Глава IV

ПРЕСТОЈ НА СТРАНЦИ

Дефинирање на престој на странец

Член 66

Престој на странец, во смисла на овој закон е:

1) краткорочен престој;
2) привремен престој и
3) постојан престој.

1. Краткорочен престој

Дефинирање на краткорочен престој

Член 67

(1) Краткорочен престој во смисла на овој закон, се смета престој на странец со виза или без виза, доколку со овој закон или со ратификуван меѓународен договор поинаку не е определено.

(2) Странец кој ги исполнува условите за влез од членот 11 од овој закон, краткорочно престојува во Република Македонија најмногу 90 дена во кој било период од 180 дена кои претходат на секој ден престој во Република Македонија.

(3) При утврдување на времетраењето на краткорочниот престој од ставот (2) на овој член, не се зема предвид времето на претходно одобрениот привремен или постојан престој на територијата на Република Македонија.

(4) Странецот од ставот (1) на овој член кој краткорочно престојува без виза, може да престојува во Република Македонија од истите причини што се дозволени за странците кои мораат да имаат виза.

(5) Странец нема краткорочен престој во смисла на ставот (1) на овој член, ако:

- незаконски влегол во Република Македонија,
- нема валидна виза, доколку му е потребна согласно со визниот режим на Република Македонија,
- ја искористил визата или истекла важноста на издадената виза,
- престојувал подолго од 90 дена во кој било период од 180 дена кои претходат на секој ден престој во Република Македонија и
- е доведен од државната граница во просториите на судот заради спроведување на прекршочна или кривична постапка, а не му е дозволен влез во Република Македонија.

Престанување на краткорочен престој

Член 68

Краткорочниот престој на странецот престанува:
- кога има важечка забрана за влез во Република Македонија,
- со истекот на рокот определен во визата,
- со откажување на краткорочниот престој и
- со истекот на рокот утврден во членот 67 став 2 од овој закон.

Откажување краткорочен престој

Член 69

На странец му се откажува краткорочниот престој, ако:
- остане без средства за издржување и сместување или транзит во трета држава во која сигурно ќе биде прифатен, а издржувањето и сместувањето за време на престојот во Република Македонија не му е обезбедено на друг законски начин,
- не ги намирил доспеаните финансиските обврски во Република Македонија и
- претставува опасност за јавниот ред и поредок, националната безбедност или меѓународните односи на Република Македонија.

Надлежност за донесување решение за откажување краткорочен престој

Член 70

(1) За откажување краткорочен престој одлучува Министерството за внатрешни работи со решение.

(2) Со решението од ставот (1) на овој член се определува рок на доброволно враќање во кој странецот е должен да ја напушти територијата на Република Македонија, согласно со членот 152 од овој закон, како и времето за кое му е забрането повторно влегување во Република Македонија, утврдено во членот 153 од овој закон.

(3) Против решението од ставот (1) на овој член странецот може да поведе управен спор пред надлежен суд, согласно со Законот за управните спорови.

(4) Поведувањето на управен спор пред надлежен суд од ставот (3) на овој член не го одлага извршувањето на решението за откажување краткорочен престој.

2. Привремен престој

2.1 Причини за привремен престој

Член 71

(1) Привремен престој му се одобрува на странец кој има намера да престојува во Република Македонија заради следниве причини:
- работа,
- школување или студирање,
- учество во програми на меѓународна размена на ученици или студенти,
-специјализација, стручно усовршување или практично оспособување,
- волонтирање,
- научно-истражувачка дејност,
- лекување,
- сместување или згрижување во установи за стари лица,
- семејно обединување или
- хуманитарни причини.

(2) Привремен престој му се одобрува и на:
- странец кој е член на потесното семејство на државјанин на Република Македонија,
- странец кој по потекло е од Република Македонија,
- дете на странец родено во Република Македонија или
- странец резидент на држава членка на Европската Унија или на ОЕЦД, кој стекнал право на сопственост на стан, станбена зграда и куќа на територијата за Република Македонија под услови утврдени со закон, во износ од најмалку 40.000 евра.

(3) Странецот на кого му е дозволен привремен престој за одредена цел, може да престојува во Република Македонија само во согласност со целта заради која му е дозволен престојот и за определено време.

Услови за одобрување привремен престој

Член 72

(1) На странец му се одобрува привремен престој во Република Македонија, ако:
- има средства за издржување, односно издржувањето му е обезбедено на друг законски начин,
- има обезбедено сместување или има средства за сместување,
- има здравствено осигурување,
- ги исполнува условите предвидени за одделни видови на привремен престој утврдени во членот 71 од овој закон,
- не постојат причини за одбивање на влез утврдени во членот 17 од овој закон,
- е неосудуван во државата чиј државјанин е и во државата во која престојува на безусловна казна затвор во времетраење подолго од 6 (шест) месеци за кривично дело кое се гони по службена должност и
- не се води кривична постапка против странецот во државата чиј државјанин е или во државата во која престојува и од која го поднесува барањето за одобрување на приврмен престој за кривично дело за кои е предвидена казна затвор во времетраење подолго од 6 (шест) месеци кое се гони по службена должност.

(2) Странец, кој е на возраст до 18 години живот, а кој има намера во Република Македонија да престојува без придружба на родител, односно старател покрај условите од ставот (1) алинеи 1, 2 ,3 и 4 на овој член, задолжително треба да приложи и заверено одобрение од родителите, односно од старателот за престој во Република Македонија.

(3) Одобрението од ставот (2) на овој член мора да е заверено од надлежен орган на државата од која доаѓа странецот или од дипломатско-конзуларно преставништво на Република Македонија.

2.2 Постапка за одобрување привремен престој

Барање за одобрување привремен престој

Член 73

(1) Привремен престој се одобрува по поднесено барање на странецот кој има намера да престојува во Република Македонија.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случаи утврдени со овој закон привремен престој се одобрува и по поднесено барање од друго физичко лице, овластен претставник или правно лице.

(3) Барањето за одобрување на привремен престој во Република Македонија, како придружен документ на барањето за издавање на виза за регулирање на долгорочен престој (виза Д), странецот може да го поднесе во дипломатско- конзуларното претставништво на Република Македонија или преку дипломатско или конзуларно претставништво на држава со која Република Македонија има потпишано договор за конзуларно застапување во трети земји, преку надворешните даватели

на услуги или трговски посредници или директно во Министерството за внатрешни работи, во случаи предвидени со овој закон.

(4) Поради хуманитарни причини, барањето за одобрување привремен престој се поднесува до Министерството за внатрешни работи.

(5) Подносителот на барањето за одобрување привремен престој е должен на барање на надлежниот орган лично да се јави на разговор.

(6) Во барањето од ставот (1) на овој член, задолжително се наведува целта и околностите на предвидениот престој во Република Македонија кои во текот на постапката не смеат да се менуваат.

(7) Со барањето за одобрување привремен престој, странецот е должен да поднесе валидна патна исправа или заверен препис од истата, чиј рок на важење е најмалку 90 дена подолг од времето предвидено за престој во Република Македонија и докази дека се исполнети условите од членот 72 став (1) алинеи 1, 2, 3 и 4 од овој закон.

Постапување на дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во странство по поднесеното барање

Член 74

(1) Дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија, што примило барање на странец за издавање на виза за привремен престој (виза Д), кон барањето го приложува и барањето за одобрување привремен престој во Република Македонија, барањето го внесува во Н-ВИС информацискиот систем, заради одлучување по барањето од страна на Министерството за внатрешни работи.

(2) Диломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија нема да го прими барањето од ставот (1) на овој член, ако кон барањето не е приложена потребната документација утврдена со членот 73 став (7), како и други документи утврдени со овој закон.

Надлежност за донесување решение за одобрување привремен престој

Член 75

(1) За барањето на странецот за одобрување привремен престој во Република Македонија одлучува Министерството за внатрешни работи со решение.

(2) Решението со кое се дозволува привремен престој, Министерството за внатрешни работи го издава во рок од 30 работни дена од денот на приемот на барањето - доколку барањето е поднесено во Министерството за внатрешни работи, односно 60 работни дена - доколку барањето е поднесено во дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија или преку дипломатско или конзуларно претставништво на држава со која Република Македонија има потпишано договор за конзуларно застапување во трети земји, преку надворешните даватели на услуги или трговски посредници до надворешните даватели на услуги.

(3) Странецот кој поднел барање за одобрување на привремениот престој во Министерството за внатрешни работи согласно овој закон, може да остане во Република Македонија до донесувањето на конечна одлука по неговото барање, за што Министерството за внатрешни работи му издава посебна потврда.

(4) По исклучок од ставот (2) на овој член, роковите можат да бидат продолжени најмногу за 30 работни дена, особено кога е потребно дополнително разгледување на барањето.

(5) При разгледување на барањето за одобрување на привремен престој ќе се има во предвид најдобриот интерес на малолетните деца.

(6) Во случај кога со решението од ставот 1 на овој член се одбива барањето за одобрување на привремен престој во Република Македонија во решението се наведуваат причините за одбивање на барањето.

(7) Решението од ставот (1) на овој член, се внесува (скенира) во Н-ВИС системот и дипломатско-конзуларното претставништво предава испечатена копија на скенираното решение каде што странецот го поднел.

(8) Странецот со потпис и датум го потврдува приемот на решението на испечатената копија на скенираното решение.

(9) Во случаите предвидени со членот 77 став (3) од овој закон решението може да го подигне и овластениот претставник на странецот или на правното лице.

(10) Против решението од ставот (1) на овој член, странецот има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(11) Решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

(12) Против решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен може да се поведе управен спор пред надлежен суд, согласно со Законот за управните спорови.

Дозвола за привремен престој

Член 76

(1) На странецот, на кој му е издадено решение со кое му се одобрува привремен престој, Министерството за внатрешни работи му издава дозвола за привремен престој.

(2) Дозволата за привремен престој, Министерството за внатрешни работи ја издава лично на странецот на кого се однесува.

(3) Дозволата за привремен престој, Министерството за внатрешни работи ја продолжува, ако на странецот му е издадено решение за продолжување на привремен престој согласно со членот 79 од овој закон.

(4) Дозволата издадена за привремен престој заради работа, преставува единствена дозвола за работа и престој на странецот на кој му се издава.

Член 77

(1) Странецот задолжително треба да има решение со кое му се одобрува привремен престој во Република Македонија пред неговото прво влегување во Република Македонија по тој основ, доколку барањето се поднесе во дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија.

(2) При првото влегување во Република Македонија странецот од ставот (1) на овој член, покрај решението за одобрување привремен престој потребно е да поседува и виза за регулирање привремен престој (виза Д).

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, кога постапката за привремен престој странецот, овластен преставник на странецот или на правно лице ја започнува во Република Македонија, согласно со овој закон, на странецот ќе му се издаде виза за регулирање привремен престој (виза Д), доколку во дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија го приложи решението со кое му се одобрува привремен престој.

Член 78

Со дозволата за привремен престој странецот може да излегува и влегува во Република Македонија без виза, до истекот на рокот определен со дозволата за престој.

Продолжување на привремен престој

Член 79

(1) Привремен престој се продолжува за време што е потребно за исполнување на целта на престојот, но не подолго од една година.

(2) На барање на странецот што се поднесува не порано од 30 дена пред истекот на привремениот престој или најдоцна 15 дена по истекот на привремениот престој, ако се исполнети условите од членот 72 од овој закон, привремениот престој се продолжува при што секое продолжување не може да биде подолго од една година.

(3) Странецот, кој во рокот утврден во ставот (2) на овој член, поднел барање за продолжување на привремениот престој може да остане во Република Македонија до донесувањето на конечна одлука по неговото барање, за што Министерството за внатрешни работи му издава посебна потврда.

(4) Привремен престој нема да се продолжи ако се утврди дека странецот неоправдано не престојувал во Република Македонија подолго од една четвртина од рокот за кој му е дозволен привремен престој.

(5) Министерството за внатрешни работи, по поднесеното барање согласно со ставот (2) на овој член ќе донесе решение во рок од 30 работни дена од денот на приемот на барањето.

(6) Против решението на Министерството за внатрешни работи со кое се одлучува за продолжување на привремениот престој, странецот има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(7) Решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

(8) Против решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен може да се поведе управен спор пред надлежен суд, согласно со Законот за управните спорови.

(9) Времетраењето на продолжениот привремен престој од ставот (2) на овој член, не може да се скрати поради настапување на болест на странец кој ги исполнува условите од членот 72 од овој закон.

2.3. Привремен престој заради различни причини

а) Привремен престој заради работа

Член 80

(1) Привремен престој заради работа, според намената, ќе се одобри за:

1) вработување на странец;

2) сезонско вработување на странец и

3) упатени работници.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, странец може да престојува и работи во Република Македонија и врз основа на потврда за регистрација за работа, која е издадена во согласност со посебен закон, доколку работата што ја врши странецот е пократка од 90 дена.

Член 81

(1) Привремен престој заради вработување и сезонско вработување ќе се одобри на странец кој ги исполнува условите согласно закон и за кој е добиено позитивно мислење од страна на Агенцијата за вработување на Република Македонија (во натамошниот текст: Агенцијата).

(2) Агенцијата по однос на поднесено барање за добивање на мислење издава мислење за периодот кој странецот го навел во барањето, но не подолго од една година.

(3) Доколку периодот за работен ангажман не е наведен во барањето на странката, првичното мислење ќе се издаде за период од шест месеци.

Член 82

(1) Странец во Република Македонија може да работи врз основа на решение за привремен престој заради работа.

(2) Странецот со одобрен привремен престој заради работа во Република Македонија може да ја врши само работата за која му е одобрен привремениот престој.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, странецот кој има краткорочен престој во државата може да врши краткотрајни работи во период до 90 дена со потврда за регистрација на работата, доколку со закон поинаку не е определено.

Член 83

(1) Привремен престој заради работа ќе се одобри врз основа на барање на странецот, правното лице со кое странецот треба да склучи договор за вработување или од него овластен претставник, кое може да се поднесе и во Министерството за внатрешни работи.

(2) Привремен престој заради работа ќе се одобри ако Агенцијата издаде позитивно мислење дека странецот ги исполнува условите согласно со закон, доколку со ратификуван меѓународен договор поинаку не е определено.

(3) Мислењето од ставот (2) на овој член, Министерството за внатрешни работи го обезбедува по службена должност согласно со закон.

(4) Агенцијата е должна да го достави мислењето од ставот (2) на овој член до Министерството за внатрешни работи во рок од 15 работни дена од ден на приемот на документацијата.

(5) Доколку документацијата доставена преку Министерството за внатрешни работи до Агенцијата е некомплетна, Агенцијата ќе издаде мислење дека не се исполнети условите за издавање на мислење, со образложение кој од доказите утврдени со овој закон недостасува.

(6) Доколку Агенцијата не постапи во рокот од ставот (4) на овој член, ќе се смета дека мислењето е негативно.

Член 84

(1) Агенцијата води евиденција за издадени мислења врз основа на податоците добиени во постапката за издавање на мислењето.

(2) По однос на издадено мислење од Агенцијата, одговорните лица во правниот субјект каде странецот е работно ангажиран задолжително вршат пријавување на почетокот на работата, најдоцна во рок од 90 дена од денот на издавањето на мислењето од Агенцијата.

(3) Агенцијата по службена должност на квартален период до Министерството за внатрешни работи доставува известување за лица за кои е издадено позитивно мислење, а во законски предвидениот рок со истите не е извршено пријавување на почетокот на работата.

(4) Ако работниот или договорниот однос заради некоја причина не успее да се заснова или се прекине работниот или договорниот однос со странецот пред истекот на важноста на дозвола за престој по однос на работа, подносителот е должен да го извести органот кој ја издал дозволата.

(5) Обврска од ставот (4) на овој член, важи и за самовработени лица, ако тие престанат да ја вршат дејноста пред истекот на дозволата.

Член 85

(1) Во постапката за продолжување на привремен престој заради работа со цел добивање на позитивно мислење од Агенцијата, барањето треба да се издаде во период на важност на претходно издаденото мислење, но не порано од 30 дена пред истекот на истото.

(2) Агенцијата покрај проверката на доказите согласно со членовите 87, 89 и 91 од овој закон, во постапката за продолжување на привремен престој заради работа, врши проверка дали во времето на претходно регулираниот привремен престој заради работа е:

- извршена пријава на работа на странец во Агенцијата и
- подмирена обврската за социјално осигурување во Република Македонија или е доставен дополнителен доказ за социјално и здравствено осигурување во случаите на упатените работници.

2.3.1 Привремен престој заради вработување

Член 86

(1) Привремен престој заради вработување на странец се одобрува врз основа на издадено позитивно мислење од страна на Агенцијата дека странецот ги исполнува следниве услови:

- работодавачот ги исполнува законски пропишаните услови,
- квотата која важи за овој облик на вработување не е пополнета и
- вработувањето на странецот нема негативни влијанија на пазарот на трудот, особено врз домашната состојба на невработеност, структурата на вработеност или регионалните потреби за создавање на нови работни места во индустриите.

(2) Согласно со одредбите од ставот (1) на овој член, позитивно мислење ќе се издава под услов ако домашните лица кои бараат работа не ја бараат соодветната работа.

(3) Во случаите поврзани со управители, основачи, спортисти, работници од областа на културата, научници, уредници, персонал во дипломатски претставништва кои немаат привилегиран статус и странци, кои повеќе од една години работат кај ист работодавач и на исто работно место, вработувањето на странци нема да се поврзува со пазарот на трудот, заради природата на работата за која станува збор и позитивно мислење за горенаведените случаи ќе се издава без оглед на моменталните услови на пазарот на труд во Република Македонија во поглед на дефицитарноста на работната сила.

(4) Мислењата по однос на привремен престој заради вработување на странец ќе се издаваат како дел од квотата утврдена за вработување на странци во Република Македонија.

Услови за привремен престој заради вработување

Член 87

Во постапката за добивање на мислење од страна на Агенцијата во смисла на членот 80 став (1) алинеја 1 од овој закон, потребно е да бидат приложени и следниве докази:

- доказ за регистрација, односно упис во Централниот регистар на Република Македонија на правниот субјект каде лицето ќе биде работно ангажирано,
- документ со кој се докажува идентитетот на странецот,
- образложение за потребите за вработување на странецот,
- потпишан договор за вработување помеѓу работодавецот и странецот согласно со прописите за работни односи и
- доказ за соодветно образование или специфична стручна оспособеност на странецот издаден од овластен орган или институција.

Привремен престој заради сезонско вработување

Член 88

(1) Позитивно мислење од Агенцијата по однос на барање за одобрување на привремен престој заради сезонско вработување во смисла на членот 80 став (1) алинеја 2 од овој закон, ќе се издаде како дел од квотата која е определена за сезонското вработување.

(2) Сезонското вработување на странци ќе биде дозволено во рамките на активностите од сезонска природа, единствено во случај кога побарувачката на пазарот на работна сила привремено ја надминува понудата, која ќе послужи како основа за одредување на годишната квота за овие намени.

(3) Позитивно мислење по однос на барањето за одобрување на привремен престој заради сезонско вработување за странец, се издава со важност до шест месеци, а за сезонско вработување во градежништвото до девет месеци, само еднаш во календарската година, освен доколку поинаку не е определено со овој закон.

(4) За извршување на сезонското вработување, работодавачот е должен да склучи договор за засновање на работен однос на определено време со странецот.

Услови за привремен престој заради сезонско вработување

Член 89

(1) Во постапката за добивање на мислење од страна на Агенцијата за привремен престој заради сезонско вработување, потребно е да бидат приложени и следниве докази:

- доказ за регистрација, односно упис во Централниот регистар на Република Македонија на правниот субјект каде лицето ќе биде работно ангажирано,
- документ со кој се докажува идентитетот на сезонскиот работник,
- потпишан договор за вработување помеѓу работодавецот и странецот согласно прописите за работни односи,
- образложение за потребата за сезонска работа на странец,
- доказ за соодветно образование во соодветната област или оспособеност на странецот доколку странецот работи во регулирана професија согласно со закон,
- доказ за познавање на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, во случаите кога тоа го бара потребата на работата и
- доказ дека има обезбедено сместување кое обезбедува соодветен животен стандард за време траење на неговиот престој.

(2) Агенцијата нема да издаде позитивно мислење доколку:

- работодавецот е казнет поради незаконско вработување или непријавување на странецот како работник,
- доколку е покренатa постапка за стечај или
- доколку работодавецот е казнет поради неисполнување на обврските утврдени со закон во врска со плаќање на придонеси, даноци, како и други обврски утврдени со закон.

Привремен престој за упатени работници

Член 90

(1) Позитивно мислење од Агенцијата по однос на барање за одобрување за привремен престој заради упатување на работник во смисла на членот 80 став (1) алинеја 3 од овој закон, ќе се издаде како дел од квотата која е определена за упатени работници.

(2) Странско правно лице може привремено да ги упати своите работници во Република Македонија, заради давање на услуга врз основа на склучен договор со клиент од Република Македонија.

(3) Странско правно лице може привремено да ги упати своите работници од локацијата на нивното постојано вработување во странство, во филијала или друга организациска деловна единица преку кои ќе биде присутен на пазарот во Република Македонија, заради спроведување на некои специфични задачи или заради обезбедување на договорните услуги на територијата на Република Македонија.

(4) Странско правно лице може да упатува работници вработени кај него, ако работниците биле претходно вработени кај тоа правно лице најмалку една година.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, доколку станува збор за практиканти, истите треба претходно да биле вработени кај тоа правно лице најмалку шест месеци.

(6) Странските работници може да се упатат во Република Македонија за не подолго од две години, освен ако не е поинаку утврдено со овој или друг закон или меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Македонија.

(7) Странските работници во смисла на ставот (1) на овој член, може повторно да поднесат барање за привремен престој заради работа согласно со членот 80 став (1) алинеја 1 од овој закон по привремен престанок на работата наметнат од важноста на претходно одобрениот привремен престој заради работа.

(8) По исклучок од одредбите од овој член, доколку станува збор за упатени работници согласно со ратификувани билатерални договори за социјално осигурување, ќе се применуваат одредбите од билатералниот договор.

Услови за привремен престој заради упатени работници

Член 91

Во постапката за добивање на мислење од страна на Агенцијата за привремен престој заради упатување на работник потребно е да бидат приложени и следниве докази:

- доказ за регистрација, односно упис на странско правно лице, филијалата или друга организациска деловна единица во Централниот регистар на Република Македонија,
- документ со кој се докажува идентитетот на упатениот работник,
- доказ дека упатениот работник најмалку една година е во работен однос и е пријавен во задолжително социјално осигурување од страна на странскиот работодавач,
- акт за упатување на работникот на времена работа во организациската единица,
- договор на странецот со трговското друштво односно филијалата и
- доказ за соодветно социјално осигурување на странецот од матичната држава или доказ за соодветно здравствено осигурување, согласно со прописите во Република Македонија.

б) Привремен престој заради школување или студирање

Услови за привремен престој заради школување или студирање

Член 92

(1) Привремен престој на странец заради школување или студирање ќе се одобри ако странецот кон барањето приложи и:

- потврда дека е запишан како редовен ученик на одобрена наставна програма во основно или средно образование во училиште верифицирано од Министерството за образование и наука, во која е определено времетраењето на планираното школување или
- потврда дека е запишан како редовен студент на одобрена студиска програма на високообразовна установа евидентирана во Регистарот на високообразовни установи кој го води Министерството за образование и наука, во која е определено времетраењето на планираното студирање,
- одобрение од родител, односно старател за престој во Република Македонија, доколку странецот е малолетен и
- доказ дека го владее јазикот или се запишал на курс за изучување на јазикот на кој ќе се одвива наставната програма во образовната установа во Република Македонија.

(2) По исклучок од ставот (1) алинеја 4 на овој член, доколку учениците односно студентите следат настава на јазик на државата од која доаѓаат или претходното образование го завршиле на јазикот на кој се изведува наставната, односно студиската програма на образовната установа на која се запишуваат, потребно е истото да го докажат со доставување на копија од свидетелство односно диплома, со што се смета дека го владеат јазикот на кој ќе се одвива наставната програма.

(3) Министерството за образование и наука, по претходно барање на Министерството за внатрешни работи, доставува листа на високообразовни установи запишани во Регистарот на високообразовни установи и листа на акредитирани студиски програми до Министерството за внатрешни работи и тековно го известува за секоја настаната промена.

(4) Во случај кога странецот од ставот (1) на овој член законски престојува во Република Македонија заради студирање, барањето за одобрување привремен престој може да го поднесе и до Министерството за внатрешни работи.

(5) Министерот за образование и наука во соработка со министерот за внатрешни работи го пропишува видот, формата и содржината на образецот за потврдата од ставот (1) алинеи 1 и 2 на овој член.

Времетраење на престојот

Член 93

(1) Привремен престој заради школување или студирање се одобрува за период до една година и истиот може да се продолжува ако странецот ги исполнува условите утврдени во членот 79 од овој закон и ако приложи потврда од образовната установа дека постигнал значителен напредок во образованието.

(2) Без оглед на исполнување на условите од ставот (1) на овој член, привремен престој заради студирање нема да се продолжи ако се утврди дека странецот го пречекорил дозволениот број на работни часови согласно со закон.

(3) Привремен престој заради школување или студирање може да се продолжува најмногу до една година од истекот на рокот утврден за тој вид на школување или студирање.

(4) Доколку постојат особено оправдани причини, привремениот престој може да се продолжи и по истекот на рокот утврден во ставот (3) на овој член, но не подолго од една година.

(5) Странецот по завршувањето на школувањето или студирањето заради кое му е дозволен привремениот престој е должен да ја напушти територијата на Република Македонија.

(6) Странецот кој во Република Македонија престојува заради школување или студирање не може да се вработи или да работи во Република Македонија.

(7) По исклучок од ставот (6) на овој член, на странецот кој престојува заради студирање може да му се дозволи вршење на краткорочни или помошни работи согласно закон.

в) Привремен престој заради учество во програми на меѓународна размена на ученици или студенти

Услови за одобрување привремен престој

Член 94

(1) На странец кој во Република Македонија доаѓа заради учество во програми на меѓународна размена на ученици во средно образование или студенти му се одобрува привремен престој ако странецот приложи и:

- потврда од државен орган, високо-образовна установа запишана во Регистерот на високо-образовни установи на Министерството за образование и наука или институција надлежна за извршување на ратификувани меѓународни договори за меѓународна размена на ученици или студенти во која ќе се утврди дека странецот е прифатен во меѓународната размена, како и времетраењето на неговото учеството во програмата за меѓународната размена на ученици или студенти и
- потврда од државен орган, високо-образовна установа запишана во Регистерот на високо-образовни установи на Министерството за образование и наука или институција надлежна за извршување на ратификувани меѓународни договори за меѓународна размена на ученици или студенти за преземање на финансиска одговорност за странецот за време на неговиот престој во Република Македонија во однос на трошоците за издржување, сместување, школување односно студирање, здравствено осигурување и трошоците за враќање.

Времетраење на привремениот престој

Член 95

(1) Привремениот престој заради учество во програми на меѓународна размена на ученици или студенти се одобрува за период до една година.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, ако постојат особено оправдани причини, привремениот престој од ставот (1) на овој член може да се продолжи, но не подолго од една година.

(3) Странецот кој во Република Македонија престојува заради учество во програми на меѓународна размена на ученици или студенти не може да се вработи или да работи во Република Македонија.

г) Привремен престој заради специјализација, стручно усовршување или практично оспособување

Услови за одобрување привремен престој

Член 96

(1) Привремен престој заради специјализација, стручно усовршување или практично оспособување се одобрува ако странецот кон барањето приложи и потврда од соодветно правно лице или надлежен орган во Република Македонија дека му е одобрена специјализација, стручно усовршување или практично оспособување, како и верифицирана програма согласно со закон во која е утврдено времетраењето на предвидената специјализација, стручно усовршување или практично оспособување.

(2) Привремениот престој од ставот (1) на овој член се одобрува на странец кој се стекнал со високо образование со цел стручно усовршување на практикант или странец кој студира во друга држава заради остварување на практична настава која му е потребна за стекнување на високо образование, а ги исполнува општите услови за привремен престој од овој закон.

(3) Како доказ за оправданоста на барањето покрај потврдата и програмата, приложува и доказ за стекнатото ниво на образование и квалификација во претходните две години пред поднесување на барањето, односно доказот за обврската за практична настав со цел стекнување високо образование.

(4) Стручното усовршување или практичното оспособување се спроведува согласно верифицирана програма, која содржи:

- опис на програмата за стручно усовршување или практичното оспособување на практикантот, односно практичното оспособување на студенти, цел и фаза на усовршување, односно настава,
- времетраење на приправничниот стаж односно практичното оспособување,
- број на часови за стручно оспособување на практикантот, односно практичното оспособување,
- начин на спроведување надзор на спроведување на стручното усовршување или практичното оспособување и
- права и обврски помеѓу практикантот и работодавецот.

(5) Доколку странецот од ставот (1) на овој член, не ги исполнува условите од членот 72 став 1 алинеи 1 и 2 од овој закон, потребно е правното лице, односно надлежниот орган од ставот 1 на овој член да достави доказ за покривање на трошоците за време на неговиот престој и дека има обезбедено сместување.

Времетраење на привремениот престој

Член 97

(1) Привремен престој заради специјализација, стручно усовршување или практично оспособување се одобрува за период до една година и истиот може да се продолжува ако се исполнети условите утврдени во членот 79 од овој закон.

(2) По истекот на рокот утврден во програмата за предвидената специјализација, стручно усовршување или практично оспособување странецот е должен да ја напушти територијата на Република Македонија.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, ако постојат особено оправдани причини, привремениот престој од ставот (1) на овој член може да се продолжи и по истекот на рокот утврден во програмата за тој вид специјализација, стручно усовршување или практично оспособување, но не подолго од една година.

д) Привремен престој заради волонтерство

Член 98

(1) Привремен престој заради волонтерство се одобрува ако странецот кон барањето приложи и согласност за волонтирање издадена од Министерството за труд и социјална политика.

(2) Привремениот престој од ставот (1) на овој член се одобрува за периодот за кој е издадена согласноста, но не подолго од една година и истиот може да се продолжува ако се исполнети условите од членот 79 од овој закон.

ѓ) Привремен престој заради вршење на научно-истражувачка дејност

Услови за привремен престој

Член 99

(1) Привремен престој заради вршење на научно-истражувачка дејност се одобрува ако странецот-истражувач кон барањето приложи и:

- договор склучен со субјекти за вршење на научно-истражувачка дејност кои се евидентирани во регистарот на Министерството за образование и наука,
- доказ за финансирање на истражувачкиот проект,
- заверена копија за ниво на образование (диплома за завршен прв, втор или трет циклус на студии) и
- потврда од субјектите од ставот (1) алинеја 1 на овој член со која е склучен договорот за преземање на финансиска одговорност за трошоците за престој, здравственото осигурување и трошоците за враќање на странецот кој ќе врши научно-истражувачка дејност во Република Македонија.

Претходна потврда од Министерството за образование и наука

Член 100

(1) Субјектот за вршење на научно-истражувачка дејност кој е евидентиран во регистарот на субјекти за вршење на научно-истражувачка дејност на Министерството за образование и наука, може да склучи договор со странецот за вршење на научно-истражувачка дејност.

(2) Договорот од ставот (1) на овој член треба да содржи:

- назив и целта на научно-истражувачката дејност,
- обврската на странецот-истражувач да ја заврши научно-истражувачката дејност,
- обврска на субјектот за вршење на научно-истражувачка дејност да обезбеди услови за извршување на научно-истражувачката дејност и
- датум на почеток и крај на научно-истражувачката дејност.

(3) Министерството за образование и наука, врз основа на поднесено барање од страна на субјектот од ставот (1) на овој член, потврдува дека истиот е евидентиран во Регистарот на субјекти за вршење на научно-истражувачка дејност на Министерството за образование и наука.

(4) Кон барањето од ставот (2) на овој член, субјектот од ставот (1) на овој член е должен да достави потврда за преземање на финансиска одговорност за трошоците за престој, здравственото осигурување и трошоците за враќање на странецот-истражувач.

(5) Субјектот од ставот (1) на овој член во рок од 24 часа го информира Министерството за образование и наука во случај на спреченост во вршењето или прекин на вршењето на научно-истражувачката дејност.

(6) Во периодот од два месеца по истекот на договорот за вршење на научно- истражувачка дејност субјектот од ставот (1) на овој член е должен да го извести Министерството за образование и наука за резултатите и престанокот на извршениот научно-истражувачки проект.

Услови за склучување на договор за вршење на научно-истражувачка дејност

Член 101

(1) Субјектот за вршење научно-истражувачка дејност кој е евидентиран во регистарот на субјекти за вршење научно-истражувачка дејност на Министерството за образование и наука, може да склучи договор со странецот за вршење на научно- истражувачка дејност ако се исполнети следниве услови:

а) научно-истражувачкиот проект е прифатен од надлежните органи на субјектот по утврдувањето на:

- целта и времетраењето на научно-истражувачката дејност и обезбедувањето на финансиски средства за негова реализација и
- квалификациите на странецот-истражувач од аспект на целите на научно- истражувачката дејност, утврдени со заверена копија на неговата диплома.

б) странецот-истражувач кој ќе врши научно-истражувачка дејност во Република Македонија ќе има доволно средства за издржување за време на неговиот престој во Република Македонија и за негово враќање и

в) странецот-истражувач во Република Македонија ќе има здравствено осигурување.

(2) Странецот-истражувач може да изведува настава која не е подолга од осум часа неделно, согласно актот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на вискообразовна дејност.

Времетраење на привремениот престој заради научно-истражувачка дејност

Член 102

(1) Привремен престој заради научно-истражувачка дејност се одобрува за период до една година и истиот ќе се продолжи доколку и понатаму се исполнети условите од членот 79 од овој закон.

(2) По истекот на рокот за спроведување на научно истражувачкиот проект утврден со договорот странецот-истражувач е должен да излезе од територијата на Република Македонија.

е) Привремен престој заради лекување

Услови за одобрување привремен престој заради лекување

Член 103

Привремен престој заради лекување се одобрува ако странецот кон барањето приложи и:

- потврда издадена од здравствена установа во Република Македонија каде што ќе се спроведе потребното лекување на странецот, во која е утврдено времетраењето на потребното лекување и на евентуалниот постмедицински третман,
- потврда издадена од здравствената установа во Република Македонија од ставот (1) алинеја 1 на овој член во која ќе се утврди дека приемот на странецот на лекување во таа здравствена установа нема да биде на штета на пациентите кои се државјани на Република Македонија и
- доказ дека се обезбедени средства за лекување, на товар на странецот или на товар на државата од која потекнува странецот.

Времетраење на привремениот престој заради лекување

Член 104

(1) Привремен престој заради лекување се одобрува за период до една година и истиот може да се продолжува ако се исполнети условите утврдени во членот 79 од овој закон.

(2) По истекот на времетраењето на потребното лекување и евентуалниот постмедицински третман странецот е должен да излезе од територијата на Република Македонија.

ж) Привремен престој заради сместување или згрижување во установи за стари лица

Услови за одобрување на привремен престој заради сместување или згрижување во установи за стари лица

Член 105

(1) Привремен престој заради сместување или згрижување во установи за стари лица може да се издаде ако странецот кон барањето приложи и:

- доказ дека е постар од 60 години,
- договор за сместување или згрижување, склучен меѓу странецот и установата за стари лица во Република Македонија и
- доказ за преземање на финансиска одговорност на установата на ставот (1) алинеја 2 на овој член за трошоците во случај на негова смрт.

(2) По исклучок од ставот (1) алинеја 1 на овој член, во случај кога странецот нема навршено 60 години живот, кон барањето се приложува и соодветна здравствена документација издадена од земјата чиј државјанин е, за потребата од негово сместување или згрижување во установа за стари лица.

Времетраење на привремениот престој заради сместување или згрижување во установи за стари лица

Член 106

(1) Привремен престој заради сместување или згрижување во установи за стари лица се одобрува за период до една година и истата може да се продолжува ако се исполнети условите утврдени во членот 79 од овој закон.

(2) По истекот на договорот од членот 105 став (1) алинеја 2 од овој закон или во случај на негово предвремено раскинување странецот е должен да ја напушти територијата на Република Македонија.

з) Привремен престој врз основа на семејно обединување

Право на семејно обединување

Член 107

(1) На странец на кој во Република Македонија му е одобрен постојан престој или привремен престој, за период од една година, заради работа, научно- истражувачка дејност, волонтерство или кој е по потекло од Република Македонија, под услови согласно со овој закон, му се признава право на семејно обединување со членовите на неговото потесно семејство кои се странци, независно дали семејниот однос настанал пред или по влезот на странецот кој е носител на правото на семејно обединување (во натамошниот текст: покровител).

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, право на семејно обединување не се признава на членови на потесно семејство на странец кој има дозвола за привремен престој заради сезонско вработување во смисла на членот 88 од овој закон.

Член на потесно семејство на покровител

Член 108

(1) Член на потесно семејство на покровител, во смисла на овој закон, се сметаат странците кои се:

- брачен другар на покровителот,
- малолетни заеднички деца на покровителот и неговиот брачен другар вклучувајќи ги и посвоените деца, утврдено со доказ од матичната земја во која е извршено посвојувањето,
- малолетни деца на покровителот вклучувајќи ги и посвоените деца, врз кои има старателство и кои се зависни од него и
- малолетни деца, вклучувајќи ги и посвоените деца на брачниот другар на покровителот врз кои брачниот другар има старателство и кои се зависни од него.

(2) Малолетните деца треба да се на возраст до 18 години живот и да не се во брак.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, за членови на потесното семејство се сметаат и странци кои се:

- родителите на покровителот или на неговиот брачен другар, кога тие се зависни од нив и не уживаат соодветна семејна поддршка во државата во која живеат,
- полнолетни деца на странецот или на неговиот брачен другар, кои не се во брак кога поради нивната здравствена состојба не можат да ги задоволат сопствените потреби и
- родители на малолетно дете, ако тоа го наметнуваат најдобрите интереси на детето.

Права на членовите на потесното семејство на покровителот

Член 109

Членовите на потесното семејство на покровителот на кои им е одобрен привремен престој во Република Македонија имаат право на образование, професионално усовршување, вработување и вршење самостојна дејност, под услови утврдени со закон.

Услови за одобрување привремен престој

Член 110

(1) Барање за одобрување привремен престој на членовите на неговото потесно семејство може да поднесе и покровителот, кој има одобрен престој во Република Македонија, кој барањето го поднесува до Министерството за внатрешни работи.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член може да се поднесе до Министерството за внатрешни работи и од страна на член на потесното семејство кој законски престојува на територијата на Република Македонија.

(3) Кон барањето покровителот е должен да достави докази за:

- одобрениот престој на територијата на Република Македонија,
- семејните врски,
- стабилни и редовни извори кои се доволни за негово издржување и за издржување на членовите на неговото потесното семејство кои имаат намера да престојуваат во Република Македонија,
- обезбедено сместување за членовите на потесното семејство,
- лично здравствено осигурување, како и здравствено осигурување за членовите на потесното семејство и
- заверени копии од нивните патни исправи.

(4) Во случај кога се поднесува барање за одобрување привремен престој за малолетни деца на покровителот или на неговиот брачен другар утврдени во членот 108 став (1) алинеја 2 од овој закон, а вршењето на родителското право е поделено, кон барањето покровителот мора да поднесе и согласност од другиот родител, заверена од надлежниот орган во државата во која престојува другиот родител.

(5) Во случај кога старателството од членот 108 став (1) алинеи 3 и 4 од овој закон е поделено, за остварување на правото на семејно обединување кон барањето од ставот (1) на овој член покровителот задолжително треба да поднесе и согласност од другиот старател кој го дели старателството, заверена од надлежниот орган во државата во која тој престојува.

(6) Привремен престој врз основа на семејно обединување нема да се одобри ако постојат основи на сомневања дека бракот со покровителот кој има одобрен престој во Република Македонија, односно посвојувањето или старателството над малолетни деца е склучено единствено со цел за овозможување на лицето да влезе или да престојува во Република Македонија.

(7) Во случај на полигамен брак, кога покровителот кој има одобрен престој во Република Македонија има брачен другар со кој живее на територијата на Република Македонија, нема да се дозволи семејно обединување со другиот брачен другар.

Времетраење на привремениот престој

Член 111

(1) На членовите на потесното семејство на покровителот кој има одобрен привремен престој во Република Македонија им се одобрува привремен престој за период до една година, со можност истиот да се продолжува за ист временски период како и одобрениот привремен престој на покровителот.

(2) На членовите на потесното семејство на покровителот кој има одобрен постојан престој им се одобрува привремен престој за период до една година со можност, под услови утврдени со овој закон, истиот да се продолжува до стекнување на услови за постојан престој.

(3) Покрај причините утврдени во членот 79 став (4) од овој закон, престојот од ставот (1) на овој член, нема да се продолжи и ако се утврди дека:

- покровителот и членовите на неговото потесно семејство не живеат во вистинска брачна семејна заедница,
- се утврди дека брачниот другар е во брак, или е во постојан долготраен однос со друго лице,
- се утврди дека во постапката за одлучување по поднесеното барање за продолжување на привремениот престој биле дадени невистинити или погрешни информации или биле користени фалсификувани, туѓи или неважечки документи или е извршена измама на друг начин,
- постојат основи за сомневање дека бракот со покровителот кој има одобрен престој во Република Македонија, односно посвојувањето или старателството над малолетните деца е склучено по договор и ако
- престојот на покровителот му престанал, а членот на семејството не ги исполнува условите за добивање на автономна дозвола за престој.

(4) Околностите од ставот (3) на овој член можат да се утврдат од изјави на засегнати лица или од трети лица, врз основа на писмена документација или проверки извршени од страна на Министерството за внатрешни работи.

(5) При одлучување за одобрување на продолжување на привремениот престој од ставот (1) на овој член, се земаат во предвид должината на престојот на странецот во Република Македонија, неговите лични, семејни односи, како и постоењето на фамилијарни, културни и социјални врски со неговата земја на потекло.

Автономна дозвола за престој

Член 112

(1) На барање на брачниот другар, како и на детето кое станало полнолетно, а кои имале одобрен привремен престој во Република Македонија по основ на семејно обединување во непрекинато траење од најмалку четири години и на кои не им е одобрен привремен престој поради останатите причини утврдени во членот 71 од овој закон, ќе им се издаде автономна дозвола за престој доколку ги исполнуваат условите од членот 72 од овој закон.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случај кога покровителот починал или брачната заедница престанала да постои, како и поради особено тешки околности на лицата од ставот (1) на овој член може да им се издаде автономна дозвола за престој ако привремениот престој по основ на семејно обединување бил во непрекинато траење од најмалку три години.

Брак по договор

Член 113

(1) Брак по договор, во смисла на овој закон, претставува брак склучен меѓу државјанин на Република Македонија или странец кој има одобрен престој во Република Македонија со странец, со единствена цел за избегнување на условите за влез и престој утврдени со овој закон и одобрување на престој во Република Македонија.

(2) Основи за сомневање дека бракот е склучен по договор постојат особено, ако:

- брачните другари не живеат заедно,
- постои недостиг на соодветен придонес кон одговорностите кои произлегуваат во бракот,
- давање на противречни информации за лични податоци за другиот брачен партнер (име и презиме, адреса, националност, работа и слично), за околности на нивната права средба или други важни лични информации,
- брачните другари не се сретнале пред бракот,
- брачните другари не зборуваат јазик што е разбирлив за двајцата,
- извршено е плаќање на одредена сума на пари за склучувањето на бракот, со исклучок на пари дадени во форма на мираз доколку странецот доаѓа од земја каде што давањето на мираз е вообичаена пракса,
- минатото на еден или двајцата сопружници содржи докази за претходни бракови по договор или аномалии во престојот и
- постојат други околности кои укажуваат дека бракот е по договор.

(3) Основите за сомневање од ставот (2) на овој член се утврдуваат од изјави од засегнатите лица или од трети лица, врз основа на писмена документација или проверки извршени од страна на Министерството за внатрешни работи.

(4) Одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член се применуваат и во постапката за одобрување постојан престој.

s) Одобрување привремен престој на странец кој е член на потесното семејство на државјанин на Република Македонија

Член 114

Странец кој е член на потесното семејство на државјанинот на Република Македонија според условите утврдени согласно со овој закон, има право на привремен престој во Република Македонија.

Член на потесно семејство на државјанин на Република Македонија

Член 115

(1) Член на потесно семејство на државјанин на Република Македонија (во натамошниот текст: државјанинот), во смисла на овој закон, се сметаат странците кои се:

- брачен другар на државјанинот,
- малолетни заеднички деца на државјанинот и неговиот брачен другар вклучувајќи ги и посвоените деца, утврдено со потврда (доказ) на матичната земја во која е извршено посвојувањето,

- малолетни деца на државјанинот вклучувајќи ги и посвоените деца, врз кои има старателство и кои се зависни од него и
- малолетни деца, вклучувајќи ги и посвоените деца на брачниот другар на државјанинот врз кои брачниот или другар има старателство и кои се зависни од него.

(2) Малолетните деца треба да се на возраст до 18 години живот и да не се во брак.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, за членови на потесното семејство се сметаат и странци кои се:
- родители на државјанинот или на неговиот брачен другар, кога тие се зависни од нив и не уживаат соодветна семејна поддршка во државата во која живеат;
- полнолетни деца на државјанинот или на неговиот брачен другар кои не се во брак кога поради нивната здравствена состојба не можат да ги задоволат сопствените потреби и
- родители на малолетно дете, ако тоа го наметнуваат најдобрите интереси на детето.

Услови за одобрување привремен престој

Член 116

(1) Државјанинот на Република Македонија кој во Република Македонија има пријавено живеалиште може да поднесе барање за одобрување привремен престој на членовите на неговото потесно семејство.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член државјанинот на Република Македонија може да го поднесе и до Министерството за внатрешни работи.

(3) Привремениот престој на лицето од ставот (1) на овој член се одобрува за период до една година и истиот може да се продолжува под условите утврдени со овој закон.

(4) На лицето од ставот (1) на овој член привремениот престој може самостојно да му се продолжува и кога државјанинот на Република Македонија починал или престанала брачната заедница, а која во Република Македонија траела најмалку три години, како и во случај кога тоа го наметнуваат особено тешки околности.

(5) Привремениот престој од ставот (1) на овој член нема да се одобри, ниту да се продолжи ако се утврди дека постојат основи за сомневање дека бракот со државјанинот на Република Македонија е склучен по договор.

(6) На детето кое е родено на територијата на Република Македонија и на кое во моментот на раѓањето еден од родителите е државјанин на Република Македонија, а другиот родител е странец со одобрен привремен престој во Република Македонија, а кое нема државјанство на Република Македонија, во првите шест месеци на живот не му е потребна дозвола за престој.

(7) По исклучок од ставот (6) на овој член, врз основа на поднесено барање од државјанинот на Република Македонија, приложено со согласност од другиот родител, Министерството за внатрешни работи по шест месеци од денот на раѓањето на детето од ставот (6) на овој член ќе му одобри постојан престој во Република Македонија.

и) Привремен престој на странец кој по потекло е од Република Македонија

Услови за одобрување престој

Член 117

(1) На странец кој по потекло е од Република Македонија ќе му се одобри привремен престој ако странецот ги исполнува условите за одобрување привремен престој утврдени во членот 72 од овој закон.

(2) Во случај кога странецот од ставот (1) на овој член законски престојува во Република Македонија, барањето за одобрување привремен престој може да го поднесе и до Министерството за внатрешни работи.

(3) Привремениот престој од ставот (1) на овој член се одобрува за период до една година и истиот може да се продолжува ако странецот ги исполнува условите од членот 79 од овој закон.

ј) Привремен престој на дете на странец родено во Република Македонија

Член 118

(1) На детето на странец кое е родено во Република Македонија и кое не е државјанин на Република Македонија, во првите шест месеци на живот не му е потребна дозвола за престој.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, врз основа на поднесено барање на еден од родителите, односно старателот, кој има одобрен привремен престој во Република Македонија, а во согласност со другиот родител, Министерството за внатрешни работи на детето од ставот (1) на овој член по шест месеци од денот на раѓањето му одобрува привремен престој за период до една година.

(3) Привремениот престој од ставот (2) на овој член може да се продолжи врз основа на поднесено барање на еден од родителите, односно на старателот на детето и истиот може да се продолжува за временски период за кој важи привремениот престој на еден од родителите на детето, односно на старателот на детето.

(4) Во случај кога еден од родителите, односно старателот на детето од ставот (1) на овој член има постојан престој во Република Македонија, на детето по шест месеци од денот на неговото раѓање, врз основа на поднесено барање од родителот, односно старателот, а во согласност со другиот родител, му се одобрува постојан престој во Република Македонија.

к) Привремен престој на странец кој стекнал право на сопственост на стан, станбена зграда и куќа на територијата на Република Македонија

Член 119

(1) На странец резидент на држава членка на Европската Унија и на ОЕЦД, му се одобрува привремен престој ако странецот кон барањето приложи и доказ дека се стекнал со право на сопственост на стан, станбена зграда и куќа на територијата на Република Македонија под услови утврдени со закон.

(2) Привремениот престој од ставот (1) на овој член се одобрува за период до една година и истата може да се продолжува согласно со членот 79 од овој закон.

л) Привремен престој поради хуманитарни причини

Член 120

(1) Привремен престој поради хуманитарни причини се одобрува по исклучок, на странец кој не ги исполнува условите за одобрување привремен престој утврдени со овој закон во следниве случаи:
- ако постојат основи за сомневање дека е жртва на кривично дело „Трговија со луѓе" утврдено со Кривичниот законик,
- на непридружуван малолетник,
- на лица без државјанство или
- други оправдани причини од хуманитарен карактер.

(2) Привремениот престој од ставот (1) алинеи 2, 3 и 4 на овој член, се издава за период до една година и истиот може да се продолжува доколку се утврди дека и понатаму постојат хуманитарните причини.

(3) Во случај кога на странецот му се одобрува привремен престој поради хуманитарни причини, не се применуваат одредбите за враќање согласно со овој закон се додека постојат хуманитарните причини.

(4) Со одобрувањето на престојот од ставот (1) на овој член, за странецот престануваат да важат одредбите од членот 145 став (1) и (2) од овој закон.

Привремен престој на жртви на трговија со луѓе

Период на закрепнување и рефлексија

Член 121

(1) На странец за кого постојат основи на сомнение дека е жртва на кривично дело „Трговија со луѓе" утврдено со Кривичниот законик (во натамошниот текст: жртва на трговија со луѓе), му се овозможува период на закрепнување и рефлексија во траење до два месеца заради укажување заштита и помош во закрепнувањето и избегнување на влијанието на сторителите на кривичното дело „Трговија со луѓе".

(2) За време на периодот на закрепнување и рефлексија, странецот кој е жртва на трговија со луѓе треба да донесе одлука дали ќе соработува со надлежните државни органи во откривањето на кривичните дела и гонење на нивните сторителите или ќе се врати во државата чиј државјанин е или во која има законски престој.

(3) Периодот на закрепнување и рефлексија не е условен од соработката на жртвата со трговија со луѓе со надлежните државни органи од ставот (1) на овој член.

(4) Странецот од ставот (1) на овој член за време на периодот на закрепнување и рефлексија се сместува во посебна просторија во Прифатниот центар за странци на Министерството за внатрешни работи, а по одобрување привремен престој согласно со овој закон, во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе на Министерството за труд и социјална политика.

(5) Привремениот престој од ставот (4) на овој член Министерството за внатрешни работи го одобрува во најкус можен рок, но не подолго од пет дена.

(6) Во случај кога жртви на трговија со луѓе се малолетници под 18 години, раководејќи се со најдобрите интереси на малолетниците, периодот од ставот (1) на овој член може да се продолжи.

(7) За време на периодот утврден во ставовите (1) и (5) на овој член странецот не може да биде протеран од Република Македонија

(8) Периодот од ставот (1) на овој член може да биде прекинат, ако:

- странецот претставува опасност за јавниот ред и националната безбедност на Република Македонија или
- се утврди дека статусот жртва на кривичното дело „Трговија со луѓе“ е стекнат на незаконски начин.

(9) За прекинување на периодот на закрепнување и рефлексија, Министерството за внатрешни работи донесува решение, против кое странецот има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(10) Решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

(11) Против решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен може да се поведе управен спор пред надлежен суд, согласно со Законот за управните спорови.

Права на жртвите на трговија со луѓе за време на периодот на закрепнување и рефлексија

Член 122

(1) За време на периодот на закрепнување и рефлексија, жртвата на трговија со луѓе има право на соодветно и безбедно сместување; медицинска и психолошко-социјална помош; материјална помош; превод и толкување на совети и информации за нивните законски права, како и правна помош за време на кривичната или друга постапка во која жртвата на трговија со луѓе ги остварува своите права утврдени со закон.

(2) Жртвата на трговија со луѓе на јазик што може да го разбере се известува за правото на образование, за соодветните судски или административни постапки, како и за остварување на правото на азил, за можностите и постапката за нивно враќање во државата чии државјани се или во која имале законски престој пред нивното влегување на територијата на Република Македонија, како и за условите за издавање дозвола за привремен престој во Република Македонија.

Трошоци во период на одлучување

Член 123

Трошоците што ќе настанат со сместување на жртвата на трговија со луѓе во Прифатниот центар на Министерството за внатрешни работи во периодот на закрепнување и рефлексија, паѓаат на товар на Буџетот на Република Македонија.

Услови за одобрување привремен престој и времетраење

Член 124

(1) Во периодот на закрепнување и рефлексија на странецот на кој ќе му се утврди статус на жртва на трговија со луѓе ќе му се издаде дозвола за привремен престој, ако:

- неговиот престој е неопходен заради неговата лична состојба или
- неговиот престој е неопходен заради соработка со надлежните државни органи за откривањето на кривични дела и гонење на нивните сторителите.

(2) Привремениот престој од ставот (1) на овој член ќе се одобри за период до шест месеци и истиот ќе се продолжува, доколку се исполнети условите утврдени во ставот (1) на овој член.

Одземање на правото на привремен престој

Член 125

Привремен престој на жртва на трговија со луѓе ќе се одземе:

- ако странецот го злоупотреби или изгуби статусот на жртва на трговија со луѓе или
- претставува опасност за јавниот ред и националната безбедност на Република Македонија.

3. Престанување на привремен престој

а) Одземање на привремен престој

Причини за одземање привремен престој

Член 126

(1) На странец кој има одобрен привремен престој, освен привремен престој одобрен на жртви на трговија со луѓе, ќе му се одземе привремениот престој, ако:

- со правосилна пресуда е осуден на казна затвор во траење од најмалку три месеци,

- остане без средства за издржување и сместување, а издржувањето и сместувањето за време на престојот во Република Македонија не му е обезбедено на друг законски начин,
- се утврди дека странецот свесно дал невистинити информации или свесно ја прикрил целта и околностите кои се од значење за издавањето на дозволата за привремен престој, или биле користени фалсификувани, туѓи или неважечки документи,
- дополнително се утврди дека странецот повеќе не ги исполнува условите за одобрување привремен престој,
- престојува во спротивност со наведената цел и околностите на престојот,
- одбива да ги извршува одлуките на државните органи,
- изврши повреда на одредбите од овој закон,
- претставува опасност за јавниот ред и националната безбедност на Република Македонија,
- се утврди дека странецот неоправдано престојувал надвор од Република Македонија во период подолг од една четвртина од периодот за кој му одобрен привремен престој,
- му е одобрен привремен престој заради семејно обединување, а се утврди дека не живее во вистинска брачна или семејна заедница со странецот кој е носител на правото на семејно обединување,
- му е одобрен привремен престој заради работа, а не успеал да го склучи договорот за вработување со правното лице или договорот за вработување престанал да му важи пред истекување на важноста на издадената дозвола за привремен престој заради работа, или ако странецот почнал да врши работа различна од работата за која му е издадена дозволата за привремен престој заради работа, за што Агенцијата за вработување доставува известување до Министерството за внатрешни работи,
- се утврди дека покровителот или неговиот брачен другар е во брак или долготрајна врска со друго лице или
- постојат основани сомневања дека бракот или со странецот кој има одобрен престој или со државјанинот на Република Македонија е склучен по договор или постојат сомневања дека бракот не е склучен врз основа на желба на едната или другата страна.

(2) При одлучување за одземање на привремениот престој се земаат предвид должината на престојот на странецот во Република Македонија, неговите лични, економски и други врски со Република Македонија, како и последиците кои ќе произлезат од изречената мерка за него и неговото семејство.

(3) Пред донесувањето на решението од странецот ќе се побара изјава за околностите кои се важни за донесување на решението.

(4) По исклучок од ставот (1) на овој член, привремениот престој нема да се одземе ако сериозноста на стореното дело и врските на странецот со Република Македонија укажуваат дека одземањето на привремениот престој ќе има несразмерно тешки последици за странецот или за близок член на неговото потесно семејство кој законски престојува во Република Македонија.

Надлежност за донесување решение за одземање привремен престој

Член 127

(1) За одземање привремен престој одлучува Министерството за внатрешни работи со решение.

(2) Со решението од ставот (1) на овој член се определува рок на доброволно враќање во кој странецот е должен да ја напушти територијата на Република Македонија согласно со членот 152 од овој закон.

(3) Против решението од ставот (1) на овој член, странецот има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(4) Жалбата на решението поднесена од странец кој престојувал на територијата на Република Македонија врз основа на дозвола за привремен престој помалку од три години, не го одлага извршувањето на решението.

(5) Одредбата од ставот (4) на овој член не се однесува во случај ако странецот има дете кое е со законски престој на територијата на Република Македонија и кое живее во заедничко семејно домаќинство со странецот.

(6) Решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

(7) Против решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен може да се поведе управен спор пред надлежен суд, согласно со Законот за управните спорови.

б) Престанок на привремен престој

Член 128

Привремен престој на странец престанува:
- ако е протеран од Република Македонија,
- ако му е изречена забрана за влез во Република Македонија,
- ако му е одземено правото на привремен престој,
- со истекот на рокот за кој му е одобрен привремен престој во Република Македонија, а странецот во определениот рок не поднесе барање за продолжување на дозволата за привремен престој,
- ако странецот се откаже од привремениот престој и тоа од денот на поднесената изјава за откажување од привремениот престој или
- кога ќе се стекне со државјанство на Република Македонија.

4. Постојан престој

4.1 Одобрување постојан престој

Член 129

(1) Постојан престој се одобрува на странец кој најмалку пет години пред поднесувањето на барањето за одобрување постојан престој непрекинато престојувал на територијата на Република Македонија врз основа на одобрен привремен престој.

(2) Постојан престој ќе се одобри и на лице под меѓународна заштита кое најмалку пет години пред поднесување на барањето за одобрување постојан престој непрекинато престојувало на територијата на Република Македонија согласно со овој статус.

(3) Постојан престој нема да се одобри на странец кој престојува во Република Македонија врз основа на дозвола за привремен престој издадена заради:
- работа на сезонски работници, дневни мигранти, преместени работници или работници испратени од обезбедувачи на услуги за целите на прекуграничното обезбедување на услуги,
- школување или студирање,
- учество во програми на меѓународна размена на ученици или студенти,
- специјализација, стручно усовршување или практично оспособување,
- волонтерство,
- научно истражување,

- семејно обединување со покровител кој привремено престојува во Република Македонија заради научно истражување,
- семејно обединување со покровител кој привремено престојува во Република Македонија заради волонтерство,
- сместување или згрижување во установи за стари лица,
- лекување и
- хуманитарни причини.

(4) Постојан престој нема да се одобри и на странец кој:
- има одобрение да престојува во Република Македонија врз основа на привремена заштита или поднело барање за одобрение за престој врз таа основа и чека одлука за неговиот статус;
- има поднесено барање за меѓународна заштита и не е донесена конечна одлука во постапката за признавање право на меѓународна заштита,
- има одобрен привремен престој заради стекнување на право на сопственост на стан, станбена зграда и куќа на териоторијата на Република Македонија согласно со одредбите од овој закон и
- има законски статус регулиран со Виенската конвенција за дипломатски односи од 1961 година, Виенската конвенција за конзуларни односи од 1963 година или Виенската конвенција за претставување на државите во нивните односи со меѓународните организации од универзален карактер.

(5) По основ на семејно обединување постојан престој ќе се одобри само на членовите на потесното семејство на покровителот кој има одобрен постојан престој, доколку живеат во вистинска брачна или семејна заедница, како и на зависните членови на потесното семејство на странецот, а кои го исполнуваат условот од ставот (1) на овој член.

(6) На странец чиј престој е во интерес на Република Македонија, ќе му се одобри постојан престој пред истекот на рокот од ставот (1) на овој член.

(7) Дозволата за постојан престој ја издава Министерството за внатрешни работи лично на странецот на кого се однесува.

Услови за одобрување постојан престој

Член 130

Постојан престој ќе му се одобри на странец и на лице под меѓународна заштита, кои:
- до моментот на поднесување на барањето престојувале во Република Македонија непрекинато пет години согласно со членот 129 ставови (1) и (2) од овој закон,
- имаат стабилни и редовни средства за издржување, без користење на социјална помош,
- имаат обезбедено сместување или средства за сместување,
- имаат здравствено осигурување,
- за време на престојот во Република Македонија, во периодот од пет години пред поднесувањето на барањето за постојан престој не сториле кривично дело за кое е предвидена казна затвор во траење од најмалку една година,
- не претставуваааат опасност за јавниот ред, јавното здравје, националната безбедност или меѓународните односи на Република Македонија и
- го владеат македонскиот јазик до тој степен да може лесно да се разберат со околината.

Засметување

Член 131

(1) Условот за пет години непрекинат престој во Република Македонија од членот 129 став (1) од овој закон се смета дека е исполнет ако странецот во периодот од пет години пред поднесување на барањето за одобрување постојан престој не престојувал надвор од Република Македонија шест последователни месеци или во временски период што во вкупно траење не надминува десет месеци.

(2) Во случаите од посебни или исклучителни причини од привремена природа предвиденият рок од ставот (1) на овој член може да биде продолжен.

(3) За странец кој има одобрен престој во Република Македонија согласно со членот 71 став (1) алинеи 2, 3 и 4 од овој закон, при засметување на периодот од членот 129 став (1) од овој закон, во случај кога ги исполнува условите од членовите 129 и 130 од овој закон, се засметува само половина од периодот од привремениот престој.

(4) За лице под меѓународна заштита, при засметување на периодот од членот 129 став (1) од овој закон:
- се засметува половина од истиот, ако периодот од датумот на поднесеното барање за меѓународна заштита до донесување на конечната одлука во постапката за признавање право на меѓународна заштита не надминува 18 месеци и
- се засметува целиот, ако периодот од датумот на поднесеното барање за меѓународна заштита до донесување на конечната одлука во постапката за признавање право на меѓународна заштита надминува 18 месеци.

Посебни услови за одобрување постојан престој

Член 132

(1) Лицата кои со влегување во сила на овој закон ќе се сметаат за странци во Република Македонија, а кои до 8 септември 1991 година биле државјани на СФРЈ и имале законски престој на територијата на СРМ, а по 8 септември 1991 година продолжиле да престојуваат во Република Македонија, како и нивните деца кои се на возраст над пет години, ќе се стекнат со право на постојан престој во Република Македонија, ако во рок од три години од влегување во сила на овој закон поднесат барање за одобрување постојан престој.

(2) За лицата од ставот (1) на овој член не важат одредбите од членот 130 од овој закон.

(3) Во определени случаи (социјални случаи, малолетни деца, лица неевидентирани во матична книга на родени) кон барањето од ставот (1) на овој член во постапката за одобрување постојан престој се приложува и мислење од надлежна институција дека лицето или членовите на семејството користеле одредени права од надлежен орган во Република Македонија.

(4) Лицата од ставот (1) на овој член потребно е да достават доказ дека не се државјани на друга држава за која разумно може да се претпостави дека е земја на негово потекло или потекло на неговите родители.

(5) За лицата од ставот (4) на овој член кои се државјани на друга држава се применуваат одредбите од членот 130 од овој закон.

Права на странецот со одобрен постојан престој

Член 133

(1) Ако со друг закон поинаку не е определено, странецот кој има одобрен постојан престој во Република Македонија има исти права како и државјанинот на Република Македонија и тоа:

- престој во Република Македонија без временско ограничување,
- пристап до вработување или вршење на самостојна дејност,
- образование и професионална обука, вклучувајќи и студирање,
- признание на професионални дипломи, сертификати и други квалификации,
- социјална заштита и социјална помош,
- даночни бенефиции,
- пристап кон стоки и услуги и набавки на стоки и услуги достапни за јавноста,
- слобода на здружување и членување во одредена организација на работници или работодавачи или организации чии членови се вклучени врз основа на одредени занимања и
- слободен пристап на целата територија на Република Македонија, освен на подрачја на кои движењето е забрането или ограничено заради заштита на безбедноста или одбраната на Република Македонија.

(2) Странецот кој има одобрен постојан престој може да излегува и влегува во Република Македонија без виза.

(3) За правата од ставовите (1) и (2) на овој член, странецот се информира од страна на Министерството за внатрешни работи при доставување на решението од членот 135 од овој закон.

Постапка за одобрување постојан престој

Барање за одобрување постојан престој

Член 134

(1) Постојан престој се одобрува по поднесено барање на странецот.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член, странецот е должен да достави валидна патна исправа или заверен препис од истата, како и докази дека се исполнети условите од членот 130 став (1) алинеи 1, 2, 3, 4 и 6 од овој закон.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член странецот кој е лице под меѓународна заштита како и лице предвидено во членот 130 став (1) од овој закон, не е должен да достави валидна патна исправа или заверен препис од истата.

(4) При разгледување на барањето за одобрување постојан престој ќе се има предвид најдобриот интерес на малолетните деца.

Надлежност за донесување решение за одобрување постојан престој

Член 135

(1) За барањето на странецот за одобрување постојан престој во Република Македонија одлучува Министерството за внатрешни работи со решение, најдоцна во рок од четири месеци од денот на доставувањето на барањето со документите од членот 134 став (2) од овој закон.

(2) Во исклучителни случаи поврзани со сложеноста на разгледување на барањето, временскиот рок од ставот (1) на овој член може да се продолжи но не подолго од три месеци.

(3) Во случај кога нема да се одобри постојан престој на странецот од причини утврдени во членот 130 став (1) алинеја 6 од овој закон, надлежниот орган не е должен да ги образложи причините од кои се раководел при донесување на таквото решение.

(4) Против решението од ставот (1) на овој член, странецот има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(5) Решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на поднесување на жалбата.

(6) Против решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен може да се поведе управен спор пред надлежен суд, согласно со закон.

4.2 Престанување на постојан престој

а) Одземање постојан престој

Причини за одземање постојан престој

Член 136

(1) На странец на кој во Република Македонија му е одобрен постојан престој ќе му се одземе постојаниот престој, ако:

- со правосилна пресуда е осуден на казна затвор во траење најмалку од една година за кривично дело кое се гони по службена должност и претставува опасност за јавниот ред во Република Македонија,
- се утврди дека странецот свесно дал невистинити податоци или свесно ја прикрил целта и околностите кои се од значење за одобрување постојан престој,
- се утврди дека странецот престојува надвор од Република Македонија непрекинато подолго од 12 месеци, без согласност од Министерството за внатрешни работи или
- престане меѓународната заштита на странецот во Република Македонија.

(2) Министерството за внатрешни работи, освен на странецот од членот 129 став (2) од овој закон, може да даде согласност странецот да престојува надвор од Република Македонија подолго од 12 последователни месеци без притоа да му се одземе правото на постојан престој, при што ќе се има предвид должината на престојот на странецот во Република Македонија, како и целта и околностите на престојот надвор од Република Македонија.

(3) При одлучување за одземање на правото на постојан престој се земаат предвид должината на престојот на странецот во Република Македонија, возраста на странецот, неговите лични, економски и други врски со Република Македонија, како и последиците од таквото решение за него или за неговото потесно семејство.

(4) Пред да се донесе решението, од странецот ќе се побара изјава за околностите кои се важни за донесување на решение.

(5) Постојаниот престој нема да се одземе ако сериозноста на стореното дело и врските на странецот со Република Македонија укажуваат дека одземањето на постојаниот престој ќе има несразмерно тешки последици за странецот или за член на неговото потесно семејство кој законски престојува на територијата на Република Македонија.

Надлежност за донесување решение за одземање постојан престој

Член 137

(1) За одземање постојан престој одлучува Министерството за внатрешни работи со решение.

(2) Со решението од ставот (1) на овој член, се определува рок на доброволно враќање во кој странецот е должен да ја напушти територијата на Република Македонија согласно со членот 152 од овој закон.

(3) Против решението од ставот (1) на овој член, странецот има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(4) Жалбата од ставот (3) на овој член, го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога странецот претставува закана за јавниот ред и поредок и националната безбедност.

(5) Решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на поднесување на жалбата.

(6) Против решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, може да се поведе управен спор пред надлежен суд, согласно со Законот за управните спорови.

б) Престанок на постојан престој

Член 138

(1) Постојаниот престој на странецот престанува:
- ако е протеран од Република Македонија,
- ако му е изречена забрана за влез во Република Македонија,
- ако му е одземено правото на постојан престој,
- се откаже од правото на постојан престој и тоа од денот на поднесената изјава за откажување на дозволата за постојан престој и
- се стекне со државјанство на Република Македонија.

(2) Истекувањето на важноста на дозволата за постојан престој не значи престанување на правото на постојан престој на странецот.

5. Облик и содржина на дозвола за престој

Член 139

(1) Дозволата за привремен престој и дозволата за постојан престој (во натамошниот текст: дозвола за престој) се издаваат во форма на посебен документ.

(2) Дозволата за престој содржи:
- вид на дозволата за престој,
- број на дозволата,
- фотографија на носителот на дозволата,
- име и презиме на лицето на кое му е издадена дозволата,
- рок на важење,
- место и датум на издавање,
- државјанство,
- место и датум на раѓање,
- пол,
- матичен број за странец на лицето на кое се издава,
- потпис на носителот на дозволата,
- престојувалиште и адреса, односно живеалиште и адреса,
- грб на Република Македонија,
- машински читлива зона,
- безбедносни печатарски техники,
- ултравиолетова и инфрацрвена заштита,
- заштита со оптички варијабилни мастила,
- специјални ефективни заштитни мотиви против фалсификати и измама,
- заштита против копирање и
- заштити во техники на издавање.

(3) Дозволата за престој содржи вградени заштитни обележја.

Времетраење на дозволите за престој

Член 140

(1) Посебниот документ на кој се издава дозволата за постојан престој за странец на возраст од пет до 27 години се издава со рок на важење од пет години, а за странец постар од 27 години со рок на важење од десет години.

(2) По истекување на рокот на важење на дозволата за постојан престој, а по поднесено барање истата се обновува.

(3) Посебниот документ на кој се издава дозволата за привремен престој се издава со рок на важење на решението со кое се дозволува привремениот престој, но не повеќе од една година.

Обврска за носење на дозволата за престој

Член 141

Странецот е должен дозволата за престој да ја носи со себе.

Обврска за замена на дозволата за престој

Член 142

(1) Странецот е должен да поднесе барање за замена на дозволата за престој:
- ако истата е оштетена или дотраена, или од други причини не може повеќе да служи за својата намена,
- ако странецот го промени личното име или
- кога ќе истече рокот на нејзиното важење, утврден во членот 140 став (1) од овој закон.

(2) Странецот е должен најдоцна во рок од 15 дена од денот на настанување на која било од причините од ставот (1) на овој член, да поднесе барање за замена на дозволата за престој.

Обврска за враќање на дозволата за престој

Член 143

Странецот е должен издадената дозвола за престој да ја врати на Министерството за внатрешни работи, во случаите утврдени во членовите 128 и 138 од овој закон.

6. Ограничување или забрана за движење на странци во Република Македонија

Член 144

Владата на Република Македонија со посебен акт ќе го ограничи или забрани движењето на странците во определени подрачја или да забрани постојан или привремен престој на одредени места кога тоа е потребно заради заштита на безбедноста или одбраната на Република Македонија.

Глава V

ВРАЌАЊЕ НА СТРАНЕЦ

1. Услови за враќање

Член 145

(1) Министерството за внатрешни работи одлучува за враќање на странец на кој му се откажува или одзема законскиот престој во државата, кој незаконски престојува или се протерува од територијата на Република Македонија, согласно со одредбите од овој закон.

(2) Одлучувањето за враќање е составен дел од решенијата со кои се откажува или одзема законскиот престој на странецот, решението за враќање и решението за протерување.

(3) За решението за враќање, како и за делот од решенијата од ставот (2) на овој член кој се однесува на враќањето на странецот и правните лекови, на барање на странецот се обезбедува превод на јазик кој се смета дека странецот го разбира или може да го разбере.

(4) Во случај кога странецот незаконски ја преминал државната граница надвор од местото, времето или

начинот определени за преминување на државната граница или е фатен непосредно по незаконското преминување на државната граница, нема да се постапи согласно со ставот (3) на овој член.

Принцип на невраќање, најдобар интерес на малолетното дете, животот во семејството и здравствената состојба

Член 146

(1) Враќање на странецот се врши во согласност со принципот на невраќање, најдобриот интерес на малолетното дете и потребите на другите ранливи лица и жртви на трговија со луѓе, животот во семејството и здравствената состојба на странецот.

(2) Странецот се враќа во неговата земја на потекло, во транзитна земја согласно со договори за реадмисија или други постапки, како и во друга земја во која тој доброволно одлучува да се врати и во која ќе биде прифатен.

(3) Малолетното дете не смее да се врати во матичната држава или во друга држава која е согласна да го прифати, додека во таа држава не му се обезбедат соодветни услови за прифаќање.

(4) Малолетното дете не смее да биде вратено во друга држава каде што неговото враќање би било во спротивност со Конвенцијата за правата на децата, Конвенцијата за заштита од мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување или Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи.

(5) Во случај на откривање на непридружувано малолетно дете кое незаконски престојува на територијата на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи веднаш ги известува:

- дипломатско-конзуларното претставништво на државата чиј државјанин е, заради утврдување на членовите на неговото потесно семејство, како и
- центарот за социјална работа со цел да се определи старател согласно со закон.

(6) Непридружуваното малолетно дете од ставот (5) на овој член ќе биде сместено на локација предложена од страна на старателот, а во исклучителни случаи може да се смести во Прифатниот центар за странци во постапка утврдена со закон.

Незаконски престој

Причини за незаконски престој

Член 147

(1) Странецот незаконски престојува во Република Македонија ако не ги исполнува или повеќе не ги исполнува условите за влез и престој , односно ако:

- незаконски влезе во Република Македонија,
- престојува подолго од 90 дена во текот на 180 дена кои претходат на секој ден престој во Република Македонија, а за влез не му е потребна виза,
- нема валидна виза, доколку му е потребна согласно со визниот режим на Република Македонија,
- ја искористил визата или истекла важноста на издадената виза,
- со истекот на рокот за кој му е одобрен привремен престој во Република Македонија, а странецот во определениот рок не поднесе барање за продолжување на дозволата за привремен престој,
- не ја напушти Република Македонија во рокот кој му е определен,
- влегол во Република Македонија пред истек на забраната за влез,
- е конечно одбиен во постапката по поднесено барање за остварување право на меѓународна заштита од Република Македонија, како и лицето чие право на азил е престанато, поништено или укинато согласно со Законот за меѓународна и привремена заштита и не ја напуштил територијата на Република Македонија во определен рок согласно со закон и
- странецот кој искажал намера за поднесување на барање за признавање право на азил, ако во рок од 72 часа не поднел барање за признавање на право на азил согласно со одредбите од Законот за меѓународна и привремена заштита.

(2) Одредбата од ставот (1) алинеја 1 на овој член не се однесува на странец за кого постојат основи за сомневање дека е жртва на кривично дело „Трговија со луѓе", доколку недозволеното влегување е извршено како последица на кривичното дело „Трговија со луѓе".

(3) Одредбата од ставот (1) алинеја 1 на овој член не се однесува на странец кој побарал признавање на право на меѓународна заштита согласно со Законот за меѓународна и привремена заштита.

Надлежност за донесување решение за враќање на странецот

Член 148

(1) За враќање на странецот во случаите од членот 147 од овој закон одлучува Министерството за внатрешни работи со решение.

(2) Со решението за враќање се определува рок на доброволно враќање во кој странецот е должен да ја напушти територијата на Република Македонија согласно со членот 152 од овој закон.

(3) Со решението од ставот (1) на овој член, странецот се известува дека ако не ја напушти територијата на Република Македонија во рокот на доброволно враќање, ќе се отстрани од Република Македонија.

(4) Против решението од ставот (1) на овој член странецот може да поведе управен спор пред надлежен суд.

(5) Поведувањето управен спор пред надлежен суд од ставот (4) на овој член не го одлага извршувањето на решението за враќање.

(6) Постапката пред надлежниот суд е итна.

2. Протерување на странец

Причини за протерување

Член 149

(1) Странец може да биде протеран ако:

- со правосилна пресуда е осуден на казна затвор во траење од најмалку една година,
- претставува сериозна опасност за јавниот ред и поредок, националната безбедност или меѓународните односи на Република Македонија,
- постојат сериозни причини да се смета дека сторил тешки кривични дела, а особено кривични дела поврзани со производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори или постојат цврсти докази за неговата намера да изврши такви кривични дела на територијата на Република Македонија,
- е конечно одбиен во постапката по поднесено барање за остварување право на меѓународна заштита од Република Македонија, како и лицето чие право на азил е престанато, поништено или укинато согласно со Законот за меѓународна и привремена заштита и не ја напуштил територијата на Република Македонија во определен рок согласно со закон,
- престојува во спротивност со наведената цел и околностите на престојот,
- претставува опасност за јавното здравје или
- изврши повеќе пати повторени или потешки повреди на одредбите од овој закон.

(2) Одредбата од ставот (1) алинеја 6 на овој член нема да се применува ако болеста на странецот што претставува опасност за јавното здравје се појавила по истекот на три месеци од денот кога странецот влегол во Република Македонија.

(3) При одлучување за протерување на странецот од Република Македонија се земаат предвид должината на престојот на странецот во Република Македонија, неговата возраст, неговите лични, економски и други врски со Република Македонија и последиците што ќе произлезат од изречената мерка за него или за член на неговото потесно семејство кој законски престојува во Република Македонија.

(4) Одредбите од овој член не се применуваат на странец кој бара меѓународна заштита од Република Македонија согласно со Законот за меѓународна и привремена заштита.

Протерување на странци кои уживаат посебна заштита

Член 150

(1) Странец кој има одобрен постојан престој во Република Македонија и странец кој е брачен другар на државјанин на Република Македонија и кој престојува во Република Македонија врз основа на дозвола за привремен престој може да биде протеран од Република Македонија само, ако:

- со правосилна пресуда е осуден на казна затвор во траење од најмалку три години и
- претставува сериозна опасност за јавниот ред, националната безбедност или меѓународните односи на Република Македонија.

(2) Странецот од ставот (1) алинеја 1 на овој член, нема да се протера ако сериозноста на стореното дело и врските на странецот со Република Македонија укажуваат дека протерувањето на странецот ќе има несразмерно тешки последици за странецот или за член на неговото потесно семејство кој законски престојува во Република Македонија.

Надлежност за донесување решение

Член 151

(1) Министерството за внатрешни работи донесува решение за протерување на странецот од Република Македонија.

(2) Со решението од ставот (1) на овој член се определува рокот на доброволно враќање во кој странецот е должен да ја напушти територијата на Република Македонија согласно со членот 152 од овој закон, како и времето за кое му е забрането повторно влегување во Република Македонија, утврдено во членот 153 од овој закон.

(3) Во случај кога странецот се протерува од причини утврдени во членот 149 став (1) алинеи 2 и 3 од овој закон, надлежниот орган не е должен да ги образложи причините од кои се раководел при донесувањето на таквото решение.

(4) Со решението од ставот (1) на овој член странецот се известува дека ако доброволно не ја напушти територијата на Република Македонија во определениот рок, ќе се отстрани од Република Македонија.

(5) Против решението од ставот (1) на овој член странецот може да поведе управен спор пред надлежен суд, согласно со Законот за управните спорови.

(6) Поведувањето на управен спор пред надлежен суд од ставот (5) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

(7) Протерувањето, рокот во кој странецот е должен да ја напушти територијата на Република Македонија, како и времето за кое на странецот му е забрането повторно влегување во Република Македонија се запишуваат во патната исправа на странецот, доколку ја поседува.

Период на доброволно враќање

Член 152

(1) Периодот на доброволно враќање е помеѓу седум и триесет дена и не ја исклучува можноста за предвремено заминување на странецот.

(2) При определување на рокот во кој странецот е должен да ја напушти територијата на Република Македонија се зема предвид времето кое е потребно странецот да ги обезбеди потребните документи или финансиските средства за напуштање на Република Македонија.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, при постоење на оправдани причини (времетраење на нивниот престој, малолетни лица кои посетуваат настава и други оправдани причини), по барање на странецот, Министерството за внатрешни работи може да го продолжи периодот од ставот (1) на овој член, но не подолго од 90 дена.

(4) Во периодот на доброволно враќање, како и во случај од ставот (3) на овој член на странецот му се овозможува одржување на семејната заедница со членовите на неговото семејство кои се наоѓаат на територијата на Република Македонија, итна здравствена грижа и соодветен третман на болеста доколку ја има, задоволување на посебните потреби на ранливите лица, како и пристап до основниот образовен систем на малолетните лица во зависност од времетраењето на нивниот престој.

(5) Во случај кога постои ризик од бегство или кога странецот претставува опасност за јавниот ред, националната безбедност или меѓународните односи на Република Македонија, како и во случај на откажување на краткорочен престој, со решение може да се определи странецот да ја напушти Република Македонија во рок кој е пократок од оној што е предвиден во ставот 1 на овој член.

(6) Министерството за внатрешни работи може да ја промени одлуката од ставот (5) на овој член и дополнително да определи рок на доброволно заминување, имајќи ги во предвид специфичните околности како што се (времетраење на престој, деца кои посетуваат училиште, постоење на друго семејство, социјални врски и други).

(7) Доколку се работи за ранлива категорија на лице странец, а на кој му е определен рок за доброволно враќање согласно со ставовите (1) и (3) на овој член, истиот може да биде сместен на определено место од страна на Министерството за труд и социјална политика.

(8) На странецот на кој му е определен рок за доброволно враќање, со цел да избегне ризик од бегство, може да му се одредат обврски за редовно пријавување во Министерството за внатрешни работи, вложување на соодветна финансиска гаранција, приложување на документи или обврска да престојува на одредено место.

(9) Министерството за труд и социјална политика, преку годишна програма ќе ги предлага мерките за поддршка на процесот на доброволно враќање.

(10) Странецот на кој му е определен период на доброволно враќање може да поднесе барање за потпомагање во процесот на доброволно враќање.

(11) Рокот во кој странецот е должен да ја напушти територијата на Република Македонија се запишува во патната исправа на странецот, доколку ја поседува.

Забрана за влез

Член 153

(1) На странец кој не ја напуштил Република Македонија во периодот на доброволно враќање, на кој му е определен доброволен рок согласно со членот 152 став 5 од овој закон, на кој со решение на Министерството за внатрешни работи му е откажан краткорочниот престој или е протеран од Република Македонија, може да му биде определен временски период во кој не може да влезе во Република Македонија.

(2) Временскиот период за кој на странецот му е забрането повторно влегување во Република Македонија не може да биде подолг од пет години.

(3) Забраната за влез кога е донесено решение за протерување не може да биде пократка од шест месеци.

(4) Забраната за влез кога е донесено решение за откажување на краткорочен престој не може да биде пократка од 30 дена, ниту подолга од три месеци.

(5) По исклучок, периодот од ставот (2) на овој член може биде подолг доколку странецот претставува сериозна закана за јавниот ред, јавниот поредок или националната безбедност, во случаи утврдени со посебен закон.

(6) При одлучувањето за забраната за влез во Република Македонија се земаат предвид должината на престојот на странецот во Република Македонија, неговата возраст, неговите лични, економски и други врски со Република Македонија и последиците што ќе произлезат од изречената мерка за него или за член на неговото потесно семејство кој законски престојува во Република Македонија.

(7) Ако постојат хуманитарни или причини од интерес на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи на странецот може да му го прекине или скрати периодот за забрана за влез доколку докаже дека во целост постапил со решението од членот 151 став (2) од овој закон со цел да се олесни доброволното враќање.

(8) Во случај кога странецот поднел барање за признавање на право на азил забраната за влез ќе биде прекината, а кога му е одобрен статус на бегалец или лице под супсидијарна заштита, забраната за влез ќе биде повлечена.

(9) Барањето од ставот (7) на овој член странецот го поднесува до Министерството за внатрешни работи преку дипломатско-конзуларно претставништво на Република Македонија во странство.

(10) Забраната за влез се запишува во патната исправа на странецот, доколку ја поседува.

Отстранување

Член 154

(1) Странецот кој не ја напуштил Република Македонија во периодот на доброволно враќање или кога не е определено доброволно враќање во случаите утврдени со овој закон, се отстранува од територијата на Република Македонија.

(2) Странец на кој му е изречена казна или прекршочна санкција протерување на странец од земјата веднаш се отстранува од државата.

Спроведување на отстранување

Член 155

(1) Во случај кога е определен период на доброволно враќање, отстранувањето од членот 154 став (1) од овој закон се спроведува по истекот на тој период, освен ако во меѓувреме не настанале околностите од членот 152 став (5) од овој закон.

(2) Странец кој согласно со овој закон се отстранува од државата, полициските службеници на Министерството за внатрешни работи го спроведуваат до државната граница, го упатуваат преку граница, го предаваат на претставници на странската држава чиј државјанин е странецот или на претставници на странската држава од која дошол.

(3) Кога постојат оправдани причини за тоа, странецот со негова согласност може да биде пренесен во друга држава која не е земја на потекло (држава чиј државјанин е) или земја на транзит.

(4) При спроведување на отстранувањето потребно е да се имаат во предвид физичката состојба и менталниот капацитет на странецот.

(5) Доколку при спроведувањето на отстранувањето странецот пружи отпор и е неопходно користење средства за присилба од страна на службените лица, истите ќе бидат применети како последно средство, на пропорционален и разумен начин, согласно со закон, почитувајќи ги основните права, достоинството и физичкиот интегритет на странецот.

(6) Непридружуван малолетник се отстранува во држава во која ќе биде предаден на член на семејството, на назначен старател или во установа за прифаќање на деца.

(7) Во постапката за отстранување на странецот, Министерството за внатрешни работи може да соработува со други државни органи, надлежни органи на други држави или меѓународни организации.

Одложување на отстранувањето

Член 156

(1) Отстранувањето на странецот може да се одложи за соодветен период земајќи ги предвид специфичните околности на поединичниот случај и тоа:

- кога со него се нарушува принципот на неврашање,
- кога е нарушена физичката или здравствената состојба на странецот или
- не постои можност за транспорт при враќање на странецот.

(2) Во случаите утврдени во ставот (1) алинеи 1, 2 и 3 на овој член, Министерството за внатрешни работи на странецот му издава потврда за одложување на отстранувањето.

(3) На странецот на кој му е одложено отстранувањето може да му се одредат обврските од членот 152 став (8) од овој закон.

(4) Во периодот на одложување на отстранувањето на странецот му се овозможува одржување на семејната заедница со членовите на неговото семејство кои се наоѓаат на територијата на Република Македонија, итна здравствена грижа и соодветен третман на болеста доколку ја има, задоволување на посебните потреби на ранливите лица, како и пристап до основниот образовен систем на малолетните лица во зависност од времетраењето на нивниот престој.

Забрана за отстранување на странец

Член 157

Странец не смее да се отстрани во држава:

- во која неговиот живот или слобода би биле во опасност поради неговата раса, вера, националност, припадност на социјална група или политичко уверување или
- каде што би бил подложен на мачење, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

Привремено задржување на странец

Член 158

(1) Заради обезбедување во постапката за отстранување, странецот може да биде задржан од страна на Министерството за внатрешни работи најдолго до 24 часа.

(2) Странецот од ставот (1) на овој член веднаш се известува за причините за задржувањето и за можноста по негово барање да го информира дипломатско-конзуларното претставништво на државата чиј државјанин е, да оствари контакт со правен застапник и членови на неговото семејство.

(3) За задржувањето на непридружуван малолетно дете веднаш се известува Центарот за социјална работа и дипломатско-конзуларното претставништво на државата чиј државјанин е.

(4) Задржувањето на странецот престанува веднаш по престанувањето на причините за неговото задржување, а најдоцна до истекот на рокот определен во ставот (1) на овој член.

Сместување на странец во Прифатниот центар за странци на Министерството за внатрешни работи

Член 159

(1) За сместување на странци кои не е можно да се отстранат од територијата на Република Македонија од кои било причини во рокот утврден во членот 158 став (1) од овој закон, се формира Прифатен центар за странци на Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Прифатен центар).

(2) Во Прифатниот центар привремено може да се задржи и странец кој незаконски престојува на територија на Република Македонија, а за кој не е донесена одлука за враќање поради ризик од бегство или кога странецот ја избегнува или попречува постапката за враќање.

(3) Во Прифатниот центар привремено може да се задржи и странец за кој е одлучено да се врати, а кој не поседува валидна патна исправа поради што не може доброволно да ја напушти Република Македонија.

(4) Во Прифатниот центар може да се смести барател на право на азил, за кој е донесена одлука за ограничување на слобода на движење согласно со закон.

(5) Во посебна просторија за малолетници во рамките на Прифатниот центар се сместува и непридружуван малолетник кој од објективни причини веднаш не може да се предаде на органот на државата чиј државјанин е и за тоа се известува Центарот за социјална работа заради определување старател согласно со Законот за семејството.

(6) Во случаите од ставот (5) на овој член се почитува принципот на најдобар интерес на детето.

(7) Непридружуваните малолетни деца и семејствата со малолетни деца се задржуваат во Прифатниот центар само во краен случај и за што е можно пократок временски период.

(8) За време на сместување на странците во Прифатниот центар ќе им се овозможи вклучување во слободни и рекреативни активности соодветни на нивната возраст, правна, социјална, медицинска и психолошка помош, како и право на образование во образовните установи во Република Македонија.

Надлежност за донесување решение

Член 160

(1) За привремено задржување на странците од членот 159 од овој закон во Прифатниот центар одлучува Министерството за внатрешни работи со решение.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член, странецот може да поведе управен спор пред надлежен суд согласно со Законот за управните спорови.

(3) Поведувањето на управен спор пред надлежен суд од ставот (2) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

(4) Постапката пред надлежен суд е итна.

Времетраење на привремено задржување во Прифатен центар

Член 161

(1) Странецот привремено се задржува во Прифатниот центар до престанувањето на причините кои го оневозможиле неговото отстранување од територијата на Република Македонија, но не подолго од шест месеци.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, задржувањето може да се продолжи најдолго за уште 12 месеци, ако странецот:

- одбие да даде лични или други податоци и документи кои се потребни за негово отстранување или дал лажни податоци,
- на друг начин го спречува или пролонгира отстранувањето или
- ако оправдано се очекува доставување на патни или други документи потребни за отстранување кои се побарани од надлежни органи на други држави.

(3) Странецот од членот 159 став (3) од овој закон ќе се задржи во Прифатниот центар до добивање на валидна патна исправа од државата чиј државјанин е, односно до издавање на пасошот од членот 170 став (2) од овој закон.

(4) Странецот не смее да го напушти Прифатниот центар, освен ако постојат особено оправдани причини и за тоа му е дадена согласност од надлежниот орган.

(5) По истекот на роковите од ставовите (1) и (2) на овој член, странецот го напушта Прифатниот центар.

Член 162

Странец кој не може да се отстрани, како и странецот од членот 159 став (3) од овој закон, доколку има обезбедено сместување и средства за издржување во Република Македонија и од околностите на случајот може да се оцени дека не му е потребно сместување во Прифатниот центар, Министерството за внатрешни работи може да донесе решение со кое ќе му го ограничи движењето само во местото на престој и ќе одреди обврска за негово редовно јавување во одредени временски периоди во Министерството за внатрешни работи.

Престанок на привременото задржување во Прифатен центар

Член 163

(1) Привременото задржување на странецот во Прифатниот центар престанува:

- со отстранување на странецот,
- со истекот на рокот за кој е определно привременото задржување,
- ако престојот на странецот стане законски,
- ако е поништено решението за задржување,
- ако престанат причините поради кои е донесено решение за задржување и
- со отпуштање од Прифатниот центар.

(2) Странецот ќе се отпушти од Прифатен центар, ако:

- околностите укажуваат дека отстранувањето нема да може да се изврши и
- странецот е привремено задржан во Прифатниот центар кога не може да се утврди идентитетот согласно со членот 183 став (3) од овој закон, а по утврдување на идентитетот не е донесено ново решение за привремено задржување во Прифатен центар.

(3) Странецот може да се отпушти од Прифатен центар и во случај кога:
- отстранувањето на странецот е одложено поради нарушување на принципот на неврaќање и
- се исполнети условите од членот 162 од овој закон.

(4) За престанок на привременото задржување на странцот во Прифатниот центар одлучува Министерството за внатрешни работи со решение.

(5) Против решението од ставот (1) на овој член, странецот може да поведе управен спор пред надлежен суд согласно со Законот за управните спорови.

(6) Поведувањето управен спор пред надлежен суд од ставот (5) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

(7) Постапката пред надлежен суд е итна.

Трошоци на отстранување

Член 164

(1) Трошоците што ќе настанат со привременото задржување на странецот во Прифатниот центар, како и другите трошоци што ќе настанат со неговото отстранување ги сноси странецот.

(2) Доколку странецот нема средства, трошоците паѓаат на товар на превозникот кој го донел странецот на територијата на Република Македонија без важечка и призната патна исправа, или со патна исправа без виза или дозвола за престој, доколку се потребни.

(3) Ако трошоците не се на товар на превозникот согласно со ставот (2) на овој член, трошоците паѓаат на товар на лицето кое се обврзало дека ќе ги сноси трошоците за странецот за време на неговиот престој во Република Македонија.

(4) Во случај кога не можат да се обезбедат средства на начин определен во ставовите (1), (2) и (3) на овој член, трошоците паѓаат на товар на Буџетот на Република Македонија.

Глава VI

ПАТНИ И ДРУГИ ИСПРАВИ НА СТРАНЦИ

1. Патни исправи

Дефинирање на патна исправа

Член 165

Патни исправи во смисла на овој закон се:
- странска патна исправа и
- патна исправа за странец.

Странска патна исправа

Член 166

За странска патна исправа во смисла на овој закон се смета:
- пасош или друг патен документ издадени согласно со меѓународните стандарди од држави и меѓународни организации кои се признати и прифатени од страна на Република Македонија,
- пасош или други патни документи кои иако се издадени од држави или меѓународни организации кои не се признаени од страна на Владата на Република Македонија, гарантираат враќање на странецот и кои со акт на Владата на Република Македонија се утврдени како патни исправи кои овозможуваат влез и престој во Република Македонија,
- патна исправа за признаен бегалец, издадена согласно со Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година и Протоколот за статусот на бегалците од 1967 година и
- патна исправа за лица без државјанство, издадена согласно со Конвенцијата за лица без државјанство од 1954 година.

Услов за прифаќање на странска патна исправа

Член 167

Странската патна исправа ќе се прифати како важечка, ако:
- содржи податоци за утврдување на идентитетот на носителот, а патните исправи од членот 166 алинеи 1 и 2 од овој закон и податоци за државјанството или националноста на носителот,
- е издадена согласно со меѓународните стандарди,
- рокот на важноста е подолг за најмалку три месеци од дозволениот престој на странецот во Република Македонија,
- овозможува враќање на странецот од земјата од која потекнува или влез во трета земја и
- е целосна, не е преправана, лажна или фалсификувана.

Патна исправа за странец

Член 168

(1) Патна исправа за странец е исправа која ја издава надлежен орган на Република Македонија на странец кој законски престојува во Република Македонија.

(2) Патна исправа за странец е:
- пасош за странец,
- патен лист за странец,
- патна исправа за лице без државјанство, согласно со Конвенцијата за статус на лицата без државјанство од 1954 година и
- патна исправа за признаен бегалец, согласно со Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година и Протоколот за статусот на бегалците од 1967 година, утврдена со закон.

Барање за издавање на патна исправа за странец

Член 169

(1) Патна исправа за странец се издава на барање на странец кој наполнил 18 години живот и кој има потполна деловна способност.

(2) За малолетно дете, односно лице кое нема потполна деловна способност, барањето за издавање на патна исправа го поднесува еден од родителите, во согласност со другиот родител.

(3) Кога родителското право го врши еден од родителите, барањето за издавање на патна исправа за лице помладо од 18 години живот го поднесува родителот на кого лицето му е доверено на чување и воспитување.

(4) За барањето на странецот одлучува Министерството за внатрешни работи со решение, против кое странецот има право на жалба во рок од осум дена од приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(5) Решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

(6) Против решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен може да се поведе управен спор пред надлежен суд, согласно со Законот за управните спорови.

(7) Одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4), (5) и (6) на овој член не се однесуваат за издавање на патна исправа за бегалец.

Пасош за странец

Член 170

(1) На странец кој законски престојува во Република Македонија, а нема и не може да обезбеди важечка странска патна исправа од државата чиј државјанин е, за излегување и влегување во Република Македонија може да му се издаде пасош за странец.

(2) На странец кој треба да ја напушти територијата на Република Македонија, а нема и не може да обезбеди важечка странска патна исправа од државата чиј државјанин е, за излегување од Република Македонија може да му се издаде пасош за странец.

(3) Одредбата од ставот (1) на овој член не се однесува на странец кој има статус на бегалец согласно со Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година и Протоколот за статусот на бегалците од 1967 година.

Член 171

(1) Пасош за странец издава Министерството за внатрешни работи.

(2) На странец кој има дозвола за привремен престој во Република Македонија и кој ги исполнува условите од членот 178 од овој закон, му се издава пасош за странец со рок на важење до важноста на дозволата за привремен престој, но не подолго од една година.

(3) На странец кој има дозвола за постојан престој и кој ги исполнува условите од членот 178 од овој закон, му се издава пасош за странец со рок на важност до две години.

Член 172

(1) Пасошот за странец му овозможува на странецот влез и напуштање на Република Македонија во периодот за кој е издаден.

(2) Пасошот за странец важи за сите држави, освен за државата чиј државјанин е странецот.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, пасошот за странец може да се издаде и со важност само за одредени држави.

(4) Кога постојат особено оправдани причини, пасошот може да важи и за државата чиј државјанин е странецот.

Патен лист за странец

Член 173

(1) Патен лист за странец издава дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во странство врз основа на претходна согласност од Министерството за внатрешни работи, на странец кој е со законски престој во Република Македонија и кој во странство останал без важечката патна исправа за странец издадена од надлежен орган на Република Македонија.

(2) Исправата од ставот (1) на овој член е со важност само за враќање на странецот во Република Македонија и истата се издава со рок на важење до 30 дена.

Патна исправа за лице без државјанство

Член 174

(1) Патна исправа за лице без државјанство издава Министерството за внатрешни работи, согласно со Конвенцијата за статусот на лицата без државјанство од 1954 година.

(2) Патната исправа од ставот (1) на овој член се издава со рок на важење до една година.

(3) Патната исправа од ставот (1) на овој член може да се продолжува согласно со Конвенцијата за статусот на лицата без државјанство од 1954 година.

Патна исправа за бегалец

Член 175

(1) Патна исправа за бегалец издава Министерството за внатрешни работи, согласно Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година и Протоколот за статусот на бегалците од 1967 година утврдена со закон.

(2) Патната исправа од ставот (1) на овој член, се издава со рок на важење до две години.

(3) Патната исправа од ставот (1) на овој член, може да се продолжува согласно со Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година.

Одбивање на издавање на пасош за странец

Член 176

Пасош за странец нема да се издаде на странец:

- против кого се води кривична или прекршочна постапка, на барање од надлежен суд,
- кому му е изречена безусловна казна затвор, додека не ја издржи казната,
- кој не ги намирил имотно-правните или финансиските обврски кон Република Македонија, на барање на надлежен орган,
- за кого постои сомневање во однос на идентитетот на странецот,
- кој не може да докаже дека нема или не може да обезбеди валидна патна исправа од државата чиј државјанин е или
- ако тоа го налагаат интересите на националната безбедност или меѓународните односи на Република Македонија.

Одземање на патна исправа за странец

Член 177

(1) Патната исправа за странец се одзема кога:

- дополнително се утврди дека пред денот на издавањето на патната исправа постоеле причините од членот 135 од овој закон,
- дополнително настанат причините од членот 184 од овој закон,
- правото на престој му престане,
- странецот е протеран од Република Македонија или му е одземено правото на престој,
- патната исправа е оштетена или на друг начин станала неупотреблива,
- направена е измена или дополнување на содржината на патната исправа, без знаење на надлежниот орган,
- нема фотографија или врз основа на фотографија не може да се утврди идентитетот на странецот или
- исправата ја поседува неовластено лице.

(2) Решение за одземање на патната исправа донесува Министерството за внатрешни работи, против кое странецот има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(3) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

(4) Решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

(5) Против решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен може да се поведе управен спор пред надлежен суд, согласно со Законот за управните спорови.

Обврска за враќање на патната исправа за странец

Член 178

(1) Странецот е должен да ја врати патната исправа за странец кога ќе добие валидна патна исправа од државата чиј државјани е или кога ќе се стекне со државјанство на Република Македонија.

(2) Ако странецот не постапи согласно со ставот (1) на овој член, истата ќе му биде одземена од страна на Министерството за внатрешни работи.

2. Дипломатска, службена, конзуларна или специјална лична карта

Член 179

(1) На странец кој е член на дипломатско-конзуларното претставништво на странска држава или е член на друга странска мисија која во Република Македонија има дипломатски статус, како и на членовите на неговото потесно семејство (брачен другар и деца) се издава дипломатска, службена или конзуларна лична карта.

(2) На странец кој е член на претставништво на странска држава или на друга странска мисија, кои во Република Македонија имаат специјален статус утврден со посебна спогодба меѓу Република Македонија и странската држава, односно странската мисија, како и на членовите на неговото семејство (брачен другар и деца) им се издава специјална лична карта.

(3) Специјална лична карта од ставот (2) на овој член им се издава и на:

- странски експерт или волонтер ангажиран за реализација на проекти од јавен интерес за Република Македонија, од страна на органите на државната управа на Република Македонија или од страна на дипломатско-конзуларно претставништво на странска држава или претставништво на друга странска мисија, кое во Република Македонија има дипломатски или специјален статус,

- родител на странец кој е член на дипломатско-конзуларно претставништво на странска држава или претставништво на друга странска мисија која во Република Македонија има дипломатски или специјален статус и

- на странец кој е член на помошен персонал ангажиран од дипломатско-конзуларно претставништво на странска држава или претставништво на друга странска мисија која во Република Македонија има дипломатски статус.

(4) Дипломатската, службената, конзуларната или специјалната лична карта од ставот (1) на овој член ја издава Министерството за надворешни работи.

(5) Странецот од ставовите (1), (2) и (3) на овој член е должен да ја носи дипломатската, службената, конзуларната или специјалната лична карта со себе и истата по престанокот на неговиот статус да ја врати.

3. Пријавување на исчезната, изгубена, украдена или друго отуѓување на патна и друга исправа на странец

Член 180

(1) Исчезнување или губење, кражба или друго отуѓување на патната исправа односно исправа со која странецот го докажува својот идентитет, странецот е должен да го пријави на Министерството за внатрешни работи најдоцна во рок од 24 часа од моментот кога тоа го забележал.

(2) Министерството за внатрешни работи на странецот му издава потврда за пријавувањето во смисла на ставот (1) на овој член.

(3) Странец кој во странство ќе ја изгуби патната исправа што е издадена од Министерството за внатрешни работи, должен е тоа да го пријави во дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во странство.

(4) Во случаите од ставовите (1) и (3) на овој член, странецот е должен да ги наведе и образложи сите околности во врска со исчезнувањето, губењето, кражбата или другото отуѓување на патната исправа, односно на исправата со која го докажува идентитетот.

Глава VII

ДОКАЖУВАЊЕ НА ИДЕНТИТЕТ НА СТРАНЕЦ

Исправи за докажување на идентитет

Член 181

(1) Странецот го докажува својот идентитет со: патна исправа на државата чиј државјанин е, патна исправа за странци, дозвола за престој, дипломатска, службена, конзуларна или специјална лична карта или со друга јавна исправа која содржи фотографија од која може да се утврди неговиот идентитет.

(2) Забрането е странецот да ја даде исправата од ставот (1) на овој член на послуга на друг или да се послужи со туѓа патна исправа како со своја.

(3) Забрането е исправата од ставот (1) на овој член да се дава или зема во залог поради ненамирени обврски кон државните органи, правни или физички лица, како и за остварување на друга корист или некое право.

(4) Забрането е менување, бришење или исправање на податоците и на забелешките во исправата од ставот (1) на овој член, како и менување на фотографијата или потписот во исправата.

(5) Забрането е да се користи исправата од ставот (1) на овој член која е внесена во евиденцијата за изгубени и исчезнати исправи.

Обврска за покажување на документ за идентификација

Член 182

(1) Странецот е должен на барање на овластено службено лице на Министерството за внатрешни работи да ја покаже исправата со која го докажува идентитетот, како и да даде други информации во врска со неговиот идентитет и престој во Република Македонија.

(2) Ако постои сомнение дека утврдениот идентитет на странецот не е вистинит, странецот е должен да придонесе во разјаснувањето на неговиот идентитет, при што ќе му се овозможи да го докаже идентитетот на кој било начин.

(3) Во случај од ставот (2) на овој член, странецот ќе биде информиран дека е казниво да се даваат невистинити податоци.

Задржување на странец чиј идентитет не може да се утврди

Член 183

(1) Ако странецот одбива или не е во можност да го докаже својот идентитет, овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи со цел да го утврдат неговиот идентитет можат да го задржат странецот, но не повеќе од 12 часа.

(2) Ако во рокот од ставот (1) на овој член не може да се утврди идентитетот на странецот, овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

(3) Врз основа на решението на судот со кое на странецот му е одредена мерка „задржување на странец во Прифатниот центар", овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи го задржуваат странецот во Прифатниот центар.

(4) Странецот од ставот (1) на овој член може да биде задржан во Прифатниот центар до добивање на податоци за неговиот идентитет, за кое одлучува судот со решение.

Задржување на патна исправа за странец

Член 184

(1) Кога постојат основи за сомневање дека идентитетот на странецот не е вистински, овластено службено лице на Министерството за внатрешни работи може да ја задржи патната исправа, односно другата исправа со која странецот го докажува својот идентитет.

(2) Овластено службено лице на Министерството за внатрешни работи може да ја задржи патната исправа, односно другата исправа со која странецот го докажува својот идентитет и кога постојат основи за сомневање дека странецот сторил кривично дело за кое се гони по службена должност, односно прекршок.

(3) За задржувањето на исправата во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член, овластеното службено лице на странецот му издава потврда, а исправата заедно со барањето за поведување на прекршочна постапка, односно кривичната пријава ги поднесува до надлежниот суд.

Преглед и претрес на странец

Член 185

Ако странецот на барање на овластено службено лице на Министерството за внатрешни работи не ја покаже исправата со која го докажува идентитетот, односно премолчува или крие информации во врска со неговиот идентитет, овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи можат, согласно со закон, да извршат преглед и претрес на странецот, претрес на неговиот дом и на други простории, како и преглед на превозните средства.

Фотографирање и земање на отпечатоци

Член 186

(1) Овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи можат странецот да го фотографираат и да му земат отпечатоци од прсти, кога:

- не може да обезбеди доказ за својот идентитет, дава лажни податоци за својот идентитет или кога документите за идентитет му се фалсификувани, туѓи или неважечки,
- му се издава дозвола за престој,
- му се издава патна исправа за странец,
- е одбиен по поднесено барање за одобрување на престој,
- на територијата на Република Македонија сторил кривично дело за кое може да се изрече казна затвор,
- е протеран од Република Македонија,
- му е одземено правото на привремен или постојан престој или
- незаконски престојува во Република Македонија.

(2) Овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи можат да извршат споредување на отпечатоците од прстите на странецот од ставот (1) на овој член со постојните отпечатоци во дактилоскопските збирки.

Глава VIII

ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЖИВЕАЛИШТЕ И ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ

Обврска на странецот да го пријави престојувалиштето или живеалиштето

Член 187

(1) Странецот е должен на Министерството за внатрешни работи во тек на краткорочниот престој да го пријави престојувалиштето во Република Македонија.

(2) Престојувалиште во смисла на овој закон е место во кое странецот привремено престојува за време на неговиот краткорочен престој или за време на важењето на дозволата за привремен престој.

(3) Живеалиште во смисла на овој закон е место во кое странецот со дозвола за постојан престој се населил со намера во него постојано да живее.

Пријавување на странец со привремен или постојан престој

Член 188

(1) Странецот на кој му е одобрен привремен престој во Република Македонија должен е да го пријави престојувалиштето или промената на адресата на станот во рок од три дена од денот на преминувањето на државната граница, односно од денот на промена на адресата на станот.

(2) Странец на кој му е одобрен постојан престој во Република Македонија должен е да го пријави живеалиштето и промената на адресата на станот во рок од осум дена од денот на доаѓањето во живеалиштето, односно од денот на промената на адресата.

(3) Странецот од ставот (2) на овој член кој има намера да престојува подолго од 30 дена надвор од местото на своето живеалиште е должен да го пријави престојувалиштето во рок од три дена по доаѓањето во местото на престојувалиштето.

(4) Странецот од ставовите (1) и (2) на овој член е должен да го одјави престојувалиштето или живеалиштето во рок од 24 часа пред заминувањето.

Обврска на здравствените установи

Член 189

Здравствените установи кои го примиле странецот на лекување и за кого ќе се утврди дека болеста на странецот претставува опасност за јавното здравје се должни да го пријават лекувањето на странецот на Министерството за внатрешни работи во рок од 24 часа од приемот на странецот.

Пријавување на странец кој краткорочно престојува

Член 190

(1) Правните и физичките лица кои им даваат услуги на сместување на странците со наплата се должни да го пријават престојот на странецот на Министерството за внатрешни работи во рок од 12 часа од часот на давањето на услугата.

(2) Други лица кај кои странците престојуваат се должни да го пријават престојот на странецот во рок од 48 часа од часот на доаѓањето на странецот.

(3) Странецот кој не ги користи услугите од ставовите (1) и (2) на овој член, е должен самиот да го пријави своето престојувалиште на Министерството за внатрешни работи во рок од 48 часа од часот на преминување на државната граница, односно во рок од 48 часа да ја пријави промената на адресата на станот во местото на престојувалиштето.

(4) Одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, се однесуваат на странец кој во Република Македонија краткорочно престојува.

Евиденција за странци

Член 191

(1) Правните и физичките лица кои даваат услуги на сместување на странци со наплата се должни да водат евиденција за странците.

(2) Евиденциите од ставот (1) на овој член се заверуваат од страна на Министерството за внатрешни работи.

(3) Евиденцијата на странци се чува три години од денот на последното евидентирано престојување.

(4) Правните и физичките лица се должни на овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи да им овозможат увид во евиденцијата за странци.

Глава IX

ПОСТАПКА, ПРАВНА ПОМОШ И СУДСКА ЗАШТИТА

Член 192

(1) Кога странецот не го разбира јазикот во постапката, а против него е покренатa постапка за протерување од Република Македонија, за откажување и одземање на правото на престојот или е потребно е да ја напушти Република Македонија согласно со решение за враќање, Министерството за внатрешни работи ќе обезбеди на странецот да му се даде објаснување на јазикот што странецот го разбира.

(2) Трошоците од ставот (1) на овој член ги обезбедува Министерството за внатрешни работи.

Правна помош и судска заштита

Член 193

Кога против странецот е покренатa постапка за протерување од Република Македонија, одземање на правото на престојот или лишување од слобода или е потребно да ја напушти Република Македонија согласно со решение за враќање, странецот ќе биде известен дека има право на правна помош и судска заштита и право да контактира со претставникот на својата држава во Република Македонија.

Глава X

ЕВИДЕНЦИИ И ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ПОДЗАКОНСКИ ПРОПИСИ

Член 194

(1) Заради обезбедување на податоци за состојбата и движењето на странците, како и за документите кои им се издадени, Министерството за внатрешни работи води евиденција и тоа:

1. Евиденцијата за одобрен привремен престој кој се води во форма на регистри и ги содржат следниве рубрики:
- реден број,
- датум,
- име и презиме на странецот,
- датум на раѓање,
- место и држава на раѓање,
- државјанство,
- определен матичен број на странецот,
- вид на образование,
- брачна состојба,
- број, вид, датум,место на издавање и рок на важење на патната исправа,
- датум и место на влез во Република Македонија,
- престојувалиште, односно адреса во Република Македонија,
- промена на адреса на престојувалиште,
- причина за одобрениот привремен престој,
- број, датум и рок на важност на издадената дозвола за привремен престој и
- забелешка.

2. Евиденција за одбиени барања за привремен престој кој се води во форма на регистри и ги содржат следниве рубрики:
- реден број,
- датум,
- име и презиме на странецот,
- датум на раѓање,место и држава на раѓање,
- државјанство,
- број, вид, датум,место на издавање и рок на важење на патната исправа,
- датум на поднесување на барањето,
- законски основ, односно причина за одбивање на барањето и
- забелешка.

3. Евиденција за одобрен постојан престој кој се води во форма на регистри и ги содржат следниве рубрики:
- реден број,
- датум,
- име и презиме на странецот,
- датум на раѓање,
- место и држава на раѓање,
- државјанство,
- матичен број за странец,
- вид на образование,
- брачна состојба,
- број, вид, датум,место на издавање и рок на важење на патната исправа,
- датум и место на влез во Република Македонија,
- живеалиште во Република Македонија,
- промена на адреса на живеалиште,
- број и датум на решение за одобрен постојан престој,
- број, датум и рок на важност на издадената дозвола за постојан престој и
- забелешка.

4. Евиденција за одбиени барања за постојан престој, кој се води во форма на регистри и ги содржат следниве рубрики:
- реден број,
- датум,
- име и презиме на странецот,
- датум на раѓање,место и држава на раѓање,
- државјанство,
- матичен број за странец,
- број, вид, датум,место на издавање и рок на важење на патната исправа,
- датум на поднесување на барањето,
- законски основ, односно причина за одбивање на барањето и
- забелешка.

5. Евиденција на странци за краткорочен престој кој се води во форма на регистри, кои ги содржат следниве рубрики:
- реден број,
- датум на пријавување,
- датум на одјавување
- име и презиме на странецот,
- датум, место и држава на раѓање,
- државјанство,
- вид, број и валидност на патна исправа,
- вид, број, важност и место на издавање на визата,
- престојувалиште, односно адреса на стан во Република Македонија,
- датум и место на влез во Република Македонија и
- забелешка.

и во форма на картотеки, кој ги содржат следниве рубрики:

а) Прв дел од картотеката со наслов Пријавување и одјавување на престојувалиште, адреса во Република Македонија, кои ги содржат следниве рубрики:
- презиме и име,

- ден, месец и година на раѓање,
- место и држава на раѓање,
- вид и број на патна исправа,
- државјанство,
- вид, број, важност и место на издавање на визата,
- место и датум на преминување на границата,
- до кога може законски да престојува,
- претходно пријавено престојувалиште во Република Македонија,
- сегашно пријавено престојувалиште во Република Македонија,
- датум на пријавување,
- датум на одјавување,
- забелешка и
- потпис на подносителот.

б) Втор дел од картотеката Пријавување и одјавување на престојувалиште, адреса во Република Македонија кој гласи „ПОТВРДА“:

- презиме и име,
- ден, месец и година на раѓање,
- вид и број на патна исправа,
- адреса во Република Македонија,
- место за печат и
- потпис на службено лице.

6. Евиденција на странци со пријавено престојувалиште/живеалиште кој се води во форма на регистри и ги содржат следниве рубрики:

- реден број,
- датум на пријавување,
- име и презиме на странецот,
- датум, место и држава на раѓање,
- државјанство,
- вид и број на патна исправа,
- живеалиште, престојувалиште, односно адреса на стан во Република Македонија,
- датум и место на влез во Република Македонија,
- датум на одјавување и
- забелешка.

7. Евиденција за поднесени барања и издадени визи на граничен премин, кој се води во форма на регистри и ги содржат следниве рубрики:

- реден број,
- датум,
- име и презиме на странецот,
- датум, место и држава на раѓање,
- државјанство,
- вид, број и рок на важење на патна исправа,
- вид на издадената виза,
- причина за издавање,
- рок на важење на визата и
- забелешка.

8. Евиденција за поништени, отповикани визи, визи кои се продолжени, визи на кои им е скратена нивната важност, како и на уништени визи налепници, кој се води во форма на регистри и ги содржат следниве рубрики:

- реден број,
- датум,
- име и презиме на странецот,
- датум, место и држава на раѓање,
- државјанство,
- вид, број и рок на важење на патна исправа,
- вид и број на визата која е поништена, отповикана или продолжена,
- дипломатско-конзуларно претставништво каде е издадена визата,
- причини за поништување, односно отповикување или продолжување на визата,
- вид и број на новата виза и
- забелешка.

9. Евиденција за издадени пасоши за странци и патни исправи за лица без државјанство, кој се води во форма на регистри и ги содржат следниве рубрики:

- реден број,
- датум,
- име и презиме на странецот,
- датум, место и држава на раѓање,
- државјанство,
- матичен број за странец,
- живеалиште/престојувалиште во Република Македонија,
- причина за издавање на пасош,
- вид и број на издадениот пасош,
- рок на важење на патна исправа и
- забелешка.

10. Евиденција за одбиени барања за издавање на пасоши за странци и патни исправи за лица без државјанство кој се води во форма на регистри и ги содржат следниве рубрики:

- реден број,
- датум,
- име и презиме на странецот,
- државјанство,
- живеалиште/престојувалиште, односно адреса на станот,
- законски основ според кој барањето е одбиено,
- датум на поднесување на жалба,
- исход од жалбата,
- датум на поднесување на тужба,
- исход од тужбата и
- забелешка.

11. Евиденција за пријавени исчезнати, изгубени, украдени или на друг начин отуѓени патни и други исправи, кој се води во форма на регистри и ги содржат следниве рубрики:

- реден број,
- датум,
- име и презиме,
- датум, место и држава на раѓање,
- државјанство,
- причина за престој во Република Македонија,
- вид и број на исчезнатата патна исправа,
- начин на утврдување на идентитет и
- забелешка.

12. Евиденција за странци сместени во Прифатниот центар, кој се води во форма на регистри и ги содржат следниве рубрики:

- реден број,
- датум,
- име и презиме на странецот,
- датум, место и држава на раѓање,
- државјанство,
- вид и број на документ за идентификација,
- причина за сместување и
- забелешка.

13. Евиденција за изречени мерки кон странци и странци кои се протерани од Република Македонија, кој се води во форма на регистри и ги содржат следниве рубрики:

- реден број,
- датум,
- име и презиме,
- датум, место и држава на раѓање,
- државјанство,
- вид и број на патна исправа,
- причини за престој во Република Македонија,
- законски основ,
- рок во кој странецот е должен да ја напушти Република Македонија,
- време за кое му е забрането влегување во Република Македонија и
- забелешка.

14. Евиденција на странци на кои им е откажан краткорочниот престој во Република Македонија, кој се води во форма на регистри и ги содржат следниве рубрики:
- реден број,
- датум,
- име и презиме на странецот,
- датум на раѓање,
- место и држава на раѓање,
- државјанство,
- вид и број на патна исправа,
- рок на важење на патна исправа,
- причина за откажување на краткорочниот престој,
- рок за доброволно напуштање на Република Македонија,
- рок за забрана за повторно влегување во Република Македонија и
- забелешка.

15. Евиденција на странци на кои им е одземен привремениот/постојаниот престој во Република Македонија, кој се води во форма на регистри и ги содржат следниве рубрики:
- реден број,
- датум,
- име и презиме,
- датум, место и држава на раѓање,
- државјанство,
- број на патна исправа,
- рок на важење на патна исправа,
- матичен број за странец,
- причина за престој во Република Македонија,
- законски основ за одземање на престојот,
- рок на напуштање,
- забрана и
- забелешка.

16. Евиденција на странци на кои им е издадено решение за враќање, кој се води во форма на регистри и ги содржат следниве рубрики:
- реден број,
- датум,
- име и презиме,
- датум, место и држава на раѓање,
- државјанство,
- вид и број на патна исправа,
- причини за престој во Република Македонија,
- законски основ за враќање,
- рок во кој странецот е должен да ја напушти Република Македонија,
- време за кое му е забрането влегување во Република Македонија и
- забелешка.

17. Евиденција на странци на кои им е одбиен влез во државата, кој се води во форма на регистри и ги содржат следниве рубрики:
- реден број,
- датум,
- име и презиме,
- датум, место и држава на раѓање,
- вид, број, датум, место на издавање и рок на важење на патна исправа,
- причина за одбивање на влез и
- забелешка.

18.Евиденција на странци на кои се земени отпечатоци од прсти кој се води во форма на регистри и ги содржат следниве рубрики:
- реден број,
- име и презиме на странецот,
- датум, место и држава на раѓање,
- пол,
- вид, број, датум, место на издавање и рок на важење на патната исправа,
- причина за земање на отпечатоци од прсти и
- забелешка.

19. Евиденции кои ги водат правните и физичките лица кои даваат услуги на сместување на странци со наплата, кој се води во форма на регистри и ги содржат следниве рубрики:
- реден број,
- име и презиме,
- датум на раѓање,
- место и држава на раѓање,
- државјанство,
- вид и број на патна исправа и
- вид и број на дозвола за престој.

(2) Министерството за надворешни работи води евиденција за:
- поднесени барања за издавање на визи издадени, поништени и отповикани визи и уништени визни налепници кои ги содржат податоците утврдени во членот 49 од овој закон,
- издадени патни листови за странци во кои се содржани следниве податоци: презиме, име, пол, државјанство, датум на раѓање, место на раѓање, живеалиште и адреса, единствен матичен број, датум на издавање, орган кој го издава, важност, вид, код и број на патен лист за странец,
- издадени дипломатски службени, конзуларни или специјални лични карти, која содржи податоци носителот на личната карта и тоа име и презиме, пол, ден, месец и година на раѓање, место на раѓање, вид и број на патна исправа, функција,адреса на станот и назив на странското дипломатско или конзуларното претставништво, односно меѓународната организација и
- склучени договори со надворешни даватели на услуги за визи и издадени акредитации на трговски посредници за визи ги содржи следниве податоци: број и датум на склучен договор со надворешен давател на услуги за визи, рок на важност на договорот, име презиме и функција на потписниците на договорот, назив и седиште на странското правно лице надворешен давател на услуги за визи, односно трговскиот посредник, број и датум на издадена лиценца, назив дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во кое трговскиот посредник ќе ги доставува поднесените барања за визи, име и презиме, датум на раѓање, број на пасош и државјанство на претставникот на трговскиот посредник овластен за поднесување на барања за визи, времетраењето на акредитацијата, име презиме и функција на потписникот на акредитацијата.

(3) Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи имаат пристап до евиденциите кои се водат од нивна страна, на начин утврден со подзаконски пропис.

(4) Податоците од евиденциите за одобрен привремен престој и одбиени барања за негово одобрување се чуваат пет години по истекот на важноста на одобрениот привремен престој, односно од поднесеното барање.

(5) Податоците од евиденциите за одобрен постојан престој и одбиени барања за негово одобрување се чуваат десет години од престанокот на постојаниот престој, односно од поднесеното барање.

(6) Податоците од евиденциите за пријавено престојувалиште/живеалиште се чуваат пет години од одјавувањето, односно по истекот на пријавата за престојувалиште, односно живеалиште.

(7) Податоците од евиденциите за краткорчен престој се чуваат пет години од одјавувањето, односно по истекот на рокот за краткорочен престој.

(8) Податоците од евиденциите за поништени, отповикани визи, визи кои се продолжени, визи на кои им е скратена нивната важност, како и на уништени визи налепници, се чуваат пет години од извршеното поништување, отповикување, продолжување, односно скратување на нивната важност.

(9) Податоците од евиденциите за поднесени барања и издадени визи на граничен премин се чуваат пет години од денот на нивното издавање.

(10) Податоците од евиденциите за издадените, односно одбиените барање за издавање на патни и други исправи се чуваат десет години од нивното издавање.

(11) Податоците од евиденциите за пријавени исчезнати, изгубени, украдени или на друг начин отуѓени патни и други исправи се чуваат две години од нивното пријавување за исчезнати, изгубени, украдени или на друг начин отуѓени.

(12) Податоците за изречени мерки (безбедносни и заштитни мерки, откажување краткорочен престој, одземање привремен или постојан престој, решение за враќање, протерување, одбивање влез) се чуваат пет години од истекот на рокот за кој била изречена мерката.

(13) Податоците од евиденциите за странци сместени во Прифатниот центар се чуваат пет години од престанокот на нивниот престој во Прифатниот центар.

Член 195

Државни органи можат да ги користат податоците од евиденциите од членот 194 од овој закон доколку за тоа имаат правен интерес, за што одлучува Министерството за внатрешни работи, односно Министерството за надворешни работи.

Член 196

(1) Министерот за внатрешни работи ќе донесе подзаконски прописи за:

- начинот на одобрување и одбивање на влез, одобрување и продолжување на привремен престој и одобрување на постојан престој, откажување и одземање на престој, враќање, протерување и отстранување на странец, пријавување и одјавување на живеалиште и престојувалиште на странец, како и за начинот на водење и користење на податоците од евиденциите од членот 194 став (1) од овој закон,

- формата и содржината на образецот на: решението за одбивање влез на странец во Република Македонија, решението за откажување краткорочен престој, барањето за издавање/продолжување на привремен престој, решението за одобрување привремен престој, дозволата за привремен престој, решение за продолжување привремен престој, потврдата за престој во Република Македонија до донесување на одлука за продолжување на привремениот престој, решението за одбивање барање за одобрување/продолжување привремен престој, решението за одземање привремен престој, барање за одобрување постојан престој, дозволата за постојан престој, решението за одбивање постојан престој, решение за одземање постојан престој, барање за замена на дозвола за престој, решение за враќање, решението за протерување на странец од Република Македонија, решение за привремено задржување на странец во Прифатниот центар за странци на Министерството за внатрешни работи, решението за ограничување на движењето на странец само во местото на престој, штембилот за протерување, штембил за откажување краткорочен престој, штембил за одземање привремен/постојан престој, образец за согласноста што ја дава Министерството за внатрешни работи за странецот за престој надвор од Република Македонија подолго од 12 месеци при постојан престој и образец на потврдата за престој во Република Македонија до донесување на одлука за одобрување на привремениот престој,

- формата и содржината на образецот со кој се пријавува или одјавува живеалиштето или престојувалиштето на странецот, како и образецот на картотеката пријавување и одјавување на престојувалиште, адреса во Република Македонија како и на образецот за евиденцијата на странци што ја водат правните лица и поединци кои на странците им даваат услуги за сместување и

- куќниот ред на Прифатниот центар.

Член 197

(1) Министерот за внатрешни работи во согласност со министерот за надворешни работи ќе донесе подзаконски прописи за:

- начинот на издавање на патни и други исправи за странец,

- начинот на пријавување на исчезнати, изгубени, украдени или друго отуѓување на патни и други исправи на странец,

- формата и содржината на образецот на патната и на друга исправа за странец, како и на образецот на барањето за нивно издавање и

- начинот на водење на евиденција и користење на податоците од евиденцијата за издадени патни и други исправи на странец.

Член 198

Министерот за труд и социјална политика ќе донесе подзаконски пропис за начинот на издавање на мислењето од членот 83 став (2) од овој закон.

Член 199

(1) Министерот за надворешни работи во согласност со министерот за внатрешни работи, ќе донесе подзаконски прописи за:

- начинот на издавање визи за странци, поништување и отповикување на визи, продолжување, скратување на нивната важност, како и уништување на визната налепница и

- формата и содржината на образецот на визната налепница, образецот за поднесување на барање за издавање виза, образецот за издавање виза во случај кога патната исправа не е признаена од страна на Република Македонија, како и на образецот за одбивање, поништување и отповикување на визата.

(2) Министерот за надворешни работи ќе донесе подзаконски прописи за:

- начинот на водење евиденција и користење на податоците од евиденциите од членот 194 став (2) од овој закон,

- формата и содржина на образецот на акредитацијата за соработка со трговски посредници,

- начинот на избор на надворешен давател на услуги,

- начинот на постапување и дистрибуирање на обрасците за визи и

- начинот на работа и функционирање на Н-ВИС.

(3) Министерството за надворешни работи, согласно со членот 166 став (1) алинеја 1 од овој закон, објавува Листа на пасоши и други патни документи издадени согласност меѓународните стандарди, а кои се издадени од држави и меѓународни организации кои се признаени и прифатени од страна на Република Македонија или од специјални административни региони и субјекти и територијални власти кои не се признаени како држави.

(4) Министерот за надворешни работи согласно со членот 166 став (1) алинеја 2 од овој закон објавува Листа на пасоши или други патни документи издадени од држави и меѓународни организации или од специјални административни региони и субјекти и територијални власти кои не се признаени како држави, а чии патни документи не се признаени и прифатени од страна на Република Македонија.

(5) Владата на Република Македонија на предлог на Министерството за надворешни работи, во соработка со Министерството за внатрешни работи, согласно со членот 25 став (2) од овој закон, донесува Листа на држави од чиишто државјани се бара да поседуваат аеродромска транзитна виза кога поминуваат меѓународна транзитна зона на аеродромите во Република Македонија (Виза А).

(6) Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за надворешни работи донесува уредба за определување на држави чии државјани мора да поседуваат виза кога ја преминуваат границата на Република Македонија и на оние држави чии државјани се изземени од таа обврска (Визен режим на Република Македонија).

Глава XI

ИНТЕГРИРАНА БАЗА ЗА СТРАНЦИ, ВКЛУЧУВАЈЌИ ПОДАТОЦИ ЗА АЗИЛ, МИГРАЦИИ И ВИЗИ

1. Воспоставување и функционирање

Воспоставување

Член 200

(1) Во Министерството за внатрешни работи се воспоставува Интегрирана база на податоци за странци вклучувајќи податоци за азил, миграции и визи (во натамошниот текст: Базата).

(2) Базата претставува интегриран информационен систем кој овозможува обработка и користење на податоците меѓу надлежни органи, со цел евидентирање на состојбите во врска со влезот, движењето и престојот на странците во Република Македонија по различни основи утврдени со закон.

Содржина на Базата

Член 201

(1) Базата содржи податоци за:
- странецот,
- членовите на потесното семејство на странецот,
- лицето кај кого престојува странецот,
- специфични податоци за постапките во кои се обработуваат податоците содржани во Базата и
- податоци за документите што произлегуваат од постапките во кои се обработуваат податоците содржани во Базата.

(2) Во Базата можат да се обработуваат само следниве лични податоци за странецот: единствен број на странец; единствен матичен број за странец; име, презиме, моминско презиме, средно име, татково име и име на мајка; пол; државјанство; датум на раѓање; место на раѓање во странство; поштенски код на место на раѓање во странство; место на раѓање во Република Македонија; држава на раѓање; занимање; образование; е-меил адреса; телефон за контакт; брачен статус; датум на склучување на брак; место на склучување на брак; вработување; живеалиште/престојувалиште пред доаѓање во Република Македонија; поштенски код на живеалиште/престојувалиште пред доаѓање во Република Македонија; престојувалиште, држава, улица и број; место на престој или живеалиште во Република Македонија; документи за идентификација; тип на патна исправа, држава која ја издала патната исправа, број на патната исправа, датум на издавање на патната исправа и важност на патна исправа и воена служба-година, воена служба-род и воена служба-место.

(3) Во Базата можат да се обработуваат само следниве лични податоци за членовите на потесното семејство на странецот: единствен број на странецот - носител; семејно сродство со странецот - носител; во брак со странецот - носител; единствен број на странец; единствен матичен број; име, презиме, моминско презиме, средно име, татково име и име на мајка; пол; државјанство; датум на раѓање; место на раѓање во странство; место на раѓање во Република Македонија; држава на раѓање; занимање; образование; брачен статус; живеалиште/престојувалиште пред доаѓање во Република Македонија; поштенски код на живеалиште/престојувалиште пред доаѓање во Република Македонија; престојувалиште, држава, улица и број; место на престој или живеалиште во Република Македонија и тип на патна исправа, држава која ја издала патната исправа, број на патна исправа, датум на издавање на патната исправа и важност на патната исправа.

(4) Во Базата можат да се обработуваат само следниве лични податоци за лицето кај кого престојува странецот: единствен број на странецот - носител; семејно сродство со странецот - носител; во брак со странецот - носител; единствен матичен број; име, презиме, моминско презиме, средно име, татково име и име на мајка; пол; државјанство; датум на раѓање; место на раѓање во странство; место на раѓање во Република Македонија; држава на раѓање; занимање; образование; брачен статус и улица, број и место на престој или живеалиште во Република Македонија.

(5) Податоците од ставот (1) на овој член се обработуваат во постапките за привремен престој во согласност со условите за издавање на дозвола за привремен престој на странец, односно одземање на правото на привремен престој на странец во Република Македонија согласно со закон; постапките за постојан престој во согласност со условите за издавање на дозвола за постојан престој на странец, односно одземање на правото на постојан престој на странец во Република Македонија согласно закон; постапките за државјанство; влез, односно напуштање на територијата на Република Македонија; постапките за реадмисија и илегална миграција; постапките за издавање или продолжување на виза; постапките за издавање, односно продолжување на работните дозволи согласно со прописите за вработување и работа на странци; постапките за добивање и престанок на правото на меѓународна заштита согласно закон, како и за волонтирање согласно со прописите за волонтерството.

Надлежни органи за обработка и користење на податоци од Базата

Член 202

(1) Обработка на податоци од Базата вршат следниве надлежни органи:
1) Министерството за внатрешни работи;
2) Министерството за надворешни работи;
3) Министерството за труд и социјална политика и
4) Агенцијата за вработување на Република Македонија.

(2) Податоците од Базата можат да се даваат на користење на Државниот завод за статистика за нивна обработка согласно со закон.

Обработка на лични податоци

Член 203

(1) Личните податоци што се внесуваат во Базата можат да се обработуваат согласно со целите утврдени со закон и согласно со прописите за заштита на личните податоци.

(2) Личните податоци што се вклучени во процесите на обработка се бришат веднаш во случаите кога ќе се утврди дека не се точни или престанале причините, односно условите поради кои личниот податок е вклучен во тие процеси.

(3) Личните податоци содржани во Базата од нивното внесување, сé до нивното бришење можат да се даваат на користење под услови и во постапка утврдени со закон и со прописите за заштита на личните податоци.

Одржување на Базата

Член 204

(1) Министерството за внатрешни работи ја одржува Базата, согласно со закон и прописите за заштита на личните податоци.

(2) Надлежните органи од членот 202 став (1) точки 2, 3 и 4 од овој закон се должни да определат овластено лице за администрирање на базите на податоци што ги водат согласно со закон, со цел за успешно функционирање на Базата.

(3) Начинот на одржување на Базата, како и меѓусебните односи на надлежните органи од членот 202 од овој закон во процесот на одржување на Базата, ги уредува Владата на Република Македонија.

2. Обработка на податоците во базата

Пристап до Базата

Член 205

(1) На лицата вработени во надлежните органи може да им биде доделен пристап до Базата, ако работат на работни места за кои е утврдена потреба од обработка на податоците од Базата согласно со нивните акти за систематизација на работните места.

(2) На лицата им се одзема пристапот, ако:

- повеќе не работат на работни места за кои е утврдена потреба за обработка на податоците од Базата,
- неовластено ги обработуваат податоците од Базата или
- не ги применуваат техничките и организациските мерки за безбедност на Базата.

(3) Начинот на доделување на пристапот, нивоата на пристапот, поблиските критериуми според кои се утврдува нивото на пристапот, времетраењето на пристапот, начинот за утврдување на престанување и за одземање на пристапот до податоците во Базата ги уредува Владата на Република Македонија.

Одговорност за квалитетот на податоците

Член 206

(1) Надлежните органи се одговорни за квалитетот на податоците во Базата и за нивната вистинитост и точност.

(2) Лицата вработени во надлежните органи се должни веднаш да ги внесат податоците во Базата утврдени во членот 201 од овој закон.

(3) Само надлежниот орган што ги внел податоците може да ги дополни, измени или избрише податоците што се нецелосни, неточни или неажурирани.

(4) Во случај кога надлежните органи во Базата внеле различни податоци за исто лице, ќе се консултираат меѓусебно за да се утврди вистинитоста и точноста на податоците.

Начин на обработка и рокови на чување на податоците во Базата

Член 207

(1) Податоците во Базата се обработуваат автоматски или на друг начин и исклучиво за целите утврдени со закон.

(2) Податоците во Базата се чуваат за период неопходен за остварување на целите за кои податоците се собрани, но најмногу до рокот утврден со закон.

(3) Кога ќе се утврди дека целта поради која податоците се внесени во Базата е исполнета, односно кога ќе се утврди дека причините поради кои податоците се внесени во Базата престанале, истите веднаш се бришат или уништуваат од Базата од страна на надлежниот орган од членот 202 од овој закон.

Обврска за чување на тајна

Член 208

Лицата вработени во надлежните органи на кои им е доделен пристап до Базата се должни да ги чуваат како тајна податоците до кои дошле во својата работа како за време на нивниот работен однос во надлежните државни органи, така и по неговото престанување, а кои претставуваат лични податоци согласно со закон.

Права на субјектот на лични податоци

Член 209

(1) Секој субјект на лични податоци има право на пристап, исправка или бришење на неговите лични податоци содржани во Базата.

(2) Субјектот од ставот (1) на овој член правото на пристап, исправка или бришење на неговите лични податоци содржани во Базата го остварува под услови и во постапка утврдени со закон.

(3) По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, на субјектот на лични податоци нема да му се обезбеди право на пристап до податоците, доколку тоа е неопходно за спречување и откривање кривични дела, односно кога тоа е неопходно за заштита на субјектот на лични податоци или на правата и слободите на други лица.

3. Безбедност на податоците во базата

Член 210

(1) Надлежните органи се должни да ги преземат сите неопходни технички и организациски мерки согласно со закон, за да обезбедат заштита, односно безбедност на податоците кои ги обработуваат во Базата.

(2) Обезбедувањето на тајност, заштита и безбедност на податоците содржани во Базата го уредува Владата на Република Македонија.

Глава XII

КАЗНЕНИ И ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Кривични дела

Помагање на странец при недозволен влез и транзит

Член 211

(1) Тој што ќе му помогне на странец недозволено да влезе во Република Македонија или да помине преку територијата на Република Македонија спротивно на одредбите предвидени со овој закон ќе се казни за кривично дело помагање на странец при недозволен влез и транзит со казна затвор до една година или со парична казна.

(2) Тој што кривичното дело од ставот (1) на овој член ќе го стори со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист ќе се казни со казна затвор најмалку три години.

(3) Ако при вршењето на кривичното дело од ставот (2) на овој член е загрозен животот на странецот или делото е сторено во состав на група, банда или друго здружение создадено за вршење на такво дело, сторителот ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(4) Обидот за кривичното дело од ставовите (1) и (2) на овој член е казнив.

(5) Ако кривичното дело од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член го стори правно лице ќе се казни со парична казна, а за кривичното дело од ставовите (2) и (3) на овој член на правното лице покрај паричната казна ќе му се изрече и привремена забрана за вршење одделна дејност или трајна забрана за вршење одделна дејност.

(6) Превозните средства употребени за извршување на делото се одземаат.

Помагање на странец при незаконит престој

Член 212

(1) Тој што со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист ќе му помогне на странец да престојува во Република Македонија спротивно на одредбите од овој закон ќе се казни за кривично дело помагање на странец при незаконит престој со казна затвор најмалку три години.

(2) Обидот за кривичното дело од ставот (1) на овој член е казнив.

(3) Ако кривичното дело од ставот (1) на овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна и ќе му се изрече и привремена забрана за вршење одделна дејност или трајна забрана за вршење одделна дејност.

(4) Превозните средства употребени за извршување на делото се одземаат.

Прекршоци

Член 213

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:

1) на територијата на Република Македонија донесе или одбие да одведе странец кој нема валидна патна исправа или друг документ пропишан за преминување на државната граница, валидна виза или дозвола за престој, доколку се потребни или одбие да ги сноси трошоците на неговото враќање, привремено задржување и присилно отстранување (член 16);

2) задржи исправа на странец во залог заради ненамирени обврски или остварување на друга корист или право (член 181 став (3));

3) не го пријави во пропишаниот рок приемот на странецот на лекување за кого ќе се утврди дека болеста претставува опасност за јавното здравје (член 189);

4) не го пријави престојот на странецот во пропишаниот рок (член 190 став (1));

5) не води или неуредно ја води евиденцијата за странци или ако не ја чува три години од денот на последното евидентирано престојување (член 191 ставови (1) и (2)) и

6) не им овозможи на овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи да извршат увид во евиденцијата за странци (член 191 став (4)).

(2) На правното лице од ставот (1) точка 1 на овој член ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење дејност, согласно со Законот за прекршоците.

(3) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

Член 214

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно со Законот за прекршоците.

Член 215

(1) Глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лице кое врши самостојна дејност давање услуги на сместување, ако:

1) задржи исправа на странец во залог заради ненамирени обврски или остварување на друга корист или некое право (член 181 став (3));

2) не го пријави престојот на странецот во определен рок (член 190 став (1));

3) не води или неуредно води евиденција за странци или ако не ја чува три години од денот на последното евидентирано престојување (член 191 ставови (1) и (2)) и

4) не им овозможи на овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи да извршат увид во евиденцијата на странци (член 191 став (4)).

(2) Глобата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече и на приватен работодавач кој професионално се занимава со превоз на патници, ако на територијата на Република Македонија донесе или одбие да одведе странец кој нема важечка и призната патна исправа со виза или со дозвола за престој, доколку се потребни или одбие да ги сноси трошоците за негово враќање, привремено задржување и присилно отстранување (член 16).

(3) На приватниот работодавач од ставот (2) на овој член може да му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Член 216

(1) Глоба во износ од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице, кое:

1) ќе задржи исправа на странец во залог заради ненамирени обврски или остварување на друга корист или право (член 181 став (3));

2) во исправата изврши менување, бришење или исправање на податоците и на забелешките, како и менување на фотографијата или потписот на исправата (член 181 став (4));

3) користи исправа која е внесена во евиденција за изгубени и исчезнати исправи (член 181 став (5)) и

4) во определениот рок не го пријави престојот на странецот (член 190 став (2)).

Член 217

(1) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на странецот, ако:

1) незаконски влезе во република Македонија (член 10 став (1));

2) престојува во Република Македонија во спротивност со наведената цел и причини на престојот (членови 23 став (3), 67 став (4) и 71 став (3));

3) во издадената виза ги избрише или ги промени податоците (член 42 став 4);

4) не ја напушти Република Македонија во рокот што му е определен (членови 70 став (2), 127 став (2), 137 став (2), 148 став (2) и 151 став (2));

5) се движи и престојува на одредено подрачје на кое е ограничено или забрането движење или престој на странци (член 144);

6) незаконито престојува во Република Македонија (член 147);

7) го напушти Прифатниот Центар за странци без согласност на надлежниот орган (член 161 став (4));

8) својата исправа ја даде на послуга на друг или се послужи со туѓа исправа како со своја (член 181 став (2));

9) својата исправа ја даде во залог заради ненамирени обврски кон државните органи, правни или физички лица, или заради остварување на друга корист или право (член 181 став (3));

10) во исправата изврши менување, бришење или исправање на податоците и на забелешките, како и менување на фотографијата или потписот на исправата (член 181 став (4));

11) користи исправа која е внесена во евиденцијата за изгубени и исчезнати исправи (член 181 став (5));

12) на барање на овластено службено лице на Министерството за внатрешни работи одбива да ја покаже исправата со која го докажува својот идентитет, како и одбива да даде информации во врска со неговиот идентитет и престој (член 182 став (1)) и

13) на барање на овластено службено лице на Министерството за внатрешни работи не може да го докаже својот идентитет (член 182 став (2)).

(2) За прекршоците од ставот (1) на овој член на странецот може да му се изрече и прекршочна санкција протерување странец од земјата.

Член 218

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на странец кој:

1) нема да се јави во Министерството за внатрешни работи во рок од пет дена од денот на влегувањето во Република Македонија за издавање дозвола за привремен престој (член 27 став (4));

2) не носи со себе важечка дозвола за престој (член 141);

3) не поднесе барање за замена на дозволата за престој согласно со членот 142 од овој закон;

4) не ја врати издадената дозвола за престој (член 143);

5) не ја врати патната исправа за странец кога ќе добие важечка патна исправа од државата чиј државјанин е или кога ќе се стекне со државјанство на Република Македонија (член 178 став (1));

6) не пријави исчезната, загубена, украдена или на друг начин отуѓена патна исправа, односно исправата со која го докажува идентитетот (член 180 став (1));

7) не го пријави односно одјави престојувалиштето, живеалиштето или промената на адресата во пропишаниот рок согласно со членот 188 од овој закон и

8) не го пријави, односно одјави престојувалиштето и промената на адресата на странецот согласно со членот 190 став (3) од овој закон.

Член 219

Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во овој закон ја води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

Глава XIII

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 220

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 12 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 221

Националниот визен информациски систем (Н-ВИС) кој е воспоставен и Прифатниот центар за странци на Министерството за внатрешни работи кој е формиран со Законот за странците („Службен весник на Република Македонија“ број 35/2006, 66/2007, 117/2008, 92/2009, 156/10, 158/11, 84/12, 13/13, 147/13, 148/15 и 217/15) ќе продолжат да работат согласно со овој закон.

Член 222

Постапките започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно со одредбите од Законот за странците („Службен весник на Република Македонија“ број 35/2006, 66/2007, 117/2008, 92/2009, 156/10, 158/11, 84/12, 13/13, 147/13, 148/15 и 217/15).

Член 223

Исправите издадени согласно со прописите кои важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат да важат до истекот на рокот на важење наведен во истите.

Член 224

Со денот на започнување на примената овој закон престанува да важи Законот за странците („Службен весник на Република Македонија“ број 35/2006, 66/2007, 117/2008, 92/2009, 156/10, 158/11, 84/12, 13/13, 147/13, 148/15 и 217/15).

Член 225

Одредбите од членовите 11, 17, 18, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64 и 65 од овој закон престануваат да важат со денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската Унија.

Член 226

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по една година од денот на неговото влегување во сила.

LIGJ PËR TË HUAJ ([*])

Kreu I

DISPOZITA TË PËRGJITHSHME

Lënda e ligjit

Neni 1

Me këtë ligj rregullohen kushtet për hyrje, dalje, lëshim, qëndrim, kthim të të huajve me qëndrim të paligjshëm, si dhe të drejtat dhe detyrat e të huajve në Republikën e Maqedonisë.

Përkufizimi i nocioneve

Neni 2

Shprehje të veçanta të përdorura në këtë ligj e kanë domethënien si vijon:

1) **"I huaj"** është personi i cili nuk është shtetas i Republikës së Maqedonisë dhe personi pa shtetësi, përkatësisht personi të cilin asnjë shtet me plotfuqishmëri të ligjit të vet nuk e llogarit si shtetas të vetin;

2) **"Mbrojtës"** është i huaj i cili ligjërisht qëndron në Republikën e Maqedonisë dhe parashtron kërkesë për bashkim familjar;

3) **"Qëndrim ligjor"** është qëndrimi i të huajit në bazë të lejes së lëshuar nga organi kompetent i Republikës së Maqedonisë me të cilën i lejohet të huajit ligjërisht të qëndrojë në territorin e saj;

4) **"I mitur i pashoqëruar"** është i huaji i cili është deri në moshën 18 vjet jetë dhe i cili ka hyrë në Republikën e Maqedonisë pa shoqërim të prindit ose kujdestarit, përkatësisht pas arritjes në Republikën e Maqedonisë ka mbetur pa shoqërimin e tyre;

5) **"Persona të cenuar"** janë të mitur, të mitur të pashoqëruar, persona me invaliditet, persona të moshuar, shtatzëna, prind vetmbajtës me fëmijë të mitur ose persona të cilët kanë qenë lëndë e torturës, dhunimit ose formave tjera serioze të dhunës psikike, fizike ose seksuale;

6) **"Mbrojtje ndërkombëtare"** është statusi i refugjatit ose statusi i personit nën mbrojtje subsidiare në pajtim me ligj;

7) **"Rrezik për shëndetin publik"** është secila sëmundje me potencial të rritet në epidemi siç është përkufizuar në rregullat shëndetësore ndërkombëtare të Organizatës Shëndetësore Botërore dhe sëmundje tjera infektuese ose sëmundje të shkaktuara nga parazitët, nëse janë lëndë e dispozitave mbrojtëse që zbatohen nga organi kompetent në periudhë të caktuar;

8) **"Leje për qëndrim"** është secila leje e lëshuar nga organi kompetent i Republikës së Maqedonisë me të cilën i lejohet të huajit ligjërisht të qëndrojë në territorin e saj;

9) **"Qëndrim afatshkurtër"** është qëndrimi i të huajit me vizë ose pa vizë, në kohëzgjatje jo më të gjatë se 90 ditë në cilën do periudhë prej 180 ditësh, ndërsa e cila periudhë i paraprin çdo dite të qëndrimit, nëse me këtë ligj ose me marrëveshje të ratifikuar ndërkombëtare nuk është përcaktuar ndryshe;

10) **"Qëndrim i përkohshëm"** është qëndrimi i cili i lejohet të huajit i cili ka për qëllim të qëndrojë në Republikën e Maqedonisë në pajtim me këtë ligj;

11) **"Qëndrim i përhershëm"** është qëndrimi i cili i lejohet të huajit i cili më së paku pesë vjet para parashtrimit të kërkesës për lejimin e qëndrimit të përhershëm pa ndërprerë ka qëndruar në territorin e Republikës së Maqedonisë në bazë të qëndrimit të përkohshëm të lejuar, nëse me këtë ligj nuk është përcaktuar ndryshe;

12) **"Dokument udhëtimi i vlefshëm"** është dokument udhëtimi afati i vlefshmërisë i të cilit nuk ka kaluar dhe i cili nuk është i rrejshëm, i ndryshuar ose falsifikuar;

13) **"Vizë"** është leja për hyrje dhe qëndrim afatshkurtër ose transit e të huajit që e lëshon organi kompetent i Republikës së Maqedonisë;

14) **"Regjim i vizave i Republikës së Maqedonisë"** është lista e shteteve shtetasit e të cilëve në mënyrë të detyrueshme duhet të posedojnë vizë kur e kalojnë kufirin e Republikës së Maqedonisë dhe atyre shteteve shtetasit e të cilave janë liruar nga ai obligim;

15) **"Anëtar i ekipit të mjetit të aviacionit"** është person i cili posedon leje për pilot ose certifikatë përkatësisht vërtetim për anëtar të ekipit në pajtim me Aneksin 9 nga Konventa për aviacion ajror civil prej 7.12.1944;

16) **"Lundrues detar, person detar në transit ose marinar"** është personi i cili është bartës i librezës detare ose dokumentit tjetër i cili pranohet si dokument për identifikim të lundruesve detarë, në pajtim me dispozitat nga marrëveshjet ndërkombëtare;

17) **"Sistemi informativ nacional i vizave"** (në tekstin e mëtutjeshëm: S-INV) është bazë elektronike informative për pranim, shkëmbim, përpunim dhe rruajtje të të dhënave në procedurat për lëshimin e vizave;

18) **"Punë e të huajve"**, është punësimi, punësimi sezonal dhe puna e të huajit i cili është punëtor i udhëzuar;

19) **"Vendim për kthim"** është aktvendimi të cilin e miraton Ministria e Punëve të Brendshme, me të cilin përcaktohet qëndrimi i paligjshëm i të huajit dhe i caktohet obligimi për lëshimin e Republikës së Maqedonisë;

20) **"Dëbim"** është vendimi për kthim sipas pikës 19 të këtij neni, i shoqëruar me ndalim për hyrje;

21) **"Ndalim për hyrje"** është masa e cila i shqiptohet të huajit nga Ministria e Punëve të Brendshme, me të cilën caktohet periudha kohore në të cilën ai nuk mund të hyjë në Republikën e Maqedonisë;

22) **"Kthim në mënyrë vullnetare"** është periudha e caktuare me vendimin për kthim, në të cilën i huaji është i detyruar, në mënyrë të pavarur ose me ndihmë, ta lëshojë territorin e Republikës së Maqedonisë;

---

[*] Rregullativa (BE) numër 399/2016 nga Parlamenti Evropian dhe e Këshillit prej 9 mars 2016 për vendosjen e Kodit të Bashkësisë për rregullat të cilat e rregullojnë mënyrën e lëvizjes së personave nëpërmjet kufijve (Kodeksi kufitar i Shengenit), OJ L 23.3.2016, p.1 CELEX numër 32016R0399; Direktiva e Këshillit 2001/51/BE prej 28 qershor 2001 për plotësimin e dispozitave të nenit 26 nga Konventa për zbatimin e Marrëveshjes nga Shengen prej 14 qershor 1985 CELEX numër: 32001L0051; Rregullativa (BE) numër 810/2009 e Parlamentit Evropian dhe e Këshillit prej 13 korrik 2009 për vendosjen e Kodeksit për viza të Bashkësisë (Kodeks për viza), OJ L 243, 15.9.2009 p. 1 CELEX numër 32009R0810; RREGULLATIVA E KËSHILLIT (BE) numër 333/2002 prej 18 shkurt 2002 për format të unifikuar të formularëve për vendosjen e vizave, të dhëna nga ana e vendeve-anëtare, personave bartës të dokumenteve rrugore të cilat nuk janë pranuar nga ana e vendit-anëtarë i cili e përpunon formularin, Official Journal L 053, 23/02/2002 P. 0004 – 0006 CELEX numër 32002R0333; Direktiva 2003/109/BE e Këshillit prej 25 nëntor 2003 për statusin e shtetasve të vendeve të treta të cilët janë banorë me qëndrim afatgjatë të ndryshuar me Direktivën 2011/51/BE e Parlamentit Evropian dhe e Këshillit prej 11 maj 2011 CELEX numër 32003L0109 dhe 32011L0051; Direktiva 2003/86/BE e Këshillit prej 22 shtator 2003 për të drejtën e bashkimit familjar CELEX numër 32003L0086; Direktiva 2009/50/8KE e Këshillit prej 25 maj 2009 për kushtet për hyrje dhe qëndrim të shtetasve të vendeve të treta për shkak të punësimit të kualifikuar të lartë CELEX numër 32009L0050: Direktiva 201/98/BE / BE e Parlamentit Evropian dhe e Këshillit prej 13 dhjetor 2011 për procedurë të vetme për aplikim për leje të vetme për qëndrim dhe punë në territorin e vendit-anëtar për shtetas të vendeve të treta dhe mbi përmbledhjen e përbashkët të të drejtave për punëtorë nga vendet e treta të cilët në mënyrë legale qëndrojnë në vend-anëtarë. CELEX numër 32011L0098; Direktiva 2014/36/BE e Parlamentit Evropian dhe e Këshillit prej 26 shkurt 2014 për kushtet për hyrje dhe qëndrim të shtetasve të vendeve të treta për shkak të punësimit si punëtorë sezonalë CELEX numër 32014L0036; Direktiva 2014/66/BE e Parlamentit Evropian dhe e Këshillit prej 15 maj 2014 për kushtet për hyrje dhe qëndrim të shtetasve të vendeve të treta në kuadër të transferit ndërmjet ndërmarrjeve; CELEX numër 32014L006; Direktiva 2016/801/BE e Parlamentit Evropian dhe e Këshillit prej 11 maj 2016 për kushtet për hyrje dhe qëndrim të shtetasve të vendeve të treta për hulumtim, studim, trajnim, shërbime vullnetare, skema për shkëmbimin e nxënësve ose projekte dhe programe arsimore për Au Pair. CELEX numër 32016L0801; Direktiva 2008/115/KE nga Parlamenti Evropian dhe Këshilli prej 16 dhjetor 2008 për standarde të përbashkëta dhe procedura në vendet-anëtare për kthimin e shtetasve të vendeve të treta të cilët në mënyrë jolegale qëndrojnë CELEX numër 32008L0115

23) **"Largim"** është zbatim i obligimit për kthimin e të huajit përkatësisht lëshimin e territorit të Republikës së Maqedonisë;

24) **"Rrezik nga arratisja"** është ekzistimi i shkaqeve në raste individuale që janë bazuar në kritere objektive, të cilat sugjerojnë në atë se i huaji i cili është lëndë e procedurës për kthim mund të ikë;

25) **"Nxënës"** është i huaji i cili është i regjistruar në institucion arsimor të vendit me qëllim që të ndjekë mësim të programit mësimor të lejuar për arsim fillor dhe të mesëm i cili i përshtatet nivelit 1, 2 ose 3 të Klasifikimit standard ndërkombëtar të arsimit, në kontekst të programit për shkëmbim të nxënësve ose projekt arsimor i menaxhuar nga institucioni arsimor, në pajtim me ligj;

